Влада на Република Северна Македонија

Министерство за енергетика рударство и минерални суровини

КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА
ФОРМУЛАР ЕУ-МК

CELEX Број на прописот на ЕУ: 32019L0944

Наслов и број на Службен весник на Европската унија: ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2019/944 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ ОД 5 ЈУНИ 2019 ГОДИНА ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРАВИЛА ЗА ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТИВАТА 2012/27/ЕУ
Службен Весник на Европската унија L 158/125

Наслов на прописот на ЕУ на англиски јазик: DIRECTIVE (EU) 2019/944 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL OF 5 JUNE 2019 ON COMMON RULES FOR THE INTERNAL MARKET FOR ELECTRICITY AND AMENDING DIRECTIVE 2012/27/EU

Official Journal of the European Union L 158/125

Измени на прописот на ЕУ: /

	Назив на националните правни прописи во кои се транспонира прописот на ЕУ (кратенка)	ЕПП бр. на националните правни прописи	Дали е нацрт пропис или донесен пропис (доколку е донесен пропис се пополнува	Број на Службен весник на Република Северна Македонија	Забелешка

			последната колона)	(бр./година со 4 цифри)	
1	Закон за трговските друштва (ЗТД)	2020.0400.8160	Донесен пропис	„Службен весник на Република Македонија“ број 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18 и 239/18 и „Службен весник на Република	

				Северна Македонија“ број 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24)	
2	Предлог на Закон за енергетика (ПЗЕ)	2019.0400.7894	Нацрт пропис		

Датум на изработка: 20.03.2025

Верзија: 1

Одговорно лице: *Валентина Старделова*

1	2	3	4	5	6	7	8	9
Број на член	Член	Наслов на националниот правен пропис (кратенка на националниот правен пропис)	Број на член на националниот правен пропис	Член на националниот правен пропис	Дали е целосно усогласен (потполно, делумно, не се транспонира, не е релевантно за РСМ, дискрециона одредба)	Ако не е целосно усогласен, како ќе се изврши транспонирањето	Планиран рок за целосно усогласување	Забелешка

Член 1 став 1	Со оваа директива се утврдуваат заедничките правила за производство, пренос, дистрибуција, складирање енергија и снабдување со електрична енергија, заедно со одредбите за заштита на потрошувачите, заради создавање на навистина интегрирани конкурентни, флексибилни, правични и транспарентни пазари на електрична енергија во Унијата кои се насочени кон потрошувачите.	ПЗЕ	Член 1	Со овој закон се уредуваат: 1. целите и начинот на спроведување на енергетската политика; 2. енергетските дејности и начинот и условите за нивно вршење; 3. правата и обврските на потрошувачите на енергија и корисниците на енергетските системи; 4. постапката за утврдување и исполнување на обврските за обезбедување на јавна услуга во снабдувањето со електрична енергија, гас и топлинска енергија; 5. сигурност и безбедност во снабдувањето со енергија; 6. статусот,надлежноста и начинот на работа на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија; 7. услови и начин на пристап и приклучување на системи за пренос и дистрибуција на енергија; 8. изградбата на енергетски објекти;	Потполно усогласен			

				9. пазарите на електрична енергија, гас, топлинска енергија, како и пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и 10. други прашања од областа на енергетиката.				
Член 1 потстав 1.1	Користејќи ги предностите на интегрираниот пазар, оваа директива има за цел да обезбеди достапни, транспарентни цени за енергијата и трошоци за потрошувачите, висок степен на сигурност на снабдувањето и непречен премин кон одржлив, нискојаглероден енергетски систем. Таа ги утврдува клучните правила што се однесуваат на уредувањето и функционирањето на електроенергетскиот сектор на Унијата, особено правилата за оснажување и заштита на потрошувачите, за отворен пристап до интегрираниот пазар, за пристапот на третите страни до инфраструктурата за пренос и дистрибуција, барањата за раздвојување и правилата за	ПЗЕ	Член 2 точки 1 и 2	Целта на овој закон е да се обезбеди: 1. сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија на потрошувачите; 2. ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, кој што обезбедува високо ниво на сигурност и квалитет во снабдувањето со енергија.	Потполно усогласен			

	независност на регулаторните тела во земјите членки.							
Член 1 потстав 1.2	Со оваа директива, исто така, се утврдуваат и начините на соработка помеѓу земјите членки, регулаторните тела и операторите на преносните системи во насока на создавање на целосно меѓусебно поврзан внатрешен пазар на електрична енергија кој ги зголемува интеграцијата на електричната енергија од обновливи извори, слободната конкуренција и сигурноста на снабдувањето.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори	
Член 2 точка 1	„купувач“ е големопродажен или краен купувач на електричната енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 92	„купувач” е лице кое купува енергија за сопствени потреби или за натамошна продажба.	Потполно усогласен			

Член 2 точка 2	„големопродажен купувач“ е физичко или правно лице кое купува електрична енергија за потребите на препродажба во или надвор од системот каде што лицето е основано;	ПЗЕ	Член 3 точка 93	„купувач на големо” е физичко или правно лице кое купува електрична енергија заради препродажба во или надвор од системот каде што е основано;	Потполноу согласен			
Член 2 точка 3	„краен купувач“ е купувач кој купува електрична енергија за сопствена употреба;	ПЗЕ	Член 3 точка 90	„краен потрошувач“ е потрошувач кој купува електрична енергија, гас или топлинска енергија за сопствени потреби;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 4	„домаќинство купувач“ е купувач кој купува електрична енергија за сопствената потрошувачка на домаќинството на купувачот, без комерцијални или професионални активности;	ПЗЕ	Член 3 точка 44	„домаќинство“ е краен потрошувач кој купува електрична енергија, гас или топлинска енергија само за своите потреби како домаќинство, без да ги користи за професионални или комерцијални цели;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 5	„купувач кој не е од категоријата домаќинство“ е физичко или правно лице кое купува електрична енергија која не е наменета за употреба во сопственото домаќинство, вклучувајќи ги и производителите, индустриските купувачи, малите и средни претпријатија, деловните субјекти и големопродажните купувачи.	ПЗЕ	Член 3 точка 151	„потрошувач“ е купувач на големо или краен потрошувач на електрична енергија, гас или топлинска енергија;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 6	„микропретпријатие“ е претпријатие кое вработува помалку од 10 лица и чиј годишен обрт и/или вкупниот годишен биланс на состојба не надминува два милиона ЕУР;	ЗТД	Член 470 став (4)	(4) За микро трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми: 1) просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа да е до десет работници и 2) бруто приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 ЕВРА во денарска противвредност	Потполно усогласен			

Член 2 точка 7	„мало претпријатие“ е претпријатие кое вработува помалку од 50 лица и чиј годишен обрт и/или вкупниот годишен биланс на состојба не надминува десет милиони ЕУР;	ЗТД	Член 470 став (5)	(5) Мал трговец е трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа: 1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници и 2) годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, или 3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.	Потполно усогласен			
Член 2 точка 8	„активен купувач“ е краен купувач или група крајни купувачи кои настапуваат заедно, кој троши или складира електрична енергија произведена во сопствени простории што се наоѓаат во затворени граници или, доколку земјите членки го допуштаат тоа, во други простории, или кој	ПЗЕ	Член 3 точка 5	„активен потрошувач" е краен потрошувач или група крајни потрошувачи кои дејствуваат заеднички и кои користат или складираат електрична енергија произведена во нивните производни постројки лоцирани на ограничено подрачје или кои самостојно ја продаваат	Потполно усогласен			

	продава електрична енергија од сопствено производство или учествува во програмите за флексибилност или за енергетска ефикасност, под услов овие активностите да не претставуваат негова примарна комерцијална или професионална дејност;			произведената електрична енергија или учествуваат во механизмите за обезбедување флексибилност на системот или шеми за енергетска ефикасност, при што овие дејности не ја претставуваат неговата регистрирана приоритетна дејност;				
Член 2 точка 9	„пазарите на електрична енергија“ се пазари за електрична енергија, вклучувајќи ги и неберзанските пазари и берзите на електрична енергија, пазарите за тргување со енергијата, капацитетите, со услугите за урамнотежување и со помошните услуги во сите временски рамки, вклучително и термински пазари, пазари за еден ден однапред, и пазарите во рамките на еден ден;	ПЗЕ	Член 3 точка 134	„пазар на електрична енергија“ е пазар на електрична енергија на големо кој вклучува пазар на билатерални договори и организирани пазари или берзи на електрична енергија, на кои се тргува со енергија, моќност, балансна енергија или системски услуги, во сите временски рамки кои вклучуваат долгорочни пазари, пазари ден-однапред и пазари во тековниот ден;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 10	„учесници на пазарот“ се учесници на пазарот како што се дефинирани во точка (25) од член 2 на Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 223	„учесник на пазарот“ е лице кое купува и/или продава, директно или преку посредник, електрична енергија или гас на еден или повеќе пазари, вклучително и пазари на балансна енергија и системски услуги, кое произведува електрична енергија или гас, кое тргува или снабдува со електрична енергија или гас или кое троши електрична енергија или гас за свои потреби, кое е ангажирано во агрегација или кое нуди услуги на складирање на енергија или гас или управување преку побарувачката или е оператор на услуги за одговор на побарувачката или складирање енергија, вклучително и преку поставување налози за тргување;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 11	„граѓанска енергетска заедница“ е правно лице кое: (а) се заснова на доброволно или отворено учество и ефективно го контролираат членовите или сопствениците на уделите кои се физички лица, локалните власти,	ПЗЕ	Член 3 точка 30	„граѓанска енергетска заедница“ е правно лице, кое се заснова на доброволно и отворено учество и ефективно го контролираат членовите или сопствениците на уделите кои се физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје (во	Потполно усогласен			

	вклучително и општините, или мали претпријатија; (б) како своја примарна цел има обезбедување на еколошки, економски или социјални придобивки за своите членови или сопственици на удели или во локалното подрачје каде што дејствува, наместо да остварува финансиски профит; и (в) може да се вклучи во производство, вклучително и од обновливи извори, дистрибуција, снабдување, потрошувачка, агрегација, складирање енергија, услуги за енергетска ефикасност или услуги на полнење на електрични возила или обезбедуваат други енергетски услуги за своите членови или сопственици на удели.			натамошниот текст: единици на локалната самоуправа) или правни лица согласно Законот за трговските друштва, кои споделуваат заеднички приклучок на електродистрибутивната или електропреносната мрежа. Како своја примарна цел има обезбедување на еколошки, економски или социјални придобивки за своите членови или сопственици на удели или за локалното подрачје каде што дејствува. Може да се вклучи во производството на електрична енергија, вклучително и од обновливи извори на енергија, во продажбата, дистрибуцијата во рамките на опфатот на граѓанската енергетска заедница, снабдувањето, потрошувачката, агрегацијата, складирањето на енергија, услугите за енергетска ефикасност или услугите на полнење на електрични возила или да обезбедува други енергетски услуги за своите членови или сопственици на удели;				

Член 2 точка 12	„снабдување“ е продажба, вклучително и препродажба, на електричната енергија на купувачи;	ПЗЕ	Член 3 точка 195	„снабдување со електрична енергија и гас “ е продажба, вклучително и препродажба на електрична енергија и гас на купувачите;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 13	„договор за снабдување со електрична енергија“ е договор за снабдување со електрична енергија, но не ги вклучува дериватите на електричната енергија;		Член 3 точка 41	„договор за снабдување со електрична енергија“ е договор за снабдување со електрична енергија, кој не ги вклучува дериватите на електричната енергија;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 14	„деривати на електрична енергија“ се финансиски инструменти наведени во точка (5), (6) или (7) од Дел В од Анекс I кон Директивата 2014/65/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот , кога тој инструмент се однесува на електричната енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 34	„деривати за електрична енергија/гас” се финансиски инструменти како што се опции, фјучерси, свопови, договори однапред и други деривативни договори, коишто можат да се намират во готово, физички или преку признати клириншки куќи, со цел да се заштитат учесниците на организираниот пазар на	Потполно усогласен			

				електрична енергија/гас од можни флуктуации на цените;				
Член 2 точка 15	„договор за динамично одредување на цената на електричната енергија“ е договор за снабдувањето со електрична енергија помеѓу снабдувачот и крајниот купувач кој ја одразува варијацијата на цените на прометните пазари, вклучително и пазарите за еден ден однапред и пазарите во рамките на еден ден, во интервали кои се барем еднакви на зачестеноста на порамнување на пазарот;	ПЗЕ	Член 3 точка 42	„договор за снабдување со електрична енергија со динамична цена“ е договор за снабдување со електрична енергија помеѓу снабдувач и потрошувач кој ја одразува промената на цените на организираниот пазар на електрична енергија, во временски период најмалку еднаков на времето на порамнување на пазарот;	Потполно усогласен			

Член 2 Точка 16	„надомест за раскинување на договорот“ е надомест или казна што на купувачите им ја изрекуваат снабдувачите или учесниците на пазарот кои се занимаваат со агрегирање поради раскинување на договор за снабдување со електрична енергија или услуга;				Не се транспонира	Ќе се транспонира со донесување на друг подзаконски акт од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	
Член 2 Точка 17	„надомест за менување на снабдувачот“ е надомест или казна за менување на снабдувачите или на учесниците на пазарот кои се занимаваат со агрегирање, вклучително и надоместоци за раскинување на договорот, кои директно или индиректно им се изрекуваат на купувачите од страна на снабдувачите, учесниците на пазарот кои се занимаваат со агрегирање или операторите на системот;	ПЗЕ	Член 176 ставови (5), (6) и (7)	(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, снабдувачот со електрична енергија може да наплати надоместок за економска загуба, ако потрошувачот едностранo и предвремено го раскине договорот за снабдување со определено времетраење и со фиксна цена, а раскинувањето не било поради неисполнување на обврските од страна на снабдувачот, при што надоместокот бил предвиден со договорот и потрошувачот бил претходно запознаен со можноста за плаќање на надоместокот.	Потполно усогласен			

				(6) Надоместокот од ставот (5) на овој член, треба да биде сразмерен и да не ја надмине директната економска загуба на снабдувачот што произлегува од раскинувањето на договорот, вклучително и трошоците за инвестиции или услуги поврзани со снабдувањето, кои веќе му биле обезбедени на потрошувачот како дел од договорот за снабдување, при што товарот за докажување на директната економска загуба е на снабдувачот или агрегаторот вклучувајќи ги и трошоците за какви било инвестиции или услуги кои се веќе обезбедени на потрошувачот како дел од договорот. Потрошувачот има право да достави приговор до Регулаторната комисија за енергетика во однос на пресметаниот надоместок од ставот (5) на овој член. (7) Условите од договорот за снабдување кои се однесуваат на надоместокот од ставот (5) на овој член, ги следи Регулаторната				

				комисија за енергетика. Товарот на докажување на директната економска загуба го сноси снабдувачот или учесникот на пазарот.				
Член 2 точка 18	„агрегација“ е функција којашто ја врши лице кое го комбинира оптоварувањето од повеќе потрошувачи или произведената електрична енергија од повеќе производители заради купување, продажба или наддавање на кој било пазар на електрична енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 3	„агрегација“ е функција којашто ја врши физичко или правно лице, кое ја комбинира потрошувачката од повеќе потрошувачи и/или произведената електрична енергија од повеќе производители за продажба, купување, или аукција на кој било пазар на електрична енергија.	Потполно усогласен			
Член 2 Точка 19	„независен агрегатор“ е учесник на пазарот кој се занимава со агрегација, а кој не е поврзан со снабдувачот на купувачот;				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите членки на ЕУ

Член 2 точка 20	„управување со потрошувачката“ е промена на оптоварувањето на електричната енергија кај крајните купувачи во однос на нивните вообичаени или моментални обрасци на потрошувачка во одговор на пазарните сигнали, вклучително и во одговор на цената на електричната енергија која зависи од времето, или стимулации во вид на плаќања, или во одговор на прифаќањето на понудата на крајниот купувач за продажба на намалувањето или зголемување на побарувачката по цена на уредените пазари, како што е дефинирано во точка (4) од член 2 на Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) бр. 1348/2014 , самостојни или преку агрегирање;	ПЗЕ	Член 3 точка 220	„управување преку побарувачка" е промена во побарувачката на електрична енергија односно гас од страна на крајните потрошувачи во однос на нивната вообичаена или тековна шема на побарувачка како одговор на пазарните сигнали, вклучително и како одговор на временските променливи цени на електрична енергија односно гас или стимулативните плаќања, или како одговор на прифаќањето на понудата на крајниот потрошувач да ја намали или да ја зголеми потрошувачката на електрична енергија односно гас, независно или преку агрегација;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 21	„пресметковни информации“ се информации што се прикажуваат на сметката на крајниот купувач, освен барање за плаќање;	ПЗЕ	Член 185 став (4) точка 2	(4)Регулаторната комисија за енергетика во правилата за снабдување со електрична енергија поблиску ги уредува обврските на снабдувачот во врска	Потполно усогласен			

				со фактурите за потрошената електрична енергија и тоа: 2. начин на изготвување на пресметката содржана во фактурата, особено во случај кога пресметката не е изготвена согласно реалната потрошувачка;				
Член 2 точка 22	„конвенционално броило“ е аналогно или електронско броило без способност да праќа или да прима податоци;	ПЗЕ	Член 3 Точка 80	„конвенционален мерен уред“ е аналоген електромагнетен или електронски уред без способност за испраќање или прием на податоци;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 23	„паметен мерен систем“ е електронски систем кој е способен да ја мери електричната енергија што се внесува во мрежата или електричната енергија што се потрошила од мрежата, кој дава повеќе информации одошто конвенционалното броило, и кој е способен да праќа и да прима податоци заради информирање, следење и контрола, користејќи	ПЗЕ	Член 3 точка 140	.„паметен мерен систем“ е дигитален електронски систем кој овозможува независно мерење на електричната енергија испорачана во мрежата кој дава повеќе информации за потрошувачката и/или производството од конвенционалниот мерен уред и кој врши самостојно испраќање и прием на податоци наменети за информирање, надгледување и	Потполно усогласен			

	некој облик на електронска комуникација:			управување со приклучокот користејќи медиум за електронски комуникации;				
Член 2 точка 24	„интероперабилност“ е, во контекст на паметно броило, способноста на две или повеќе енергетски или комуникациски мрежи, системи, уреди, апликации или компоненти заемно да дејствуваат заради размена и употреба на информации со цел да се извршат потребните функции;	ПЗЕ	Член 3 точка 73	„интероперабилност“ е способност на електроенергетска или комуникациска мрежа, систем, уред, апликација или компонента да размену информации со друг таков објект со цел да ги извршат бараните функции или да им овозможат пристап на корисниците до потребните информации;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 25	„период на пресметка на отстапувањето“ е период на пресметка на отстапувањето како што е дефиниран во точка (15) од член 2 од Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 141	„период за порамнување“ е најкраткиот временски период за кој се пресметува дебалансот на балансно одговорните страни;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 26	„речиси во реално време“ е, во контекст на паметното мерење, краток временски период, обично во секунди или во рамките на периодот на пресметка на отстапувањето на националните пазари;	ПЗЕ	Член 3 точка 157	157„приближно реално време во контекст на паметни мерни системи“ е краток временски период, вообичаено искажано во минути, до периодот на порамнување на дебалансите на пазарот на електрична енергија;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 27	„најдобрите расположливи техники“ се, во контекст на заштита и безбедност на податоците во окружување на паметното мерење, најефективните, најнапредните и практично најпогодените техники за обезбедување, начелно, на основа за сообразување со правилата за заштита и безбедност на податоците на Унијата;	ПЗЕ	Член 3 точка 106	106. „најдобри достапни техники“ се најефективните, напредните и практично применливите техники за обезбедување на заштита и безбедност на податоците во согласност со прописите за заштита на податоците;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 28	„дистрибуција“ е транспорт на електричната енергија преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски дистрибутивни системи заради испорачување на купувачите, но не вклучува снабдување;	ПЗЕ	Член 3 точка 38	„дистрибуција на електрична енергија“ е пренесување и испорака на електрична енергија преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски електродистрибутивни мрежи и управување со електродистрибутивниот систем на определено подрачје, не	Потполно усогласен			

				вклучувајќи снабдување со електрична енергија;				
Член 2 точка 29	„оператор на дистрибутивниот систем“ е физичко или правно лице кое е одговорно за работењето, обезбедување на одржувањето и, доколку е потребно, развивање на дистрибутивниот систем во одредено подрачје и, каде што е применливо, неговите интерконекции со другите системи, и за обезбедување на долгорочната способност на системот да ги исполнува разумните барања за дистрибуција на електричната енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 121	„оператор на електродистрибутивен систем“ е друштво коешто врши дејност дистрибуција на електрична енергија и управува со електродистрибутивниот систем во Република Северна Македонија и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електропреносниот систем, како и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на електрична енергија;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 30	„енергетска ефикасност“ е сразмерот помеѓу остварената успешност, услугите, добрата или енергијата и потрошената енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 55	„енергетска ефикасност“ е сооднос помеѓу остварениот корисен учинок и внесот на енергија за остварување на тој корисен учинок;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 31	„енергија од обновливи извори“ или „обновлива енергија“ е енергијата од обновливи нефосилни извори, имено, ветар, сончева енергија (сончева термална и сончева фотонапонска) и геотермална енергија, енергија од околината, енергија од приливот, брановите и друга океанска енергија, хидроенергија, биомаса, гас добиен од отпадот, гас добиен од пречистување на канализациските води и биогас;	ПЗЕ	Член 3 точка 117	„обновливи извори на енергија“ се обновливи нефосилни извори на енергија како што се: ветерна енергија, соларна енергија (соларна термална и соларна фотонапонска), геотермална енергија, амбиентална енергија, хидроенергија, биомаса, биогас, депониски гас и гас од пречистителни станици, гориво добиено од преработен отпад и цврсто гориво добиено со преработка на отпад кој ги исполнуваат критериумите за обновлив извор на енергија;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 32	„дистрибуирано производство“ се постројки за производство кои се поврзани со дистрибутивниот систем;	ПЗЕ	Член 3 точка 36	36. „дистрибуирано производство“ е производство на електрична енергија од електроцентрали приклучени на електродистрибутивен систем;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 33	„пункт за полнење“ е интерфејс кој е способен во дадено време да полни по едно електрично возило или да заменува батерија на едно електрично возило;	ПЗЕ	Член 3 точка 207	„станица за полнење“ е уред за полнење на едно електрично возило во дадено време или замена на батеријата на електрично возило;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 34	„пренос“ е транспорт на електричната енергија преку многу високонапонски и високонапонски меѓусебно поврзани системи заради испорачување на крајните купувачи или дистрибутерите, но не вклучува снабдување;	ПЗЕ	Член 3 точка 155	„пренос на електрична енергија“ е пренесување на електрична енергија преку електропреносен систем и управување со електроенергетскиот систем заради испорака на електричната енергија и не вклучува снабдување со електрична енергија;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 35	„оператор на преносниот систем“ е физичко или правно лице кое е одговорно за работењето, обезбедување на одржувањето и, доколку е потребно, развивање на преносниот систем во одредено подрачје и, каде што е применливо, неговите интерконекции со другите системи, и за обезбедување на долгорочната способност на системот да ги исполнува разумните барања за пренос на електричната енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 122	„оператор на електропреносен систем“ е друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија, и е одговорно за сигурна и стабилна работа на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електроенергетските системи на соседните држави;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 36	„корисник на системот“ е физичко или правно лице кое снабдува во или се снабдува од преносниот систем или дистрибутивниот систем;	ПЗЕ	Член 3 точка 88	„корисник на системот“ е производител на електрична енергија, краен потрошувач, оператор на складиште, агрегатор, снабдувач, трговец и други оператори на системите;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 37	„производство“ е производство на електричната енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 164	„производство” е производство на електрична енергија;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 38	„производител“ е физичко или правно лице кое произведува електрична енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 166	„производител на електрична енергија“ е лице кое врши енергетска дејност - производство на електрична енергија и е регистрирано во трговскиот регистар во Република Северна Македонија, како и друго правно лице кое е регистрирано во регистарот на други правни лица во Република Северна Македонија и произведува електрична енергија;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 39	„интерконектор“ е опремата што се користи за поврзување на електроенергетските системи;	ПЗЕ	Член 3 точка 72	„интерконективен вод“ е вод за електрична енергија односно цевковод за гас вклучувајќи ја и припадната опрема и постројки, со кој електропреносниот систем, односно системот за пренос за гас на Република Северна Македонија се поврзува со соодветниот	Потполно усогласен			

				преносен систем на соседна држава;				
Член 2 точка 40	„меѓусебно поврзан систем“ се неколку преносни и дистрибутивни системи кои се заедно поврзани со помош на еден или повеќе интерконектори;	ПЗЕ	Член 3 точка 146	„поврзан електропреносен систем“ е систем од два или повеќе електропреносни и/или електродистрибутивни системи меѓусебно поврзани со еден или повеќе интерконективни водови;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 41	„директен вод“ е или вод на електрична енергија кој поврзува локација на изолирано производство со изолиран купувач или вод на електрична енергија кој поврзува производител и претпријатие за снабдување со електрична енергија заради директно снабдување на сопствените простории, подружници и купувачи;	ПЗЕ	Член 3 точка 35	„директен вод“ е електроенергетски вод или гасовод кој поврзува изолиран производен објект со складиште и/или изолиран потрошувач, или овозможува производител или снабдувач директно да ги снабдува своите простории, подружници или потрошувачи;.	Потполно усогласен			

Член 2 точка 42	„мал изолиран систем“ е секој систем чија потрошувачка во 1996 година изнесуваше помалку од 3.0000 GWh, при што помалку од 5% од годишната потрошувачка се добива преку заемна поврзаност со другите системи;				Не е релевантно за РСМ			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија
Член 2 точка 43	„мал поврзан систем“ е секој систем чија потрошувачка во 1996 година изнесуваше помалку од 3.0000 GWh, при што повеќе од 5% од годишната потрошувачка се добива преку заемна поврзаност со другите системи;				Не е релевантно за РСМ			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија

Член 2 точка 44	„оптоварување“ е оптоварување како што е дефинирано во точка (4) од член 2 на Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 66	„загушување во електропреносен систем“ е состојба во електропреносниот систем во која не може да се пренесе целиот физички проток побаран од учесниците на пазарот на електрична енергија за реализација на трговија со електрична енергија, поради неможноста на одделни елементи на мрежата да го овозможат протокот;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 45	„урамнотежување“ е урамнотежување како што е дефинирано во точка (10) од член 2 на Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 11	„балансирање" се сите активности и постапки преку кои во секое време операторот на електропреносниот систем ја одржува фреквенцијата на системот во претходно утврден опсег на стабилност и врши усогласување со количината на резерви во однос на потребниот квалитет односно операторот на системот за пренос на гас ја одржува рамнотежата на системот преку промена на протокот на гасот во или надвор од системот во рамки на претходно утврдени граници на стабилност, со исклучок	Потполно усогласен			

				на активности и постапки кои се поврзани со гасот кој е преземен од страна на корисниците на системот и гасот кој се користи за управување на системот;				
Член 2 точка 46	„енергија на урамнотежување“ е енергија на урамнотежување како што е дефинирана во точка (11) од член 2 на Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 13	„балансна енергија” е енергија што ја користи операторот на системот за пренос за да изврши балансирање;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 47	„субјект одговорен за отстапување“ е субјект одговорен за отстапување како што е дефиниран во точка (14) од член 2 на Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 15	„балансно одговорна страна” е учесник на пазарот на електрична енергија или пазарот на гас, или негов избран претставник, кој презема балансна одговорност и доставува физички распореди (номинации) за балансната група во согласност со нивните меѓусебни договорни обврски, и е одговорен за дебалансите кон операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на гас;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 48	„помошна услуга“ е услугата неопходна за работењето на преносниот или дистрибутивниот систем, вклучувајќи ги и помошните услуги за урамнотежување и нефреквенциските помошни услуги, но не вклучувајќи го управувањето со оптоварувањата;	ПЗЕ	Член 3 точка 149	149. „помошна услуга за електрична енергија “ е услуга неопходна за функционирање на систем за пренос или дистрибуција, вклучувајќи ги и услугите за балансирање и системските услуги кои не се користат за регулација на фреквенција, но не вклучувајќи го и управувањето со загушувањата;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 49	„нефреквенциски помошни услуги“ се услуги што ги користи операторот на преносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем заради контрола на напонот во стационарна состојба, инјектирањето на јалова струја со брзо дејство, тромавоста за обезбедување на стабилноста на локалната мрежа, струјата на краток сој, способноста за црн старт и способноста за островски погон;		Член 3 точка 191	.„ системски услуги кои не се користат за регулација на фреквенција (анг. non-frequency ancillary service)“ е услуга што ја користи оператор на системот за пренос или оператор на дистрибутивен систем за стабилна контрола на напонот, брзо вбризгување на реактивна струја, инерција за локална мрежа, стабилност, струја на куса врска, способност за самостојно пуштање во погон и способност за работа во островски режим која се однесува на операторот на електропреносниот систем;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 50	„регионален координативен центар“ е регионален координативен центар како што е утврдено согласно со член 35 од Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 3 точка 176	„Регионален координативен центар“ е регионално тело за координирање на активностите на операторите на електропреносните системи во соодветниот регион за работа на системот	Потполно усогласен			
Член 2 точка 51	„целосно интегрирани мрежни компоненти“ се мрежни компоненти кои се интегрирани во преносниот или дистрибутивниот систем, вклучително и постројки за складирање, и што се користат за единствена цел на обезбедување безбедно и сигурно работење на преносниот или дистрибутивниот систем, а не за урамнотежување или управување со оптоварувањата;	ПЗЕ	Член 3 точка 230	230. „целосно интегрирани мрежни компоненти“ се мрежни компоненти, вклучително и капацитети за складирање на енергија, кои се интегрирани во системот за пренос или дистрибуција на електрична енергија и кои се користат со единствена цел да се обезбеди сигурно и доверливо функционирање на соодветниот систем, а не за балансирање или управување со загушувањата	Потполно усогласен			
Член 2 точка 52	„интегрирано електроенергетско претпријатие“ е вертикално интегрирано претпријатија или хоризонтално интегрирано претпријатие	ПЗЕ	Член 3 точка 19 и 229	„вертикално интегрирано трговско друштво“ е трговско друштво (во натамошниот текст: друштво) или поврзани друштва во коишто исто лице или исти лица имаат право, директно или индиректно, да	Потполно усогласен			

				управуваат и каде што друштвото или поврзаните друштва вршат барем една од енергетските дејности пренос или дистрибуција на електрична енергија/гас, или работа со постројки за складирање на гас и/или втечнет гас и барем една од дејностите производство на електрична енергија, снабдување или трговија со електрична енергија и/или гас; „хоризонтално интегрирано друштво за електрична енергија“ е друштво за електрична енергија кое врши најмалку една од дејностите производство, пренос, дистрибуција, или снабдување со електрична енергија, и врши друга дејност којашто не е поврзана со електрична енергија;				
Член 2 точка 53	„вертикално интегрирано претпријатие“ е електроенергетско претпријатие или група на електроенергетски претпријатија каде што исто лице или исти лица имаат право, директно или индиректно, да вршат контрола, и	ПЗЕ	Член 3 точка 19	1„вертикално интегрирано трговско друштво“ е трговско друштво (во натамошниот текст: друштво) или поврзани друштва во коишто исто лице или исти лица имаат право, директно или индиректно, да управуваат и каде	Потполно усогласен			

	каде што претпријатието или групата претпријатија извршуваат најмалку една од функциите на пренос или дистрибуција, и најмалку една од функциите на производство или снабдување;			што друштвото или поврзаните друштва вршат барем една од енергетските дејности пренос или дистрибуција на електрична енергија/гас, или работа со постројки за складирање на гас и/или втечнет гас и барем една од дејностите производство на електрична енергија, снабдување или трговија со електрична енергија и/или гас;				
Член 2 точка 54	„хоризонтално интегрирано претпријатие“ е електроенергетско претпријатие кое врши најмалку една од функциите на производство за продажба, или пренос, или дистрибуција, или снабдување, и друга неелектроенергетска дејност;	ПЗЕ	Член 3 точка 229	„хоризонтално интегрирано друштво за електрична енергија“ е друштво за електрична енергија кое врши најмалку една од дејностите производство, пренос, дистрибуција, или снабдување со електрична енергија, и врши друга дејност којашто не е поврзана со електрична енергија;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 55	„поврзано претпријатие“ е поврзано претпријатие како што е дефинирано во точка (12) од член 2 на Директивата 2013/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот , и претпријатијата кои припаѓаат на исти сопственици на удели;	ЗТД	Член 565	Поврзани друштва се правно самостојни друштва кои се поврзуваат и кои воспоставуваат меѓусебни односи како: 1) друштво коешто во друго друштво има учество, значајно учество, мнозинско учество или мнозинско право во одлучувањето; 2) зависно и владејачко друштво;. 3)холдинг друштво 4) друштва на концерн; 5)друштва со заемно учество и 6)друштва поврзани со договори.	Потполно усогласен			
Член 2 точка 56	„контрола“ се правата, договорите и другите начини кои, или одвоено или во комбинација, и имајќи ги предвид фактичките или правните околности, даваат можност за извршување на одлучувачко влијание врз претпријатието, особено преку: (а) сопственост или правото на користење на сите или дел од средствата на претпријатието; (б) права или договори кои даваат можност за извршување на одлучувачко влијание врз составот,				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	

	гласањето или одлуките на органите на претпријатието;							
Член 2 точка 57	„електроенергетско претпријатие“ е физичко или правно лице кое извршува најмалку една од следниве функции: производство, пренос, дистрибуција, агрегација, управување со потрошувачката, складирање енергија, снабдување, или купување на електричната енергија, и кое е одговорно за комерцијални, технички или задачи на одржување поврзани со тие функции, но не ги вклучува крајните купувачи;	ПЗЕ	Член 3 точка 45	„друштво за електрична енергија”е физичко или правно лице кое извршува најмалку една од следниве функции: производство, пренос, дистрибуција, агрегација, управување со потрошувачката, складирање енергија, снабдување, или купување на електричната енергија, и кое е одговорно за комерцијални, технички или задачи на одржување поврзани со тие функции, но не ги вклучува крајните купувачи;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 58	„сигурност“ е сигурност на снабдувањето и обезбедување на електричната енергија, како и техничката безбедност;	ПЗЕ	Член 3 точка 185	„сигурност во снабдувањето со електрична енергија или гас“ е способност на електроенергетскиот систем или системот за пренос на гас да го реализира снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија или гас, со јасно утврдено ниво на карактеристики на системот и квалитет на услугата;	Потполно усогласен			
Член 2 точка 59	„складирање енергија“ е, во електроенергетскиот систем, одложување на конечната употреба на електричната енергија до подоцнежен момент од моментот на производство, или претворање на електричната енергија во форма на енергија која може да се складира, складирањето на таквата енергија, и последователното повратно претворање на таквата енергија во електрична енергија или нејзина употреба како друг носител на енергија;	ПЗЕ	Член 3 точка 192	„складирање на електрична енергија“ е одложување на конечната употреба на електричната енергија до моментот кој следи по моментот кога е произведена, односно претворањето на електричната енергија во друг вид енергија, која се складира во складиште за електрична енергија кое може да биде приклучено на електропреносна или електродистрибутивна мрежа, заради нејзино подоцнежно повторно претворање во електрична енергија или користење како друг енергетски носител;	Потполно усогласен			

Член 2 точка 60	„постројка за складирање енергија“ е, во електроенергетскиот систем, постројка каде што се одвива складирањето енергија.	ПЗЕ	Член 3 точка 194	„складиште за електрична енергија“ е постројка (систем) или објект кој овозможува складирање на енергија во електроенергетскиот систем преку полнење од електропреносната или електродистрибутивната мрежа или директно од електроцентрала и нејзино подоцнежно користење како електрична енергија, како друг енергетски носител;	Потполно усогласен			
Член 3 став 1	Земјите членки обезбедуваат нивното национално право да не ја попречува непотребно прекуграничната трговија со електрична енергија, учеството на потрошувачите, вклучително и преку управување со потрошувачката, инвестирањето	ПЗЕ	Член 17	(1) Сигурноста во снабдувањето со соодветниот вид на енергија се обезбедува особено преку: 1. постигнување на рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на соодветниот вид на енергија, вклучително и можна	Потполно усогласен			

	во, особено, променливото и флексибилно производство на електрична енергија, складирање енергија, или воведување на електромобилност или нови интерконектори помеѓу земјите членки, и обезбедуваат цените на електричната енергија да ја одразуваат реалната побарувачка и понуда.			замена со друг вид на енергија, друг правец на снабдување и со складирање на енергија; 2. прогнозирање на нивото на очекуваната идна потреба од соодветен вид на енергија и можностите за задоволување на прогнозираната потреба со расположливите енергетски извори и капацитети; 3. обезбедување на соодветно ниво на капацитети за производство и складирање на енергија преку спроведување на мерки за изградба на нови и надградба на постојните капацитети; 4. изградба на нови, надградба и проширување на постојните и обезбедување на квалитетно и високо ниво на одржување на мрежите за пренос и дистрибуција на соодветниот вид на енергија; 5. примена на мерки за ефикасно користење на енергијата и за намалување или ограничување на потрошувачката, утврдени со овој и друг закон;				

				6. подобрување на нивото на интерконекции за електрична енергија и гас; 7. поттикнување на примена на мерки за зголемување на ефикасноста на енергетските мрежи, агрегација и управување преку побарувачката; 8. донесување и следење на примена на мерки и активности за обезбедување сајбер безбедност на мрежата и информациските системи, коишто се составен дел на системите за пренос и дистрибуција на енергија, како и на системите за управување со објектите за производство на електрична енергија, во согласност со одредбите од овој закон, националната стратегија за сајбер безбедност и акцискиот план на националната стратегија за сајбер безбедност, како и со други прописи со кои се предвидени мерки и активности за обезбедување сајбер безбедност; 9. користење на услуги за вонредно снабдување со енергија				

				со соседни земји и услуги за координација на безбедноста во снабдувањето од Регионалниот координативен центар и 10. примена на вонредни мерки од привремен карактер при неможност за испорака на соодветен вид на енергија, утврдени со овој закон. (2) Заради обезбедување сигурност во снабдувањето, Владата на барање на Министерството може да донесе одлука со која за определен временски период ќе им наметне обврска за јавна услуга на снабдувачите на електрична енергија во Република Северна Македонија да ја набават електрична енергија од домашни производни капацитети, при што уделот на набавената електрична енергија не смее да надмине 15 % од вкупните потреби на електрична енергија потрошена во Република Северна Македонија во текот на претходната година.				

				(3) Заради обезбедување на сигурно и доверливо снабдување со енергија државните органи и вршителите на регулирани енергетски дејности во рамки на нивните права, обврски и надлежности утврдени со овој закон, предлагаат мерки до надлежните органи и/или преземаат мерки за кои се надлежни. (4) Во услови на енергетска криза со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето, може да се преземат мерки за снабдување со електрична енергија за потрошувачите кои вршат дејност од јавен интерес како и за други потрошувачи, само ако се утврдени со соодветниот пропис од членот 45 од овој закон.				
			Член 58 став (2)	(2) Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со Министерството, ја поттикнува и олеснува соработката на				

			точка 3	операторите на системи за пренос и операторите на пазарите на електрична енергија и гас и НЕМО во рамки на Енергетската заедница, а особено во однос на: 3. овозможување на највисоко можно ниво на интерконективен капацитет, вклучувајќи нови интерконективни водови, со договорните страни на Енергетската заедница и државите-членки на Европската Унија;				
			Член 109 став (1) точка 1	Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на организиран пазар и НЕМО обезбедуваат работењето на пазарите на електрична енергија да се врши согласно следниве правила: 1.формирање на цени врз основа на побарувачката и понудата и				

				спречување на активности кои го оневозможуваат формирањето на цените врз основа на побарувачката и понудата;				
			Член 178	(1) Секој потрошувач на електрична енергија може по сопствен избор да се снабдува со електрична енергија од снабдувач, во согласност со условите утврдени со овој закон и со правилата за снабдување со електрична енергија. (2) Потрошувачот на електрична енергија може да има склучено повеќе од еден договор за снабдување со електрична енергија во исто време, под услов да има посебни приклучни точки и мерни уреди. (3) Потрошувачот којшто учествува на пазарот на електрична енергија на големо може да набавува електрична енергија директно од трговци или производители на електрична енергија.				

				(4) Потрошувачот којшто учествува на пазарот на електрична енергија на големо може да купува електрична енергија од производител, снабдувач или трговец со електрична енергија од друга држава, која пристапила кон сите важечки меѓународни договори во областа на електричната енергија кои Република Северна Македонија ги има ратификувано. (5) Операторот на соодветниот систем им ја прекинува испораката на електрична енергија на потрошувачите коишто немаат договор за снабдување со електрична енергија или не ја уредиле својата балансна одговорност во согласност со условите од овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, освен на домаќинствата и малите потрошувачи на електрична енергија кои се снабдуваат од универзалниот снабдувач.				

Член 3 став 2	2. Кога ги развиваат новите интерконектори, земјите членки ги земаат предвид целите за интерконекција на електричната енергија од точка (10), член 4(г) од Регулативата (ЕУ) 2018/1999.	ПЗЕ	Член 155 став (2)	(2) Условите за ослободување на максимален расположлив преносен капацитет на корисниците на системот, освен за исклучоците од член 106 од овој закон и отстапувањата од член 161 став (6) од овој закон, како и изземањата од ставот (12) на овој член, се смета дека се исполнети кога достапниот капацитет за меѓузонска трговија е над следниве прагови: 1.за границите на кои се користи координирана пресметка на нето-преносен капацитет, долната граница на достапен капацитет е 70% од преносниот капацитет при почитување на оперативните безбедносни граници по одбивањето на резервата за непредвидени ситуации, по можност пресметани според методологијата применета во координираната пресметка на капацитети; 2.за границите на кои се користи пресметка на капацитет врз основа на тековите на енергија, долната	Потполно усогласен			

				граница на достапен капацитет е маргината одредена во процесот на пресметка на капацитетот достапен за тековите предизвикани од меѓузонската размена, која треба да е еднаква на 70% од преносниот капацитет при почитување на оперативните безбедносни граници за внатрешните и меѓузонските критични елементи на мрежата земајќи ја предвид резервата за непредвидени ситуации, по можност пресметани според методологијата применета во координираната пресметка на капацитети и 3. за маргините на доверливост, кружните текови на енергија и внатрешните текови на енергија на сите критични мрежни елементи може да се искористи најмногу 30% од преносниот капацитет.				

Член 3 став 3	3. Земјите членки обезбедуваат да не постојат непотребни пречки во рамките на внатрешниот пазар на електрична енергија во поглед на влегувањето и дејствувњето на пазарот и излегувањето од него, без тоа да биде во спротивност со надлежностите кои земјите членки ги задржуваат во однос на трети земји.	ПЗЕ	Член 75	(1) Подружница на странско лице организирана во Република Северна Македонија на чиј основач му е издадена лиценца или друг соодветен документ за вршење на трговија или снабдување со електрична енергија или гас или е НЕМО , во држава која што е договорна страна на Енергетската заедница или држава-членка на Европската Унија, може, со примена на начелото на реципроцитет, да ги врши овие дејности во Република Северна Македонија откако ќе му биде издадено решение за упис во регистарот на странски лица кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија. (2) Регулаторната комисија за енергетика го воспоставува и води регистарот од ставот (1) на овој член. (3) Регулаторната комисија за енергетика го врши уписот во регистарот од ставот (1) на овој член согласно со Правилникот за	Потполно усогласен			

				лиценци, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за упис. (4) Во постапката за упис во регистарот од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика соработува со надлежниот орган од договорната страна на Енергетската заедница или држава-членка на Европската Унија што ја издал лиценцата за која се бара упис во регистарот, како и со надлежните органи од други држави во кои странското лице ги врши енергетските дејности. (5) Решението за упис во регистарот од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика го доставува до соодветниот оператор на системот за пренос на електрична енергија, односно гас, како и до соодветниот оператор на пазарот на електрична енергија, односно гас, а ако решението се однесува за упис на НЕМО и до Владата.				

Член 3 став 4	Земјите членки обезбедуваат рамноправни услови каде што електроенергетските претпријатија подлежат на транспарентни, сразмерни и недискриминаторни правила, надоместоци и однос, особено во поглед на одговорноста за урамнотежување, пристапот до големопродажните пазари, пристапот до податоците, процесите на менување на снабдувачот и режимите на наплата на сметките и, каде што е применливо, лиценцирање.	ПЗЕ	Член 2 точка 2	Целта на овој закон е да се обезбеди: 2. ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, кој што обезбедува високо ниво на сигурност и квалитет во снабдувањето со енергија.	Потполно усогласен			
Член 3 став 5	5. Земјите членки обезбедуваат учесниците на пазарот од трети земји, кога дејствуваат на внатрешниот пазар на електрична енергија, да го почитуваат важечкото право на Унијата и националното право, вклучително и во однос на еколошките и безбедносните политики.	ПЗЕ	Член 4 ставови (2) и (3)	(2) Дејностите од ставот (1) на овој член, се вршат во согласност со овој закон, други закони и прописи, како и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон и условите за вршење на дејноста определени во издадената лиценца за вршење на соодветната енергетска дејност. (3) Дејностите од ставот (1) на овој член, може да ги вршат домашни и странски лица врз основа на	Потполно усогласен			

				лиценца за вршење на соодветната енергетска дејност издадена од Регулаторната комисија за енергетика или на друг начин утврден со овој закон.				
Член 4	Земјите членки обезбедуваат сите купувачи да може слободно да купуваат електрична енергија од снабдувачот што самите го избираат, и обезбедуваат сите купувачи да може слободно да имаат повеќе од еден договор за снабдување со електрична енергија истовремено, под услов да се воспоставени потребните приклучоци и мерни точки.	ПЗЕ	Член 178 ставови (1) и (2)	(1) Секој потрошувач на електрична енергија може по сопствен избор да се снабдува со електрична енергија од снабдувач, во согласност со условите утврдени со овој закон и со правилата за снабдување со електрична енергија. (2) Потрошувачот на електрична енергија може да има склучено повеќе од еден договор за снабдување со електрична енергија во исто време, под услов да има посебни приклучни точки и мерни уреди.	Потполно усогласен			

Член 5 став 1	1. Снабдувачите се слободни да ја одредат цената по која ги снабдуваат купувачите со електрична енергија. Договорните страни преземаат соодветни дејства за да обезбедат ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите.	ПЗЕ	Член 6 став (1)	(1) Снабдувачите со електрична енергија самостојно ја определуваат цената по која ги снабдуваат потрошувачите со електрична енергија.	Потполно усогласен			
Член 5 став 2	2. Договорните страни обезбедуваат заштита на енергетски сиромашните и ранливите купувачи од категоријата домаќинства согласно со член 28 и 29 по пат на социјална политика или на други начини покрај јавните интервенции во одредувањето на цените за снабдувањето со електрична енергија.	ПЗЕ	Член 11 став (1) точка 4	Со енергетската политика на Република Северна Македонија се обезбедува: 4. намалување на енергетската сиромаштија и заштита на ранливи потрошувачи;	Потполно усогласен			
Член 5 став 3	3. По пат на отстапување од став 1 и 2, договорните страни може да применат јавни интервенции во одредувањето на цените на снабдувањето со електрична енергија за енергетски сиромашните или ранливите купувачи од категоријата домаќинства. Таквите јавни	ПЗЕ	Член 6 став (2)	(2) По исклучок од став (1) од овој член, заради заштита на општиот економски интерес, Владата, на предлог на Министерството, а по претходно добиено мислење од министерството надлежно за работите од областа на социјалната заштита, може да донесе одлука со која го задолжува универзалниот снабдувач да ги	Потполно усогласен			

	интервенции подлежат на условите утврдени во став 4 и 5.			снабдува домаќинствата кои спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи по цени кои се пониски од цените определени со примена на правилата за утврдување на цени од членот 61 став (1) точка 4 од овој закон.				
Член 5 став 4 точка (а)	4. Јавните интервенции во одредувањето на цените за снабдувањето со електрична енергија: (а) тежнеат кон општ економски интерес и не го надминуваат она што е неопходно за да се постигне општиот економски интерес;	ПЗЕ	Член 6 став (4) точка 1	(4) При донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, се зема предвид: 1. да не се надминат барањата за обезбедување на општиот економски интерес;	Потполно усогласен			
Член 5 став 4 точка (б)	(б) се јасно дефинирани, транспарентни, недискриминаторни и проверливи;	ПЗЕ	Член 6 став (4) точка 2	(4) При донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, се зема предвид: 2. цените да бидат јасно определени, транспарентни, недискриминаторни и да се лесно проверливи, при што проверката	Потполно усогласен			

				на цените ја врши Регулаторната комисија за енергетика;				
Член 5 став 4 точка (в)	(в) гарантираат еднаков пристап на купувачи до електроенергетските претпријатија на Енергетската заедница;	ПЗЕ	Член 6 став (4) точка 3	(4) При донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, се зема предвид: 3. гарантирањето на еднаков пристап на вршителите на енергетските дејности од договорните страни на Енергетската заедница и државите-членки на Европската Унија до потрошувачите во Република Северна Македонија;	Потполно усогласен			

Член 5 став 4 точка (г)	(г) временски се ограничени и се сразмерни во однос на нивните корисници;	ПЗЕ	Член 6 став (4) точка 4	(4) При донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, се зема предвид: 4. примената на цените да биде временски ограничена и соодветна на потребите на корисниците.	Потполно усогласен			
Член 5 став 4 точка (д)	(д) нема да доведат до дополнителни трошоци за учесниците на пазарот на дискриминаторен начин.	ПЗЕ	Член 6 став (4) точка 5	(4) При донесување на одлуката од ставот (2) на овој член, се зема предвид: 5. да не се создаваат дополнителни трошоци за учесниците на пазарот на дискриминаторен начин.	Потполно усогласен			
Член 5 став 5	Секоја земја членка која применува јавни интервенции во одредувањето на цените за снабдувањето со електрична енергија во согласност со ставот 3 од овој член, воедно мора да ја испочитува и точката (г) од член 3(3) како и членот 24 од Регулативата (ЕУ) 2018/1999 без оглед на тоа дали засегнатата договорната страна има	ПЗЕ	Член 10 став (2)	(2) Бројот на ранливи потрошувачи се определува врз основа на критериумите од ставот (1) на овој член. Определениот број на ранливи потрошувачи се зема предвид при утврдување на мерките за намалување на енергетската сиромаштија во Интегрираниот национален план за енергија и клима.	Потполно усогласен			

	значителен број домаќинства во енергетска сиромаштија.							
Член 5 став 6	За потребите на периодот на транзиција, во кој треба да се воспостави ефективна конкуренција за договорите за снабдување со електрична енергија помеѓу снабдувачите, и да се постигне целосно ефективно пазарно засновано малопродажно одредување на цените на електричната енергија во согласност со став 1, договорните страни може да применат јавни интервенции во одредувањето на цените за снабдувањето со електрична енергија на купувачите од категорија домаќинства и на микропретпријатијата кои не ги користат придобивките од јавните интервенции согласно со став 3.	ПЗЕ	Член 6 став (5)	(5) Заради заштита на општиот економски интерес, за потребите на периодот на транзиција, во кој треба да се воспостави ефективна конкуренција за договорите за снабдување со електрична енергија помеѓу снабдувачите, и да се постигне целосно ефективно пазарно засновано малопродажно одредување на цените на електричната енергија, Владата може да донесе одлука и домаќинствата кои не спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи и малите потрошувачи кои согласно Законот за трговските друштва спаѓаат во категоријата на микро трговци, да бидат снабдувани од универзалниот снабдувач или друг	Потполно усогласен			

				снабдувач по цени кои се пониски од цените определени со примена на прописите и методологиите од членот 61 став (1) точка 4 од овој закон.				
Член 5 став 7 точка (а)	Јавните интервенции согласно со став 6 се во согласност со критериумите утврдени во став 4 и: (а) се придружени со сет мерки за постигнување ефективна конкуренција и методологија за оцена на напредокот во однос на тие мерки; .	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 4	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 4. обезбедуваат сите корисници на цените да имаат можност да изберат конкурентна пазарна понуда и квартално да бидат информирани за понудите и можностите за заштеда на конкурентниот пазар на електрична енергија на мало, особено за договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена и за користење на пазарно засновани понуди, како и за можноста за користење на паметни мерни уреди и техничка помош за нивно инсталирање	Делумноусогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	Во рок од девет месеци од влегување во сила на овој закон	

Член 5 став 7 точка (б)	(б) се донесуваат со помош на методологија која обезбедува недискриминаторен однос кон снабдувачите;	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 1	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 1. обезбедуваат недискриминаторен третман за сите снабдувачи;	Потполно усогласен			
Член 5 став 7 точка (в)	(в) се поставуваат по цена која е над трошокот, на ниво на кое може да дојде до ефективна конкуренција на цените;	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 2	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 2. се формирани над цената на чинење на електричната енергија со цел да се овозможи делотворна конкуренција;	Потполно усогласен			
Член 5 став 7 (г)	(г) се осмислени така што да се минимизира секое негативно влијание врз големопродажните пазари на електрична енергија;	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 3	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 3. не предизвикаат негативно влијание на пазарот на електрична енергија на големо;	Потполно усогласен			

Член 5 став 7 (д)	(д) обезбедуваат сите корисници на таквите јавни интервенции да имаат можност да изберат конкурентни пазарни понуди и да бидат директно информирани, најмалку на секој квартал, за расположливоста на понудите и заштедите на конкурентниот пазар, особено на договорите за динамично одредување на цената на електричната енергија, и обезбедуваат да добијат помош при менување на снабдувачот кон пазарно заснована понуда;	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 4	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 4. обезбедуваат сите корисници на тие цени да имаат можност да изберат конкурентна пазарна понуда и квартално да бидат информирани за понудите и можностите за заштеда на конкурентниот пазар на електрична енергија на мало, особено за договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена и за користење на пазарно засновани понуди, како и за можноста за користење на паметни мерни уреди и помош за нивно инсталирање;	Потполно усогласен			

Член 5 став 7 (ѓ)	(ѓ) обезбедуваат, согласно со членовите 19 и 21, сите корисници на таквите јавни интервенции да имаат право, и да им биде понудено, да инсталираат паметно броило без дополнителен почетен трошок за купувачот, да бидат директно информирани за можноста за инсталирање на паметно броило, и да ја добијат неопходната помош;	ПЗЕ	Член 6 став (8)	(8) Корисниците определени со одлуката од ставовите (2) и (5) на овој член, а кои не се опфатени со одлуката од член 186 став (2) од овој закон, се информираат за можноста за инсталирање на паметни мерни уреди при што им се обезбедува потребната техничка помош од операторот на соодветниот електроенергетски систем, а трошоците за инсталирање на паметните мерни уреди не смеат да бидат повисоки од трошоците определени во членот 188 став (3) од овој закон.	Потполно усогласен			
Член 5 став 7 (е)	(е) не доведуваат до директно вкрстено субвенционирање помеѓу купувачите кои се снабдуваат по слободните пазарни цени и оние кои се снабдуваат по регулираните цени за снабдување.	ПЗЕ	Член 6 став (6) точка 5	(6) При носење на одлуката од ставот (5) на овој член, треба да се земат предвид условите од ставот (4) на овој член, при што цените треба да: 5. не доведуваат до вкрстено субвенционирање помеѓу потрошувачите кои што се снабдуваат по пазарни цени и потрошувачите коишто се снабдуваат по регулирани	Потполно усогласен			

				ценицени определни согласно став (2) од овој член.				
Член 5 став 8	Земјите членки ја известуваат Комисијата за мерките преземени во согласност со ставовите 3 и 6 во рок од еден месец од нивното донесување и може веднаш да ги применат. Кон ова известување се приложува објаснување зошто другите алатки не биле доволни за да се постигне посакуваната цел, како се исполнуваат барањата утврдени во ставовите 4 и 7, и каков ефект известените мерки имаат врз конкуренцијата. Известувањето го опишува опсегот на корисниците, времетраењето на мерките и бројот на купувачи од категоријата домаќинства погодени со мерките, и појаснува како биле одредени регулираните цени.	ПЗЕ	Член 6 став (10)	(10) Владата за мерките содржани во одлуките од ставовите (2) и (5) на овој член го известува Секретаријатот на Енергетската заедница, во рок од еден месец од донесувањето на одлуката, при што во известувањето ги наведува причините за донесување на одлуката и влијанието на мерките врз конкуренцијата на пазарот на електрична енергија, начинот на утврдување на цените, времетраењето на мерките, опфатот на потрошувачите и бројот на потрошувачи од категоријата домаќинства на коишто се применуваат мерките .	Потполно усогласен			

Член 5 став 9	До 1 јануари 2025 година и 1 јануари 2028 година, земјите членки доставуваат извештаи до Комисијата за спроведувањето на овој член, за неопходноста и сразмерноста на јавните интервенции согласно со овој член, и за оцена на напредокот кон постигнување на ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите и транзицијата кон пазарно засновани цени. Земјите членки кои применуваат регулирани цени во согласност со став 6 поднесуваат извештај за почитувањето на условите утврдени во став 7, вклучително и за сообразноста на снабдувачите од кои се бара да ги применат таквите интервенции, како и за влијанието на регулираните цени врз финансиите на таквите снабдувачи.	ПЗЕ	Член 300	(1) Владата во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон и до 1 јануари 2028 година, до Секретаријатот на Енергетската заедница доставува извештаи за неопходноста и сразмерноста на јавните интервенции и за оцена на напредокот кон постигнување на ефективна конкуренција помеѓу снабдувачите и транзицијата кон пазарно засновани цени. (2) За регулираните цени од членот 6 став (2) од овој закон Владата до 31 декември 2028 година до Секретаријатот на Енергетската заедница поднесува извештај за почитувањето на условите од членот 6 став (6) од овој закон, вклучително и за сообразноста на снабдувачите од кои се бара да ги применат таквите интервенции, како и за влијанието на регулираните цени врз финасиската состојба на снабдувачи.	Потполно усогласен			

Член 5 став 10	До 31 декември 2028 година, Комисијата го разгледува и го доставува до Европскиот парламент и до Советот извештајот за спроведувањето на овој член за потребите на постигнување на пазарно засновано малопродажно одредување на цените на електричната енергија заедно со или проследено со законодавни предлози, каде што е соодветно. Овој законодавен предлог може да содржи и завршен датум за регулирани цени.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската комисија
Член 6 став 1	Земјите членки обезбедуваат спроведување на систем за пристап на трети страни до преносните и дистрибутивните системи врз основа на објавени тарифи, што важат за сите купувачи и се применуваат објективно и без дискриминација помеѓу корисниците на системот. Земјите членки обезбедуваат овие тарифи, или методологиите врз основа на кои се пресметуваат, да бидат одобрени во согласност со член 59 пред да влезат во сила, како и овие тарифи, и методологиите – кога се одобруваат само методологиите –	ПЗЕ	Член 102 став (1)	(1) Операторот на системот за пренос, односно дистрибуција на електрична енергија или гас, како и за дистрибуција на топлинска енергија, заради користење на неговиот капацитет, како и за користење на другите услуги што ги обезбедува, е должен во согласност со соодветните мрежни правила и правилата за снабдување, на постојните и новите корисници на системот да им овозможи пристап на соодветната мрежа, со објективна и недискриминаторна примена на	Потполно усогласен			

	да се објават пред да влезат во сила.			цените и тарифите утврдени согласно членот 61 од овој закон.				
Член 6 став 2	Операторот на преносните или дистрибутивните системи може да одбие пристап доколку го нема потребниот капацитет. За таквото одбивање се доставуваат оправдани причини, особено во поглед на член 9, а врз основа на објективни и технички и економски оправдани критериуми. Земјите членки или, кога земјите членки така предвиделе, регулаторните тела на тие земји членки, обезбедуваат овие критериуми доследно да се применуваат и корисникот на системот на кој му одбиен пристапот да може да примени постапка за решавање на спорови. Регулаторните тела исто така обезбедуваат, каде што е соодветно и кога доаѓа до одбивање на пристапот,	ПЗЕ	Член 103	(1) Операторите од член 102 став (1) од овој закон, може да донесат одлука за одбивање на пристап само во случај кога: 1.нема потребен преносен или дистрибутивен капацитет и кога на капацитет на системот за дистрибуција на топлина постои недостаток на капацитет поради други залихи на отпадна топлина, топлина од обновливи извори или топлина произведена со високоефикасно комбинирано производство или 2.обезбедувањето на пристап за одреден корисник може да ја загрози сигурноста во снабдувањето со енергија во Република Северна Македонија.	Потполно усогласен			

	операторот на преносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем да даде релевантни информации за мерките што се неопходни за зајакнување на мрежата. Овие информации се даваат во сите случаи кога се одбива пристапот за пунктовите за полнење. На страната која ги бара овие информации може да ѝ се наплати разумен надомест кој го одразува трошокот на обезбедување на таквите информации.			(2) Операторот кој го одбил пристапот согласно ставот (1) на овој член, е должен одлуката за одбивањето да му ја достави на лицето кое побарало пристап во писмена форма, при што е должен во образложението на одлуката да ги наведе причините за одбивањето кои мора да бидат засновани на техничко и економско оправдани критериуми, утврдени во мрежните правила за пренос, односно дистрибуција на соодветниот систем. (3) Лицето чијшто пристап до системот со одлуката од ставот (1) на овој член, е одбиено или кое е незадоволно со условите за пристап до системот, може да достави приговор до Регулаторната комисија за енергетика во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката. (4) Соодветниот операторот е должен, по барање на лицето на кое му е одбиен пристапот на системот, да му ги обезбеди				

				потребните информации за мерките што треба да се преземат за подобрување на условите во системот, кои би го овозможиле пристапот и за обезбедување на информација може да наплати надоместок во износ, кој е претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика.				
Член 6 став 3	Овој член исто така важи и за граѓанските енергетски заедници кои управуваат со дистрибутивни мрежи.	ПЗЕ	Член 183 став (2)	(2) Граѓанската енергетска заедница ги врши енергетските дејности во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон и издадените лиценци, при што со членството во граѓанската енергетска заедница потрошувачите не ги губат своите права и обврски во однос на пристапот на мрежата и снабдувањето со електрична енергија, кои ги имаат како домаќинства или активни потрошувачи.	Потполно усогласен			

Член 7 став 1 точка (а)	1. Земјите членки ги преземаат неопходните мерки за да овозможат: (а) сите производители и претпријатијата за снабдување со електрична енергија основани на нивната територија да ги снабдуваат своите простории, подружници и купувачи преку директни водови, без да подлежат на несразмерни административни постапки и трошоци;	ПЗЕ	Член 98 став (1)	(1) Секој производител или снабдувач со електрична енергија, како и секој производител на биометан, производител на водород или снабдувач со гас основан во Република Северна Македонија може да ги снабдува своите простории, подружници или потрошувачи преку директни водови.	Потполно усогласен			
Член 7 став 1 точка (б)	(б) сите купувачи во рамките на нивната територија, поединечно или заедно, да се снабдуваат преку директни водови од производителите и претпријатијата за снабдување со електрична енергија.	ПЗЕ	Член 98 став (2)	(2) Потрошувачите на електрична енергија или гас, поединечно или заедно, може да се снабдуваат преку директен вод од производител или снабдувач со електрична енергија, производител на биометан, производител на водород или снабдувач на гас.	Потполно усогласен			

Член 7 став 2	2. Земјите членки утврдуваат критериуми за давање дозволи за изградба на директни водови на нивната територија. Тие критериуми се објективни и недискриминаторни.	ПЗЕ	Член 98 став (3)	(3) Директен вод се гради врз основа на овластување за изградба издадено од Владата, во кое се утврдуваат правата и обврските на носителот на овластувањето.	Потполно усогласен			
Член 8 став 1	За изградба на нов производен капацитет, земјите членки донесуваат постапка за издавање дозволи, која се спроведува во согласност со објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми.	ПЗЕ	Член 88 став (1)	(1) Овластување за изградба на електроенергетски објекти издава Министерството по комплетирана постапката за издавање на одобрение за градење согласно закон, кое одобрение станува правосилно со издавањето на овластување за изградба на електроенергетски објекти, во следниве случаи: 1. за изградба на електроенергетски објекти за производство на електрична енергија со инсталирана моќност еднаква на или поголема од 1 MW и за високоефикасни комбинирани постројки што произведуваат електрична и топлинска енергија, постројки за производство на синтетички горива со помош на	Потполно усогласен			

				електрична енергија, постројки за производство на водород со помош на електрична енергија како и за складишта на електрична енергија, за која се спроведува постапка за доделување на земјиште под долготраен закуп или продажба на градежно земјиште во државна сопственост; 2. за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија со инсталирана моќност еднаква на или поголема од 1 MW и за високо ефикасни комбинирани постројки што произведуваат електрична и топлинска енергија, постројки за производство на синтетички горива со помош на електрична енергија, постројки за производство на водород со помош на електрична енергија и складишта на електрична енергија, чијашто изградба ќе се врши на земјиште во приватна сопственост, врз основа на претходно поднесено барање од инвеститор;				

				3. за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија и за високо ефикасни комбинирани постројки што произведуваат електрична и топлинска енергија, постројки за производство на синтетички горива со помош на електрична енергија, постројки за производство на водород со помош на електрична енергија и складишта на електрична енергија за кои е спроведена постапка и е доделен договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство; 4. за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија, постројки за производство на синтетички горива со помош на електрична енергија, постројки за производство на водород со помош на електрична енергија и складишта на електрична енергија за кои е спроведена постапка и е				

				доделена концесија за добра од општ интерес и 5. за изградба на енергетски објект за производство на електрична енергија и за високо ефикасна комбинирана постројка што произведува електрична и топлинска енергија, постројки за производство на синтетички горива со помош на електрична енергија, постројки за производство на водород со помош на електрична енергија и складишта на електрична енергија за кој е донесен посебен закон со кој се уредува реализацијата на инвестицијата за нејзината изградба.				
Член 8 став 2 точка (а)	2. Земјите членки утврдуваат критериуми за издавање дозволи за изградба на производен капацитет на нивната територија. При одредувањето на соодветните критериуми, земјите членки ги земаат предвид: (а) безбедноста и сигурноста на постројките на	ПЗЕ	Член 90 став (1) точки 1 и 2	(1) При изработката на годишниот план за изградба на енергетски објекти, донесувањето на одлуката за спроведување на постапката и подготовката на документација согласно член 88 став (1) точка 1 од овој закон, како и донесувањето на одлуката за издавање на овластување согласно член 88 став	Потполно усогласен			

	електроенергетскиот систем и сродната опрема;			(1) точки 2,3 и 4 од овој закон, се земаат во предвид следниве критериуми за доделување овластување за изградба на енергетски објект за производство на електрична енергија и високо ефикасна комбинирана постројка: 1.сигурноста во снабдувањето со соодветен вид на енергија; 2.безбедноста и сигурноста на електроенергетскиот систем, објектите и соодветната опрема;				
Член 8 став 2 , точка (б)	(б) заштитата на јавното здравје и безбедноста;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 5	5. заштитата на јавното здравје и безбедноста;	Потполно усогласен			

Член 8 став 2 точка (в)	(в) заштитата на животната средина;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 6	6. заштитата на животната средина;	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 точка (г)	(г) намената на земјиштето и локацијата;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 7	7. користењето на земјиштето и локациите;	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 (д)	(д) употребата на јавна површина;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 8	8. користењето на јавните површини;	Потполно усогласен			

Член 8 став 2 (ѓ)	(ѓ) енергетската ефикасност;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 9	9. енергетската ефикасност;	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 (е)	(е) природата на примарните извори;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 10	10. видот на примарната енергија;	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 (ж)	(ж) карактеристиките својствени за подносителот на барањето, како што се технички, економски и финансиски капацитети;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 11	11. техничка, финансиска и економска способност на инвеститорот;	Потполно усогласен			

Член 8 став 2 (з)	(з) почитувањето на мерките донесени согласно со член 9;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 12	12. усогласеноста со мерките донесени во согласност со обврските за јавна услуга, особено во однос на квалитетот и континуитетот на снабдувањето со електрична енергија;	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 (ѕ)	(ѕ) придонесот на производниот капацитет за исполнувањето на севкупната цел на Унијата од најмалку 32% удел на енергијата од обновливи извори во крајната бруто потрошувачка на енергија во Унијата во 2030 година, наведено во член 3(1) од Директивата (ЕУ) 2018/2001 на Европскиот парламент и на Советот;	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 14	14. придонесот на производниот енергетски објект во учеството на енергијата произведена од обновливи извори во вкупната бруто финална потрошувачка на енергија согласно одлуката за утврдување на националните задолжителни цели согласно законот со кој се уредуваат обновливите извори на енергија и	Потполно усогласен			
Член 8 став 2 (и)	(и) придонесот на производниот капацитет за намалувањето емисии; и	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 13	13. придонесот на производниот енергетски објект во однос на намалувањето на емисиите;	Потполно усогласен			

Член 8 став 2 (j)	(j) алтернативите на изградбата на новиот производен капацитет, како што се решенија во однос на управување со потрошувачката и складирање енергија.	ПЗЕ	Член 90 став (1) точка 15	15.алтернативата на изградбата на нов енергетски објект преку изградба и користење на складиште за електрична енергија и управување преку побарувачката.	Потполно усогласен			
Член 8 став 3	Земјите членки обезбедуваат постоење на специфични, поедноставени и нормирани постапки за издавање дозволи за мало децентрализирано и/или дистрибуирано производство, кои ги земаат предвид нивната ограничена големина и потенцијалното влијание.	ПЗЕ	Член 88 став (2)	(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член, не е потребно за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија ако: 1. инсталираната моќност на енергетскиот објект е помала од 1 MW и изградбата се врши на земјиште во приватна сопственост; 2. произведената енергија од енергетскиот објект се користи исклучиво за потребите на инвеститорот или 3. со изградбата се врши проширување на постоечки енергетски објект за производство на електрична енергија, при што инсталираната моќност на енергетскиот објект е во рамките	Потполно усогласен			

				на инсталираната моќност од точката 1 на овој став.				
Член 8 потстав 3.1	Земјите членки може да донесат насоки за специфичните постапки за издавање дозволи. Регулаторните тела или другите надлежни национални органи, вклучително и органите за планирање, ги разгледуваат таквите насоки и може да предложат нивно изменување.	ПЗЕ	Член 87 став (1)	(1) Владата на предлог на Министерството, донесува Годишен план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија (во натамошниот текст: Годишен план за изградба на енергетски објекти).	Потполно усогласен			
Член 8 потстав 3.2	Кога земјите членки имаат воспоставено посебна постапка за издавање дозвола за употреба на земјиштето, која важи за поголемите нови инфраструктурни проекти за производни капацитети, земјите членки, каде што тоа е соодветно, изградбата на новиот производен капацитет ја вклучуваат во делокругот на тие постапки и ги спроведуваат на недискриминаторен начин и во соодветна временска рамка.				Не е релеванта за РСМ			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија

Член 8 став 4	4. Постапките за издавање дозволи и критериумите се јавни. Подносителите на барањето се известуваат за причините за одбивање на дозволата. Тие причини се објективни, недискриминаторни, основани и оправдани. На подносителите на барањето им се става на располагање и постапка за поднесување жалба.	ПЗЕ	Член 87 став (11) и Член 88 став (13)	(11) Во случај на голема заинтересираност за инвестиции во одредени региони се следи правилото на прв дојден прв услужен, со поднесување на апликација по електронски пат преку јавно достапна платформа или Националниот портал за е-услуги согласно прописите од областа на електронско управување и електронски услуги, како и од областа на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. (13) Во постапките за доделување на овластување соодветно се применуваат Законот за општата управна постапка, како и прописите од областа на електронско управување и електронски услуги, како и од областа на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.	Потполно усогласен			

Член 9 став 1	1. Без тоа да биде во спротивност со ставот 2, земјите членки обезбедуваат, врз основа на нивната институционална организација и земајќи го предвид начелото на супсидијарност, електроенергетските претпријатија да дејствуваат во согласност со начелата на оваа директива заради постигнување на конкурентен, сигурен и еколошки одржлив пазар за електрична енергија и нема да дискриминираат помеѓу тие претпријатија било во поглед на нивните права или обврски.	ПЗЕ	Член 4 став (4)	(4) Вршителите на енергетските дејности од ставот (1) точки од 1 до 10 на овој член, имаат обврска за обезбедување на јавна услуга при вршењето на дејноста на начин и под услови утврдени со овој закон (во натамошниот текст: регулирани енергетски дејности).	Потполно усогласен			
Член 9 став 2	2. Имајќи ги целосно предвид одредбите од ДФЕУ, а особено членот 106, земјите членки може да изречат врз претпријатијата кои дејствуваат во електроенергетскиот сектор, во општ економски интерес, обврски за давање јавни услуги кои може да се однесуваат на сигурноста, вклучително и на сигурноста на снабдувањето, редовноста,	ПЗЕ	Член 7 ставови (1), (2) и (3)	(1)Владата на предлог на Министерството или единиците на локалната самоуправа и по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика и мислење или решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, може да донесе одлука, со која на вршител на нерегулирана енергетска дејност,	Потполно усогласен			

	квалитетот и цената на снабдувањето и заштитата на животната средина, вклучително и енергетската ефикасност, енергија од обновливи извори и заштита од климатски промени. Таквите обврски се јасно дефинирани, транспарентни, недискриминаторни и проверливи, и ја гарантираат еднаквоста на пристапот на електроенергетските претпријатија на Унијата до националните купувачи. Обврските за давање јавни услуги кои се однесуваат на одредувањето на цените за снабдувањето со електрична енергија се сообразни со барањата утврдени во член 5 од оваа директива.			му наметнува обврска да обезбедува јавна услуга во определен временски период. (2)Целта на јавната услуга е да се обезбеди: 1.сигурност, вклучувајќи ја и сигурноста во снабдувањето; 2.редовност, квалитет и цена на снабдувањето; 3.ефикасно и економично користење на природните ресурси наменети за производство на енергија; 4.унапредување на енергетската ефикасност; 5.поголемо искористување на енергијата од обновливи извори или 6.заштита на животната средина и ублажување на климатските промени. (3)Во одлуката од ставот (1) на овој член, обврската за јавна услуга мора да биде јасно утврдена, недискриминаторна, да може лесно да се потврди и да ја				

				гарантира еднаквоста на пристапот на потрошувачите до јавната услуга, да не ја нарушува конкуренцијата на пазарот во Република Северна Македонија, во регионот и во Европската Унија, освен во мера што е неопходна за остварување на општиот економски интерес, како и да се утврдат финансиските, техничките и кадровските услови кои треба да ги исполни вршителот на нерегулираната енергетска дејност на кој му се наметнува обврската за јавна услуга.				
Член 9 став 3	3. Кога се предвидени финансиски обесштетувања, други форми на обесштетување и ексклузивни права кои земјата членка ги дава за исполнување на обврските утврдени во став 2 од овој член, или за давање универзална услуга, како што е утврдено во член 27, тоа се прави на недискриминаторен и транспарентен начин.	ПЗЕ	Член 7 став (6)	(6) На вршителот на енергетска дејност на кој со одлуката од ставот (1) на овој член, му е наметната обврска за обезбедување на јавна услуга, му се доделува надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес на транспарентен и недискриминаторен начин согласно прописите за државна помош, со кој на вршителот на енергетската дејност ќе му се надоместат загубите, земајќи го во	Потполно усогласен			

				предвид мислењето или решението на Комисијата за заштита на конкуренција.				
Член 9 став 4	4. Земјите членки, по спроведувањето на оваа директива, ја известуваат Комисијата за сите мерки донесени заради исполнување на обврските за универзална услуга и јавна услуга, вклучително и заштитата на потрошувачите и заштитата на животната средина, и нивните можни влијанија врз националната и меѓународната конкуренција, без оглед дали таквите мерки бараат отстапување од оваа директива. Тие последователно ја известуваат Комисијата на секои две години за сите промени во тие мерки, без оглед дали бараат отстапување од оваа директива.	ПЗЕ	Член 7 став (5)	(5) Министерството веднаш го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за донесената одлука од ставот (1) на овој член, како и за можните влијанија врз функционирањето на пазарот на електрична енергија или гас, и на секои две години го известува за потребата од продолжување на обврската за обезбедување на јавна услуга.	Потполно усогласен			

Член 9 став 5	5. Земјите членки може да одлучат да не ги применуваат членовите 6, 7 и 8 од оваа директива под услов нивната примена да го попречи, правно или фактички, извршувањето на обврските изречени врз електроенергетските претпријатија во општ економски интерес и под услов развојот на трговијата да не биде погоден во толкава мера што да стане спротивно на интересите на Унијата. Во интересите на Унијата, меѓу другото, спаѓаат конкуренцијата во однос на купувачите во согласност со член 106 од ДФЕУ и оваа директива.	ПЗЕ	Член 90 став (1)	(1) При изработката на годишниот план за изградба на енергетски објекти, донесувањето на одлуката за спроведување на постапката и подготовката на документација согласно член 88 став (1) точка 1 од овој закон, како и донесувањето на одлуката за издавање на овластување согласно член 88 став (1) точки 2,3 и 4 од овој закон, се земаат во предвид следниве критериуми за доделување овластување за изградба на енергетски објект за производство на електрична енергија и високо ефикасна комбинирана постројка: 1.сигурноста во снабдувањето со соодветен вид на енергија; 2.безбедноста и сигурноста на електроенергетскиот систем, објектите и соодветната опрема; 3. политиките и мерките од Стратегијата, Интегрираниот национален план за енергија и клима како и проценката на адекватноста на ресурсите во Република Северна Македонија,	Потполно усогласен			

				Годишниот план за изградба на енергетски објекти и општинските енергетски планови; 4. потребите од моќност и енергија за балансирање; 5.заштитата на јавното здравје и безбедноста; 6.заштитата на животната средина; 7.користењето на земјиштето и локациите; 8.користењето на јавните површини; 9.енергетската ефикасност; 10.видот на примарната енергија; 11.техничка, финансиска и економска способност на инвеститорот; 12.усогласеноста со мерките донесени во согласност со обврските за јавна услуга, особено во однос на квалитетот и континуитетот на снабдувањето со електрична енергија; 13.придонесот на производниот енергетски објект во однос на				

				намалувањето на емисиите на стаклснички гасови; 14.придонесот на производниот енергетски објект во учеството на енергијата произведена од обновливи извори на енергија во вкупната бруто финална потрошувачка на енергија согласно одлуката за утврдување на националните задолжителни цели согласно законот со кој се уредуваат обновливите извори на енергија и 15.алтернативата на изградбата на нов енергетски објект преку изградба и користење на складиште за електрична енергија и управување преку побарувачката.				
			Член 98 став (8)	(8) Владата може да одбие барање за овластување за изградба на директен вод, ако доделувањето на таквото овластување негативно влијае на вршењето на обврските за јавна услуга од овој закон. Одлуката за одбивање				

				задолжително содржи детално образложение.				
			Член 102 став (4)	(4)Во случај на недостаток на преносен или дистрибутивен капацитет или заради обезбедување на сигурноста во снабдувањето или безбедноста на соодветниот систем, операторите од ставот (1) на овој член, преземаат мерки со кои може на корисниците од ставот (2) на овој член да им се ограничи пристапот, во согласност со соодветните мрежни правила.				

Член 10 став 1	1. Земјите членки гарантираат дека сите крајни купувачи имаат право нивната електрична енергија да ја обезбедува снабдувач, согласно со договорот со тој снабдувач, без оглед на тоа во која земја членка е регистриран, под услов снабдувачот да ги следи применливите правила за тргување и балансирање. Во таа насока, земјите членки ги преземаат сите неопходни мерки за да осигурат дека административните процедури не ги дискриминираат снабдувачите кои се веќе регистрирани во друга земја членка.	ПЗЕ	Член 75 став (1) Член 178 ставови (1), (3) и (4)	(1) Подружница на странско лице организирана во Република Северна Македонија на чиј основач му е издадена лиценца или друг соодветен документ за вршење на трговија или снабдување со електрична енергија или гас или е НЕМО , во држава која што е договорна страна на Енергетската заедница или држава-членка на Европската Унија, може, со примена на начелото на реципроцитет, да ги врши овие дејности во Република Северна Македонија откако ќе му биде издадено решение за упис во регистарот на странски лица кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија. (1) Секој потрошувач на електрична енергија може по сопствен избор да се снабдува со електрична енергија од снабдувач, во согласност со условите утврдени со овој закон и со правилата за	Потполно усогласен			

				снабдување со електрична енергија. (3) Потрошувачот кој учествува на пазарот на електрична енергија на големо може да набавува електрична енергија директно од трговци или производители на електрична енергија или од организиран пазар на електрична енергија. (4) Потрошувачот кој учествува на пазарот на електрична енергија на големо може да купува електрична енергија од производител, снабдувач или трговец со електрична енергија од друга држава, која пристапила кон сите важечки меѓународни договори во областа на електричната енергија кои Република Северна Македонија ги има ратификувано и ги применува правилата и прописите донесени согласно со овој закон.				

Член 10 став 2	2. Без да е во спротивност со правилата на Унијата за заштита на потрошувачите, особено со Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и Директивата 93/13/ЕЕЗ на Советот, земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи ги имаат правата предвидени во ставовите 3 до 12 од овој член.	ПЗЕ	Член 178 став (5)	(5) Операторот на соодветниот систем им ја прекинува испораката на електрична енергија на потрошувачите кои немаат договор за снабдување со електрична енергија или не ја уредиле својата балансна одговорност во согласност со условите од овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, освен на домаќинствата и малите потрошувачи на електрична енергија кои се снабдуваат од универзалниот снабдувач.	Потполно усогласен			
Член 10 став 3 точка (а)	Крајните купувачи имаат право на договор со нивниот снабдувач во кој се специфицира: (а) идентитетот и адресата на снабдувачот;	ПЗЕ	Член 64 став (1)	(1)Регулаторната комисија за енергетика донесува посебни правила за снабдување со електрична енергија, топлинска енергија и гас.	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис	Во рок од девет месеци од влегување во сила на овој закон	

						од областа на енергетиката		
Член 10 став 3 точка (б)	(б) услугите кои се обезбедуваат, понудените нивоа на квалитет на услуги, како и времето на првичното поврзување;	ПЗЕ	Член 175 став (3)точка 2	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 2. стандардните услови за обезбедување и начин на користење на услугите,	Потполно усогласен			
Член 10 став 3 точка (в)	(в) видовите понудени услуги за одржување;	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 2	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 2. стандардните услови за обезбедување и начин на користење на услугите,	Потполно усогласен			

Член 10 став 3 точка (г)	(г) начинот на кој може да се добијат ажурираните информации за сите применливи тарифи, надоместоците за одржување и производите во пакети или услугите;	ПЗЕ	Член175 став (3) точка 1	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 1. важечките цени за електрична енергија,	Потполно усогласен			
Член 10 став 3 точка (д)	(д) времетраењето на договорот, условите за обновување и раскинување на договорот и услугите, вклучувајќи производи или услуги што се во пакет со тие услуги и дали е дозволено раскинување на договорот без наплата;	ПЗЕ	Член 175 став(3) точка 7	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 7. секоја промена на условите во договорот за снабдување, вклучително и зголемувањето на трошоците, најмалку 15 дена пред отпочнување на нивната примена, вклучувајќи го и правото на раскинување на договорот ако потрошувачот не ги прифати новите услови понудени во известувањето;	Потполно усогласен			

Член 10 став 3 точка (ѓ)	(ѓ) каква било компензација и поврат на средства што се применуваат доколку не се исполнети договорените нивоа на квалитет на услугата, вклучително и неточна или задоцнета наплата;	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 5	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 5. можноста за решавање на приговорите, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,	Потполно усогласен			
Член 10 став 3 точка (е)	(е) начинот на започнување постапка за вонсудско решавање на спорови во согласност со членот 26;	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 5	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 5. можноста за решавање на приговорите, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,	Потполно усогласен			

Член 10 став 3 точка (ж)	(ж) информации кои се однесуваат на правата на потрошувачите, вклучително и информации за постапување по приговори и сите информации наведени во овој став, кои се јасно соопштени на сметката или на веб-страницата на претпријатието за електрична енергија.	ПЗЕ	Член 175 став (1)	(1) Универзалниот снабдувач со електрична енергија е должен да воспостави единствен контакт центар, којшто е кадровски екипиран и технички опремен и преку кој на своите потрошувачи навремено, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавањето на споровите, во согласност со правилата за снабдување од член 64 од овој закон.	Потполно усогласен			
Член 10 потстав 3.1	Условите треба да бидат правични и однапред добро познати. Во секој случај, овие информации треба да се обезбедени пред склучување или потврдување на договорот. Кога договорите се склучуваат преку посредници, информациите кои се однесуваат на работите утврдени во овој став,	ПЗЕ	Член 175 став (1)	(1) Универзалниот снабдувач со електрична енергија е должен да воспостави единствен контакт центар, којшто е кадровски екипиран и технички опремен и преку кој на своите потрошувачи навремено, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни	Потполно усогласен			

	исто така, се обезбедуваат пред склучувањето на договорот.			информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавањето на споровите, во согласност со правилата за снабдување од член 64 од овој закон.				
Член 10 потстав 3.2	Крајните купувачи добиваат резиме на клучните договорни услови напишани на истакнат начин и на концизен и едноставен јазик.	ПЗЕ	Член 179 став (3)	(3) Општите услови кои снабдувачите им ги нудат на потрошувачите и одредбите со кои се уредуваат правата и обврските на потрошувачите во договорите за снабдување треба да бидат фер, транспарентни, јасни, прецизни и не треба да вклучуваат дополнителни барања кои можат да го попречат остварувањето на правата на потрошувачите и снабдувачите се должни да им ги направат достапни на потрошувачите пред склучување на договорот за снабдување.	Потполно усогласен			

Член 10 став 4	4. На крајните купувачи им се дава соодветно известување за каква било намера да ги изменат договорните услови и се информираат за нивното право да го раскинат договорот по прием на известувањето. Снабдувачите ги известуваат своите крајни купувачи, на транспарентен и разбирлив начин, директно за секое приспособување на цената на снабдување и за причините и предусловите за приспособувањето и неговиот обем, во соодветно време но најдоцна во рок од две недели или во случај на потрошувачи од категоријата домаќинства, не подоцна од еден месец пред приспособувањето да стапи во сила. Земјите членки гарантираат дека крајните купувачи можат слободно да ги раскинуваат договорите доколку не ги прифатат новите договорни услови или приспособувања на цената на снабдување за кои ги известил нивниот снабдувач.	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 7	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 7. секоја промена на условите во договорот за снабдување, вклучително и зголемувањето на трошоците, најмалку 15 дена пред отпочнување на нивната примена, вклучувајќи го и правото на раскинување на договорот ако потрошувачот не ги прифати новите услови понудени во известувањето;	Потполно усогласен			

Член 10 став 5	5. Снабдувачите им обезбедуваат на крајните купувачи транспарентни информации за применливите цени и тарифите како и за стандардните услови, во поглед на пристапот и користењето на услугите за електрична енергија.	ПЗЕ	Член 175 став (3) точки 1 и 2	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 1. важечките цени за електрична енергија; 2.стандардните услови за обезбедување и начин на користење на услугите;	Потполно усогласен			
Член 10 став 6	6. Снабдувачите им нудат широк избор на начини на плаќање на крајните купувачи. Таквите начини на плаќање не прават несоодветна дискриминација помеѓу купувачи. Секоја разлика во надоместоците поврзана со начините на плаќање или системите за претплата е објективна, недискриминаciска и пропорционална и не смее да биде повисока од директни трошоци што ги сноси примателот за употреба на специфичен начин на плаќање или систем на претплата, во согласност со членот 62 од Директива (ЕУ) 2015/2366 на Европскиот парламент и на Советот.	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 3	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 3. различните начини на плаќање кои оневозможуваат дискриминација меѓу потрошувачите,	Потполно усогласен			

Член 10 став 7	7. Во согласност со ставот 6, клиентите од категоријата домаќинствата кои имаат пристап до системи за претплата не смеат да бидат ставени во неповолна положба во тие системи за претплата.	ПЗЕ	Член 175 став (3) точка 3	(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, се уредуваат со правилата за снабдување и особено се однесуваат на: 3. различните начини на плаќање кои оневозможуваат дискриминација меѓу потрошувачите,	Потполно усогласен			
Член 10 став 8	8. Снабдувачите им нудат на крајните купувачи правични и транспарентни општи услови, кои се даваат на едноставен и недвосмислен јазик и не вклучуваат вондоговорни пречки за остварување на правата на купувачите, како што е прекумерна договорна документација. Купувачите мора да бидат заштитени од неправични или измамнички методи на продажба.	ПЗЕ	Член 179 став (3)	(3) Општите услови кои снабдувачите им ги нудат на потрошувачите и одредбите со кои се уредуваат правата и обврските на потрошувачите во договорите за снабдување треба да бидат фер, транспарентни, јасни, прецизни и не треба да вклучуваат дополнителни барања кои можат да го попречат остварувањето на правата на потрошувачите.	Потполно усогласен			

Член 10 став 9	9. Крајните купувачи имаат право на добар стандард на услуга и постапување со поплаки од страна на нивните снабдувачи. Снабдувачите ги решаваат жалбите на едноставен, правичен и навремен начин.	ПЗЕ	Член 173 став (5) точки 5 и 11	(5) Снабдувачот со електрична енергија е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да: 5. обезбедува услуги за своите потрошувачи со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија, 11. воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена од денот на поднесување на приговорот, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	Во рок од девет месеци од влегување во сила на овој закон	

Член 10 став 10	10. При пристапувањето до универзалната услуга според одредбите донесени од земјите членки во согласност со членот 27, крајните потрошувачи се информираат за нивните права во врска со универзалната услуга.	ПЗЕ	Член 8 став (11) точка 2	(11) Покрај обврските од ставот (10) на овој член, универзалниот снабдувач е должен да: 2.ги информира потрошувачите и ги објавува на својата веб-страница правата и условите под кои потрошувачите можат да бидат снабдувани од универзалниот снабдувач, цените за снабдување со електрична енергија и постапката за остварување на правото на промена на снабдувачот;	Потполно усогласен			
Член 10 став 11	11. Снабдувачите треба да им обезбедат на потрошувачите од категоријата домаќинство соодветни информации за алтернативните мерки за исклучување доволно време пред какво било планирано исклучување. Таквите алтернативни мерки може да се однесуваат на изворите на поддршка за да се избегне исклучување, системи за претплата, енергетски контроли, консултантски услуги во полето на енергијата, алтернативни планови за плаќање, совети за управување	ПЗЕ	Член 173 став (5) точка 8	(5) Снабдувачот со електрична енергија е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да: 8.овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија, за да можат потрошувачите да управуваат со својата потрошувачка;	Потполно усогласен			

	со долгови или мораториуми за исклучување и да не претставуваат дополнителен трошок за купувачите кои се соочуваат со исклучување.							
Член 10 став 12	12. Снабдувачите треба да им обезбедат на крајните потрошувачи конечна пресметка по секое менување на снабдувач најдоцна во рок од шест недели по промената на снабдувачот.	ПЗЕ	Член 173 став (5) точка 10	(5) Снабдувачот со електрична енергија е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да: 10. обезбеди при секоја промена на снабдувач со електрична енергија, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од денот на промената на снабдувачот;	Потполно усогласен			

Член 11 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека националната регулаторна рамка им овозможува на снабдувачите да понудат договори со динамично одредување на цената на електрична енергија. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи кои имаат инсталирано паметно броило може да побараат склучување договор за динамична цена на електрична енергија со најмалку еден снабдувач и со секој снабдувач што има повеќе од 200.000 крајни купувачи. .	ПЗЕ	Член 180 ставови (1) и (3)	(1) Снабдувачите со електрична енергија, со исклучок на универзалниот снабдувач, имаат право да склучуваат договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена со потрошувачите. (3) На барање на потрошувач кој има инсталирано паметни мерни системи, снабдувачот кој има повеќе од 200.000 потрошувачи е должен да склучи договор за снабдување со електричната енергија со динамична цена.	Потполно усогласен			
Член 11 став 2	2. Земјите членки обезбедуваат дека крајните потрошувачи се целосно информирани од снабдувачите за можностите, трошоците и ризиците од ваквите договори за динамично одредување на цената на електричната енергија и гарантираат дека од снабдувачите се бара соодветно да им даваат информации на крајните купувачи, вклучително и информации за потребата од инсталирање	ПЗЕ	Член 180 став (2)	(2) Снабдувачите ги информираат потрошувачите за можностите, трошоците и ризиците од договорите за снабдување со електричната енергија со динамични цени, како и за потребата од инсталирање на паметни мерни системи.	Потполно усогласен			

	соодветно броило за електрична енергија. Регулаторните тела го следат движењата на пазарот и ги проценуваат ризиците што може да ги донесат новите производи и услуги и се справуваат со злоупотребувачки практики.							
Член 11 став 3	3. Снабдувачите треба да добијат согласност од секој конечен купувач пред тој да го промени договорот со динамично одредување на цената на електричната енергија.	ПЗЕ	Член 180 став (5)	(5) Снабдувачот треба да добие согласност од потрошувачот пред да го измени или да склучи анекс на договорот за снабдување, со договор за снабдување со електрична енергија со динамична цена.	Потполно усогласен			
Член 11 став 4	4. За најмалку десет години откако договорите за динамично одредување на цената на електричната енергија ќе станат достапни, земјите членки или нивните регулаторни тела ќе ги следат главните движења на таквите договори, вклучувајќи ги понудите на пазарот и нивното влијание врз сметките на потрошувачите, а особено нивото	ПЗЕ	Член 180 став (6)	(6) Регулаторната комисија за енергетика ја следи примената на договорите за снабдување со електрична енергија со динамични цени, понудите на овие договори на пазарот, како и нивното влијание врз сметките на потрошувачите и нивото на променливост на цените, за најмалку 10 години од нивната достапност, а наодите ги објавува	Потполно усогласен			

	на нестабилност на цените и за ова објавуваат годишен извештај.			во извештајот од членот 72 од овој закон.				
Член 12 став 1	1. Менувањето на снабдувачот или учесникот на пазарот кои се вклучени во агрегирањето се врши во најкус можен рок. Земјите членки обезбедуваат дека купувачот кој сака да ги менува снабдувачите или учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето има право на такво менување во рок од најмногу три недели од датумот на барањето, притоа почитувајќи ги договорните услови. Најдоцна до 2026 година, техничкиот процес на менување на снабдувачот трае не подолго од 24 часа и може да се изврши во кој било работен ден. .	ПЗЕ	Член 176 ставови (1), (2) и (3)	(1) Секој потрошувач има право да го промени својот снабдувач. (2) Промената на снабдувачот се врши на барање на потрошувачот. (3) Снабдувачите со електрична енергија и операторите на соодветните системи овозможуваат постапката за промена на снабдувач да се изврши во рок од 48 часа од приемот на барањето за промена, на недискриминаторен начин во однос на трошоците и дејствијата и во постапка пропишана со правилата за снабдување со електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 12 став 2	2. Земјите членки обезбедуваат дека барем на купувачите од категоријата домаќинства и малите претпријатија нема да им се наплатуваат такси поврзани со менувањето.	ПЗЕ	Член 176 став (4)	(4) Домаќинствата и малите потрошувачи имаат право на промена на снабдувач без никакви трошоци.	Потполно усогласен			
Член 12 став 3	3. По пат на отстапување од ставот 2, земјите членки можат да им дозволат на снабдувачите или на учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето на купувачите да им наплатат надоместоци за раскинување на договорот, кога тие купувачи доброволно ги раскинуваат договорите за снабдување со електрична енергија на определено време и со фиксна цена пред нивното истекување, под услов тие надоместоци да се дел од договорот што купувачот доброволно го склучил и тие надоместоци му се јасно соопштени на купувачот пред склучувањето на договорот. Таквите надоместоци се пропорционални и не ја	ПЗЕ	Член 176 ставови (5), (6) и (7)	(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, снабдувачот со електрична енергија може да наплати надоместок за економска загуба, ако потрошувачот едностранo и предвремено го раскине договорот за снабдување со определено времетраење и со фиксна цена, а раскинувањето не било поради неисполнување на обврските од страна на снабдувачот, при што надоместокот бил предвиден со договорот и потрошувачот бил претходно запознаен со можноста за плаќање на надоместокот. (6) Надоместокот од ставот (5) на овој член, треба да биде сразмерен и да не ја надмине директната економска загуба на снабдувачот што произлегува од	Потполно усогласен			

	надминуваат директната економска загуба за снабдувачот или учесникот на пазарот вклучени во агрегирањето поради раскинувањето на договорот од страна на купувачот, вклучувајќи ги и трошоците за сите инвестиции во пакетот или во услугите што веќе му биле дадени на клиентот како дел од договорот. Товарот на докажување на директната економска загуба го сноси снабдувачот или учесникот на пазарот вклучен во агрегирањето, а дозволеноста на надоместоците за раскинување на договорот ги следи регулаторниот орган или друг национален надлежен орган.			раскинувањето на договорот, вклучително и трошоците за инвестиции или услуги поврзани со снабдувањето, кои веќе му биле обезбедени на потрошувачот како дел од договорот за снабдување, при што товарот за докажување на директната економска загуба е на снабдувачот или агрегаторот вклучувајќи ги и трошоците за какви било инвестиции или услуги кои се веќе обезбедени на потрошувачот како дел од договорот. Потрошувачот има право да достави приговор до Регулаторната комисија за енергетика во однос на пресметаниот надоместок од ставот (5) на овој член. (7) Условите од договорот за снабдување кои се однесуваат на надоместокот од ставот (5) на овој член, ги следи Регулаторната комисија за енергетика. Товарот на докажување на директната економска загуба го сноси				

				снабдувачот или учесникот на пазарот.				
Член 12 став 4	4. Земјите членки обезбедуваат дека правото на менување на снабдувачот или учесниците на пазарот кои се вклучени во агрегирањето им се доделува на купувачите на недискриминациски начин во однос на трошоците, напорите и времето.	ПЗЕ	Член 176 став (3)	(3) Снабдувачите со електрична енергија и операторите на соодветните системи овозможуваат постапката за промена на снабдувач да се изврши во рок од 48 часа од приемот на барањето за промена, на недискриминаторен начин во однос на трошоците и дејствијата и во постапка пропишана со правилата за снабдување со електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 12 став 5	5. Купувачите од категоријата домаќинства имаат право да учествуваат во шемите за колективно менување на снабдувачот. Земјите членки ги отстрануваат сите регулаторни или административни пречки за колективно менување, а воедно обезбедуваат рамка што овозможува најголема заштита на потрошувачите за да се избегнат какви било штетни практики.	ПЗЕ	Член 176 став (8)	(8) Домаќинствата имаат право да учествуваат во шеми за колективна промена на снабдувач.	Потполно усогласен			
Член 13 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека сите купувачи можат независно од нивниот договор за снабдување со електрична енергија од претприајтието за електрична енергија по сопствен избор да купуваат и да продаваат услуги за електрична енергија кои вклучуваат агрегирање но не и снабдување. .	ПЗЕ	Член 181 став (1)	(1) Крајните потрошувачи кои учествуваат на пазарот на електрична енергија, активните потрошувачи, производителите на електрична енергија и операторите со складишта на електрична енергија приклучени на електропреносната или електродистрибутивната мрежа, кои ги исполнуваат техничките и другите услови определени во правилата за пазарот на балансна енергија и соодветните мрежни правила, по сопствен избор можат да склучат договор за агрегација со	Потполно усогласен			

				вршител на енергетска дејност, кој се јавува во својство на агрегатор : 1. без оглед на тоа дали е договорна страна во важечки договор за снабдување со електрична енергија, договор за откуп на произведена или складирана електрична енергија или друг договор за агрегација и 2. без претходна согласност од постојниот снабдувач на електрична енергија или агрегатор.				
Член 13 став 2	2. Земјите членки осигуруваат дека кога крајниот купувач сака да склучи договор за агрегирање тој има право на тоа и без согласност од претпријатијата за електрична енергија на крајниот купувач. Земјите членки обезбедуваат дека учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето целосно ги информираат купувачите за условите на договорите што им ги нудат.	ПЗЕ	Член 181 став (1) точка 2 и став (2)	2. без претходна согласност од постојниот снабдувач на електрична енергија или агрегатор. (2) Пред склучувањето на договорот за агрегација, агрегаторот му ги обезбедува на лицето од став (1) на овој член сите потребни информации за условите од понудениот договор.	Потполно усогласен			

Член 13 став 3	3. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи имаат право бесплатно да ги добијат сите релевантни податоци за управување со потрошувачката енергија или податоците за испорачаната и продадената електрична енергија најмалку еднаш во секој период на наплата, доколку тоа го побара купувачот.	ПЗЕ	Член 181 Став (3)	(3) Во текот на извршувањето на склучениот договор за агрегација, најмалку еднаш во секој период на фактурирање, и/или по барање на лицето од ставот (1) на овој член, на недискриминаторен начин и без надоместок: 1. агрегаторот му овозможува непречен пристап до податоците потребни за управување со производството, управување преку побарувачката или управување со складиштето на електрична енергија и 2. операторот на соодветниот електроенергетски систем му овозможува непречен пристап до податоците за неговата предадена, односно преземена енергија и моќност.	Потполно усогласен			

Член 13 став 4	4. Земјите членки обезбедуваат дека правата наведени во ставовите 2 и 3 им се даваат на крајните купувачи на недискриминациски начин во однос на трошоците, напорите или времето. Земјите членки особено обезбедуваат дека купувачите не подлежат на дискриминациски технички и административни барања, постапки или надоместоци од нивниот снабдувач врз основа на тоа дали имаат договор со учесникот на пазарот вклучен во агрегирањето.	ПЗЕ	Член 181 став (4)	(4) Снабдувачот со електрична енергија на крајниот потрошувач кој има склучено договор за агрегација не смее да му наметнува дискриминаторни технички и административни барања, услови, постапки или дополнителни надоместоци во врска со извршувањето на договорот за снабдување, ниту да го попречува договорот за агрегација.	Потполно усогласен			
Член 14 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека барем купувачите од категоријата домаќинства и микропретпријатија со очекувана годишна потрошувачка под 100.000 kWh, имаат бесплатен пристап до барем една алатка за споредба на понудите на снабдувачите, вклучително и понудите за договори со динамично одредување на цената на електрична енергија. Купувачите мора да бидат информирани за достапноста на овие алатки во или заедно со	ПЗЕ	Член 63 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и одржува веб-платформа за споредба на цени на електрична енергија која што е достапна преку интернет и која им дава можност на потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинства и мали потрошувачи кои согласно Законот за трговските друштва се класифицираат како микро трговци со очекувана годишна потрошувачка на	Потполно усогласен			

	нивните сметки или преку други средства. Алатките треба да ги исполнуваат најмалку следниве барања:			електрична енергија помала од 100 000 kWh, во секое време и без надоместок да имаат директен пристап до јасни, сеопфатни и ажурирани информации за цените на електрична енергија, периодот на траење на договорот за снабдување, фактурирањето, вклучително и условите за склучување на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, како и другите услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија, со цел да направат споредба на понудите од различни снабдувачи и да им се олесни изборот на снабдувач, за која цел снабдувачот внесува понуда на платформата, која ги содржи следниве елементи: 1. цени за електрична енергија по напонско ниво и период на испорака во текот на денот и/или годината, за секоја категорија на потрошувачи; 2. времетраење на договорите за снабдување;				

				3. кратка информација во врска со одредени комерцијални карактеристики на понудата; 4. постапки за промена на снабдувач кои ги применува снабдувачот; 5. правата и обврските на потрошувачите; 6. начините за заштеда на енергија и 7. други услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија.				
Член 14 став 1 точка (а)	(а) тие треба да бидат независни од учесниците на пазарот и да обезбедат дека претпријатијата за електрична енергија добиваат еднаков третман во резултатите од пребарувањето;	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 1	(3) При воспоставувањето и одржувањето на платформата Регулаторната комисија за енергетика обезбедува: 1. независност на платформата од интересите на учесниците на пазарот, односно воспоставувањето и одржувањето на платформата да не е финансирано или на друг начин материјално подржано од учесниците на пазарот на електрична енергија,	Потполно усогласен			

Член 14 став 1 точка (б)	(б) тие треба јасно да ги наведат своите сопственици како и физичкото или правното лице кое управува и ги контролира алатките, како и информации за начинот на финансирање на истите;	ПЗЕ	Член 63 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и одржува веб-платформа за споредба на цени на електрична енергија која што е достапна преку интернет и која им дава можност на потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинства и мали потрошувачи кои согласно Законот за трговските друштва се класифицираат како микро трговци со очекувана годишна потрошувачка на електрична енергија помала од 100 000 kWh, во секое време и без надоместок да имаат директен пристап до јасни, сеопфатни и ажурирани информации за цените на електрична енергија, периодот на траење на договорот за снабдување, фактурирањето, вклучително и условите за склучување на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, како и другите услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија, со цел да направат	Потполно усогласен			

				споредба на понудите од различни снабдувачи и да им се олесни изборот на снабдувач, за која цел снабдувачот внесува понуда на платформата, која ги содржи следниве елементи: 1. цени за електрична енергија по напонско ниво и период на испорака во текот на денот и/или годината, за секоја категорија на потрошувачи; 2. времетраење на договорите за снабдување; 3. кратка информација во врска со одредени комерцијални карактеристики на понудата; 4. постапки за промена на снабдувач кои ги применува снабдувачот; 5. правата и обврските на потрошувачите; 6. начините за заштеда на енергија и 7. други услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија.				

Член 14 став 1 точка (в)	(в) тие мора да утврдат јасни и објективни критериуми врз кои се заснова споредбата, вклучително и услугите и да ги објават;	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 3	(3) При воспоставувањето и одржувањето на платформата од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика обезбедува: 3. објавување на јасни и објективни критериуми врз кои треба да се заснова споредбата, вклучувајќи ги и услугите што ги нудат снабдувачите,	Потполно усогласен			
Член 14 став 1 точка (г)	(г) тие треба да користат обичен и недвосмислен јазик;	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 4	4. точни и ажурирани информации искажани на јасен и недвосмислен начин со наведување на моментот на последното ажурирање на информациите,	Потполно усогласен			
Член 14 став 1 точка (д)	(д) тие треба да обезбедат точни и ажурирани информации и да го наведат времето на последното ажурирање;	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 4	4. точни и ажурирани информации искажани на јасен и недвосмислен начин со наведување на моментот на последното ажурирање на информациите,	Потполно усогласен			

Член 14 став 1 точка (ѓ)	(ѓ) тие треба да бидат достапни за лицата со попреченост, со тоа што се разбирливи, оперативни, јасни и отпорни;	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 5	5. објавените информации да бидат достапни за лицата со попреченост,	Потполно усогласен			
Член 14 став 1 точка (е)	(е) тие треба да обезбедат ефективна постапка за пријавување неточни информации за објавените понуди; и	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 6	6. делотворна постапка за пријавување на неточни информации за објавените понуди и	Потполно усогласен			
Член 14 став 1 точка (ж)	(ж) тие треба да извршуваат споредби, притоа ограничувајќи ги бараните лични податоци на строго неопходните за споредба.	ПЗЕ	Член 63 став (3) точка 7	7. заштита на личните податоци на потрошувачите коишто ја користат платформата.	Потполно усогласен			

Член 14 потстав 1.1	Земјите членки обезбедуваат дека барем една алатка го покрива целиот пазар. Кога повеќе алатки го покриваат пазарот, истите ги вклучуваат, колку што е можно поцелосно, низата понуди за електрична енергија што покриваат значителен дел од пазарот, а доколку не го покриваат целосно пазарот, јасна изјава за овој факт пред прикажувањето на резултатите.	ПЗЕ			Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	
Член 14 став 2	2. Со алатките наведени во став 1 може да управува кој било субјект, вклучително и приватни компании и јавни органи или тела.	ПЗЕ	Член 63 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и одржува веб-платформа за споредба на цени на електрична енергија која што е достапна преку интернет и која им дава можност на потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинства и мали потрошувачи кои согласно Законот за трговските друштва се класифицираат како микро трговци со очекувана годишна потрошувачка на електрична енергија помала од 100 000 kWh, во секое време и без	Потполно усогласен			

				надоместок да имаат директен пристап до јасни, сеопфатни и ажурирани информации за цените на електрична енергија, периодот на траење на договорот за снабдување, фактурирањето, вклучително и условите за склучување на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, како и другите услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија, со цел да направат споредба на понудите од различни снабдувачи и да им се олесни изборот на снабдувач, за која цел снабдувачот внесува понуда на платформата, која ги содржи следниве елементи: 1. цени за електрична енергија по напонско ниво и период на испорака во текот на денот и/или годината, за секоја категорија на потрошувачи; 2. времетраење на договорите за снабдување;				

				3. кратка информација во врска со одредени комерцијални карактеристики на понудата; 4. постапки за промена на снабдувач кои ги применува снабдувачот; 5. правата и обврските на потрошувачите; 6. начините за заштеда на енергија и 7. други услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија.				
Член 14 став 3	3. Земјите членки назначуваат надлежен орган одговорен за издавање ознаки за доверба за алатките за споредување што ги исполнуваат условите утврдени во став 1 и за обезбедување дека алатките за споредба со ознака за доверба продолжуваат да ги исполнуваат барањата утврдени во став 1. Тој орган дејствува независно од кој било учесник на пазарот и операторите на алатки за споредба.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енер	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	

						гетик ата		
Член 14 став 4	4. Земјите членки може да бараат алатките за споредба наведени во став 1 да вклучуваат компаративни критериуми поврзани со природата на услугите што ги нудат снабдувачите.	ПЗЕ	Член 63 став (1) точка 7	(1) Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и одржува веб-платформа за споредба на цени на електрична енергија која што е достапна преку интернет и која им дава можност на потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинства и мали потрошувачи кои согласно Законот за трговските друштва се класифицираат како микро трговци со очекувана годишна потрошувачка на електрична енергија помала од 100 000 kWh, во секое време и без надоместок да имаат директен пристап до јасни, сеопфатни и ажурирани информации за цените на електрична енергија, периодот на траење на договорот за	Потполно усогласен			

				снабдување, фактурирањето, вклучително и условите за склучување на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, како и другите услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија, со цел да направат споредба на понудите од различни снабдувачи и да им се олесни изборот на снабдувач, за која цел снабдувачот внесува понуда на платформата, која ги содржи следниве елементи: 7. други услуги поврзани со снабдувањето со електрична енергија.				
Член 14 став 5	5. Секоја алатка што ги споредува понудите на учесниците на пазарот има право да аплицира за ознака за доверба во согласност со овој член на доброволна и недискриминациска основа.				Не е релевантен за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите членки на Европската Унија

Член 14 став 6	6. По пат на отстапување од ставовите 3 и 5, земјите членки можат да изберат да не предвидат издавање на ознака за доверба на алатките за споредба ако јавниот орган или тело обезбеди инструмент за споредба што ги исполнува барањата утврдени во ставот 1.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите членки на Европската Унија
Член 15 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи имаат право да дејствуваат како активни купувачи без да бидат предмет на непропорционални или дискриминациски технички барања, административни барања, процедури, трошоци ниту мрежни давачки кои не ги одразуваат трошоците.	ПЗЕ	Член 182 став (1)	(1) На активен потрошувач не смее да му се наметнуваат несразмерни или дискриминаторни технички и административни барања, постапки и надоместоци за пристап и приклучување на мрежата, како и за учество на пазарот на електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 15 став 2 точка (а)	2. Земјите членки обезбедуваат дека активните купувачи: (а) имаат право да работат директно или преку агрегирање;	ПЗЕ	Член 182 став (2) точки 1 и 2	(2) Активниот потрошувач има право да: 1. ја продава произведената електрична енергија на својот снабдувач со кого во договорот за снабдување има одредби за откуп на произведената електрична енергија; 2. ја продава произведената електрична енергија на пазарот на електрична енергија на големо и тоа: 2.1. директно, ако инсталираната моќност на постројката е над прагот определен со правилата за регистрација за учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори или 2.2. индиректно преку агрегатор или снабдувач или 2.3. имаат право да ја продаваат електричната енергија од сопствено производство, вклучително и преку договори за купување електрична енергија;	Потполно усогласен			

Член 15 став 2 точка (б)	(б) имаат право да ја продаваат електричната енергија од сопствено производство, вклучително и преку договори за купување електрична енергија;	ПЗЕ	Член 182 став (2) точка 2 потточка 2.1.	(2) Активниот потрошувач има право да: 1. ја продава произведената електрична енергија на својот снабдувач со кого во договорот за снабдување има одредби за откуп на произведената електрична енергија; 2. ја продава произведената електрична енергија на пазарот на електрична енергија на големо и тоа: 2.1. директно, ако инсталираната моќност на постројката е над прагот определен со правилата за регистрација за учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори или	Потполно усогласен			

Член 15 став 2 точка (в)	(в) имаат право да учествуваат во програми за флексибилност и за енергетска ефикасност;	ПЗЕ	Член 182 став (2) точка 3	(2) Активниот потрошувач има право да: 3. учествува во механизмите за обезбедување флексибилност на системот и шеми за енергетска ефикасност.	Потполно усогласен			
Член 15 став 2 точка (г)	(г) имаат право да го делегираат управувањето со инсталациите потребни за нивните активности на трета страна, вклучително и поставувањето, работата, ракувањето со податоците и одржувањето, без таа трета страна да се смета како активен купувач;	ПЗЕ	Член 182 став (3)	(3) Активниот потрошувач може да овласти трето лице за инсталирањето, одржувањето и функционирањето на постројката за производство на електрична енергија, вклучително и обработка со податоците, при што третото лице не се смета за активен потрошувач.	Потполно усогласен			
Член 15 став 2 точка (д)	(д) подлежат на мрежни трошоци кои ги рефлектираат трошоците кои се транспарентни и недискриминациски кои одделно ја прикажуваат електричната енергија што се внесува во мрежата и електричната енергија потрошена од мрежата, во согласност со член 59 (9) од оваа директива и членот 18 од Регулативата (ЕУ) 2019/943,	ПЗЕ	Член 182 став (4)	(4) Активниот потрошувач за електричната енергија преземена од мрежата, на операторот на соодветниот систем, плаќа надоместок за користење на мрежата одреден на транспарентен и недискриминаторен начин.	Потполно усогласен			

	осигурувајќи дека тие придонесуваат на адекватен и избалансиран начин во вкупната поделба на трошоците на системот;							
Член 15 став 2 точка (ѓ)	(ѓ) се финансиски одговорни за нерамнотежата што ја предизвикуваат во електроенергетскиот систем; до таа мера тие се одговорни страни за отстапувањата или ја пренесуваат својата одговорност за отстапувањата во согласност со член 5 од Регулативата (ЕУ) 2019/943.	ПЗЕ	Член 182 став (5)	(5) Активниот потрошувач, кој директно учествува на пазарот на електрична енергија претходно ја уредува својата балансна одговорност.	Потполно усогласен			
Член 15 став 3	3. Земјите членки, во своето национално законодавство може да имаат различни одредби што се применуваат на индивидуалните крајни купувачи и за оние кои дејствуваат заеднички, под услов сите права и обврски според овој член да важат за сите активни купувачи. Секоја разлика во	ПЗЕ	Член 182 став (1)	(1) На активен потрошувач не смее да му се наметнуваат несразмерни или дискриминаторни технички и административни барања, постапки и надоместоци за пристап и приклучување на мрежата, како и за учество на пазарот на електрична енергија.	Потполно усогласен			

	третманот кон активните купувачи кои дејствуваат заедно е пропорционална и соодветно оправдана.							
Член 15 став 4	4. Земјите членки кои имаат постојни програми кои не ја одвојуваат одделно електричната енергија што се внесува во мрежата и електричната енергија потрошена од мрежата, нема да даваат нови права според ваквите програми по 31 декември 2023 година. Во секој случај, купувачите кои се предмет на постојните програми имаат можност во секое време да изберат нова програма која одделно ја пресметува електричната енергија што се внесува во мрежата и потрошената електрична енергија од мрежата како основа за пресметување на мрежните давачки.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	

Член 15 став 5 точка (а)	(а) имаат право на приклучување на мрежата во разумен рок по поднесување на барањето, под услов да се исполнети сите потребни услови, како што се одговорност за балансирање и соодветно мерење;	ПЗЕ	Член 182 став (6) точка 1	(6) Активниот потрошувач, кој поседува складиште за енергија: 1. има право на приклучување на мрежата во разумен рок по барањето, ако ги исполнува условите пропишани со прописите и правилата донесени врз основа на овој закон;	Потполно усогласен			
Член 15 став 5 точка (б)	(б) не подлежат на двојни трошоци, вклучително и трошоци за мрежата, за складираната електрична енергија што останува во нивните простории или при обезбедување услуги за флексибилност на операторите на системот;	ПЗЕ	Член 182 Став (6) точка 2	(6) Активниот потрошувач, кој поседува складиште за енергија: 2. не подлежи на двојни надоместоци за складираната електрична енергија што ја користи за свои потреби или за обезбедување услуги за флексибилност на операторите на електроенергетските системи;	Потполно усогласен			

Член 15 став 5 точка (в)	(в) не подлежат на непропорционални барања или надоместоци за лиценца;	ПЗЕ	Член 182 став (6) точка 3	(6) Активниот потрошувач, кој поседува складиште за енергија: 3. нема обврска да прибави лиценца за оператор на складиште со електрична енергија и не подлежи на непропорционални барања за лиценцирање или такси и	Потполно усогласен			
Член 15 став 5 точка (г)	(г) смеат, доколку е технички изводливо, истовремено да обезбедуваат неколку услуги.	ПЗЕ	Член 182 став (6) точка 4	(6) Активниот потрошувач, кој поседува складиште за енергија: 4.смее да учествува на пазарот на балансна енергија на кој може да дава повеќе услуги истовремено, ако е технички изводливо.	Потполно усогласен			
Член 16 став 1 точка (а)	1. Земјите членки обезбедуваат регулаторна рамка за граѓанските енергетски заедници обезбедувајќи: (а) учеството во граѓанската енергетска заедница	ПЗЕ	Член 3 точка 30	(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: 30. „граѓанска енергетска заедница“ е правно лице, кое се заснова на доброволно и отворено учество и ефективно го контролираат членовите или сопствениците на уделите кои се	Потполно усогласен			

				физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје (во натамошниот текст: единици на локалната самоуправа) или правни лица согласно Законот за трговските друштва, кои споделуваат заеднички приклучок на електродистрибутивната или електропреносната мрежа.Како своја примарна цел има обезбедување на еколошки, економски или социјални придобивки за своите членови или сопственици на удели или за локалното подрачје каде што дејствува. Може да се вклучи во производството на електрична енергија, вклучително и од обновливи извори на енергија, во продажбата, дистрибуцијата во рамките на опфатот на граѓанската енергетска заедница, снабдувањето, потрошувачката, агрегацијата, складирањето на енергија, услугите за енергетска ефикасност или услугите на полнење на електрични возила или				

				да обезбедуваат други енергетски услуги за своите членови или сопственици на удели;				
Член 16 став 1 точка (б)	(б) членовите или акционерите на граѓанската енергетска заедница имаат право да ја напуштат заедницата а во тој случај се применува членот 12;	ПЗЕ	Член 183 став (3)	(3) При пристапување и истапување на член од граѓанска енергетската заедница соодветно се применуваат одредбите за промена на снабдувач од членот 176 од овој закон.	Потполно усогласен			
Член 16 став 1 точка (в)	(в) членовите или акционерите на граѓанската енергетска заедница не ги губат своите права и обврски како купувачи од категоријата домаќинства или активни потрошувачи;	ПЗЕ	Член 183 став (2)	(2) Граѓанската енергетска заедница ги врши енергетските дејности во согласност со овој закон и правилата и прописите донесени врз основа на овој закон и издадените лиценци, при што со членството во граѓанската енергетска заедница потрошувачите не ги губат своите права и обврски во однос на пристапот на мрежата и	Потполно усогласен			

				снабдувањето со електрична енергија, кои ги имаат како домаќинства или активни потрошувачи.				
Член 16 став 1 точка (г)	(г) предмет на соодветен надоместок, како што го оценува регулаторниот орган, релевантните оператори на дистрбутивните системи соработуваат со граѓанските енергетски заедници за да се олесни преносот на електрична енергија во рамките на граѓанските енергетски заедници;	ПЗЕ	Член 183 став (4) точка 3	3. можноста за олеснета испорака на електрична енергија во и од заедницата преку електродистрибутивниот систем, за што на операторот на електродистрибутивниот систем му се определува правичен надоместок.	Потполно усогласен			
Член 16 став 1 точка (д)	(д) граѓанските енергетски заедници подлежат на недискриминациски, правични, пропорционални и транспарентни процедури и надоместоци, вклучително и за регистрацијата и лиценцирањето, како и на транспарентни, недискриминациски мрежни надоместоци во согласност со член 18 од Регулативата (ЕУ) 2019/943, осигурувајќи дека тие придонесуваат за адекватен и избалансиран начин во вкупното	ПЗЕ	Член 183 став (5) точка 1 и став (10)	(5) Правилата донесени врз основа на овој закон со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓанските енергетски заедници обезбедуваат граѓанската енергетска заедница: 1. да се третира на недискриминаторен и сразмерен начин во однос на нејзините права и обврски како краен потрошувач, производител, снабдувач, оператор на дистрибутивен	Потполно усогласен			

	споделување на трошоците на системот.			систем, оператор за складирање на енергија, давател на услуги за управување преку побарувачка или агрегатор; (10) На пресметковните мерни места на членовите на граѓанската енергетска заедница приклучени на мрежите што не се во сопственост или управувани од заедницата се применуваат: 1. посебно мерење на кое ја регистрира предадената и преземената електрична енергија во мрежата или од мрежата и 2. тарифите за пренос и дистрибуција на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика.				
Член 16 став 2 точка (а)	2. Земјите членки може да обезбедат овозможувачка регулаторната рамка за да граѓанските енергетски заедници: (а) бидат отворени за прекугранично учество;	ПЗЕ	Член 183 став (4) точка 1	(4) Соодветните правила донесени врз основа на овој закон, содржат одредби со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓански енергетски заедници во однос на: 1. учество на пазарите на електрична енергија;	Потполно усогласен			

Член 16 став 2 точка (б)	(б) имаат право да поседуваат, воспоставуваат, купуваат или изнајмуваат дистрибутивни мрежи и автономно да управуваат со нив, под услови утврдени во ставот 4 на овој член;	ПЗЕ	Член 183 став (4) точка 2	2. можноста да бидат сопственици или да станат оператори на затворени системи за дистрибуција на електрична енергија и самостојно да ги управуваат под условите и во согласност со одредбите од ставот (11) на овој член и	Потполно усогласен			
Член 16 став 2 точка (в)	(в) подлежат на исклучоци предвидени во членот 38 (2).	ПЗЕ	Член 183 став (11)	(11) Регулаторна комисија за енергетика на електродистрибутивната мрежа која е во сопственост или со која управува граѓанската енергетска заедница може да и додели статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија, односно на граѓанската енергетска заедница да и додели статус на оператор на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија во согласност со одредбите од овој закон, при што се применуваат прописите и правилата со кои се уредуваат правата и обврските на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 16 став 3 точка (а)	3. Земјите членки обезбедуваат дека граѓанските енергетски заедници: (а) можат да пристапат до сите пазари на електрична енергија, директно или преку агрегирање, на недискриминациски начин;	ПЗЕ	Член 183 став (4) точка 1	(4) Соодветните правила донесени врз основа на овој закон, содржат одредби со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓански енергетски заедници во однос на: 1. учество на пазарите на електрична енергија;	Потполно усогласен			
Член 16 став 3 точка (б)	(б) се третираат на недискриминациски и пропорционален начин во однос на нивните активности, права и обврски како крајни купувачи, производители, снабдувачи, оператори на дистрибутивни системи или учесници на пазарот вклучени во агрегирањето;	ПЗЕ	Член 183 Став (5)) точка 1	(5) Правилата донесени врз основа на овој закон со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓанските енергетски заедници обезбедуваат граѓанската енергетска заедница: 1. да се третира на недискриминаторен и сразмерен начин во однос на нејзините права и обврски како краен потрошувач, производител, снабдувач, оператор на дистрибутивен систем, оператор за складирање на енергија, давател на услуги за управување преку побарувачка или агрегатор;	Потполно усогласен			

Член 16 став 3 точка (в)	(в) се финансиски одговорни за нерамнотежата што ја предизвикуваат во електроенергетскиот систем; до таа мера тие се одговорни страни за отстапувањата или ја пренесуваат својата одговорност за отстапување во согласност со член 5 од Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 183 Став (5) точка 3	(5) Правилата донесени врз основа на овој закон со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓанските енергетски заедници обезбедуваат граѓанската енергетска заедница: 3. да ја уреди балансната одговорност.	Потполно усогласен			
Член 16 став 3 точка (г)	(г) во однос на потрошувачката на електричната енергија од сопствено производство, граѓанските енергетски заедници се третираат како активни купувачи во согласност со точка (д) од член 15 (2);	ПЗЕ	Член 183 став (5) точка 2	(5) Правилата донесени врз основа на овој закон со кои се уредува начинот на остварување на правата и обврските на граѓанските енергетски заедници обезбедуваат граѓанската енергетска заедница:	Потполно усогласен			

				2. да има третман на активен потрошувач согласно членот 181 став (3) од овој закон, во однос на потрошувачката на електричната енергија произведена од производните постројки на заедницата.				
Член 16 став 3 точка (д)	(д) имаат право во рамките на граѓанската енергетска заедница да организираат споделување на електричната енергија што се произведува од производствените единици во сопственост на заедницата, предмет на други барања утврдени во овој член и додека членовите на заедницата ги задржуваат своите права и обврски како крајни купувачи.	ПЗЕ	Член 183 став (6)	(6) Граѓанската енергетска заедница има право да ја распредели произведената електричната енергија од производните постројки на заедницата меѓу своите членови во согласност со меѓусебно договорените обврски.	Потполно усогласен			
Член 16 потстав 3.1	За цели на точката (д) од првиот потстав, делењето на електричната енергија не е во спротивност со применливите мрежни давачки, тарифи и такси, во согласност со транспарентна анализа на трошоците и придобивките на дистрибуираните енергетски	ПЗЕ	Член 183 став (13)	(13) Ако Регулаторната комисија за енергетика ја изземала граѓанската енергетска заедница од обврската за одобрување на тарифи за дистрибуција на електрична енергија согласно членот 171 став (4) точка 2 од овој закон, тарифата за членовите на заедницата ја	Потполно усогласен			

	ресурси развиена од страна на националното надлежно тело.			одредува заедницата врз основа на претходно спроведена анализа на трошоци и придобивки од дистрибуирањето на електричната енергија.				
Член 16 став 4	4. Земјите членки може да донесат одлука за доделување на право на граѓанските енергетски заедници за управување со дистрибутивните мрежи во нивната област на работење како и воспоставување на релевантни процедури, без тоа да е во спротивност со поглавјето IV или со други правила и прописи кои се применуваат на операторите на дистрибутивните системи. Доколку се додели таквото право, земјите членки обезбедуваат дека енергетските заедници на граѓаните:	ПЗЕ	Член 183 став (11)	(11) Регулаторна комисија за енергетика на електродистрибутивната мрежа која е во сопственост или со која управува граѓанската енергетска заедница може да и додели статус на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија, односно на граѓанската енергетска заедница да и додели статус на оператор на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија во согласност со одредбите од овој закон, при што се применуваат прописите и правилата со кои се уредуваат правата и обврските на затворен систем за дистрибуција на електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 16 став 4 точка (а)	(а) имаат право да склучат договор за работа на нивната мрежа со релевантниот оператор на дистрибутивниот систем или операторот на системот за пренос на кој е приклучена нивната мрежа;	ПЗЕ	Член 183 Став (12)	(12) На членовите на граѓанската енергетска заедница приклучени на дистрибутивната мрежа управувана од заедницата се применуваат тарифи утврдени од Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			
Член 16 став 4 точка (б)	(б) подлежат на соодветни мрежни давачки на точките за приклучување помеѓу нивната мрежа и дистрибутивната мрежа надвор од граѓанската енергетска заедница и дека таквите мрежни трошоци одделно ја земаат електричната енергија што се внесува во дистрибутивната мрежа и електричната енергија што се троши од дистрибутивната мрежа надвор од енергетската заедница на граѓанинот во согласност со член 59 (7);	ПЗЕ	Член 183 став (10), точки 1 и 2	(10) На пресметковните мерни места на членовите на граѓанската енергетска заедница приклучени на мрежите што не се во сопственост или управувани од заедницата се применуваат: 1. посебно мерење на кое ја регистрира предадената и преземената електрична енергија во мрежата или од мрежата и 2. тарифите за пренос и дистрибуција на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			

Член 16 став 4 точка (в)	(в) не постапуваат дискриминациски или штетно по купувачите кои остануваат приклучени на дистрибутивниот систем.		Член 183 став (3)	(3) При пристапување и истапување на член од граѓанска енергетската заедница соодветно се применуваат одредбите за промена на снабдувач од членот 176 од овој закон.	Потполно усогласен .			
Член 17 став 1	1. Земјите членки дозволуваат и го поттикнуваат учеството во управувањето со побарувачката преку агрегирање. Земјите членки им овозможуваат на крајните купувачи, вклучително и на оние кои нудат управување со потрошувачката преку агрегирање, да учествуваат заедно со производителите на сите пазари на електрична енергија на недискриминациски начин.	ПЗЕ	Член 184 став (1)	(1) Краен потрошувач поврзан на електропреносната или електродистрибутивната мрежа кој ги исполнува техничките услови и барања, за управување преку побарувачката, утврдени во правилата за пазар на балансна енергија, може да продава услуги на управување преку побарувачката на сите пазари за електрична енергија, самостојно или преку агрегатор, под недискриминаторни услови како и производителите, во согласност со правилата со кои се уредува соодветниот пазар на електрична енергија.	Потполно усогласено			

Член 17 став 2	2. Земјите членки обезбедуваат дека операторите на системите за пренос и операторите на дистрибутивните системи, при набавка на придружни услуги со учесниците на пазарот кои учествуваат во управување со потрошувачката со агрегирање како и со произведувачите постапуваат на недискриминациски начин и врз основа на нивните технички можности.	ПЗЕ	Член 184 Став (4)	(4) При набавката на системските услуги, операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем не смеат да вршат дискриминација, ако се исполнети техничките барања, без оглед дали понудените услуги се обезбедуваат од краен потрошувач или од агрегатор како услуга на управување преку побарувачка или од производство или складирање на електрична енергија или со друга технологија.	Потполно усогласен			
Член 17 став 3 точка (а)	3. Земјите членки обезбедуваат дека нивната релевантна регулаторна рамка ги содржи најмалку следниве елементи: (а) право на влез на пазарите на електрична енергија за секој учесник на пазарот вклучен во агрегирањето, вклучително и за независни агрегатори, без согласност на други учесници на пазарот;	ПЗЕ	Член 184 став (2)	(2) Агрегаторот кој има склучено договор за агрегација со краен потрошувач, може да ги продава услугите на управување преку побарувачката независно од останатите учесници на пазарот.	Потполно усогласен			

Член 17 став 3 точка (б)	(б) недискриминациски и транспарентни правила кои јасно ги доделуваат улогите и одговорностите на сите електроенергетски претпријатија и на купувачите;	ПЗЕ	Член 184 став (6) точка 1	(6) Регулаторната комисија за енергетика врз основа на утврдените технички барања за учество од ставот (5) на овој член донесува правила за управување преку побарувачката со кои особено се уредуваат : 1.правата и обврските на крајните потрошувачи и агрегаторите, вклучително и независните агрегатори, кои нудат услуги на управување преку побарувачката и останатите учесници на пазарот во однос на понудата, купопродажбата и активирањето на услугите на управување преку побарувачката;	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	
Член 17 став 3 точка (в)	(в) недискриминациски и транспарентни правила и процедури за размена на податоци помеѓу учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето и други електроенергетски претпријатија кои обезбедуваат лесен пристап до податоците под еднакви и недискриминациски услови, а истовремено целосно ги штитат	ПЗЕ	Член 184 став (6) точка 2	(6) Регулаторната комисија за енергетика врз основа на утврдените технички барања за учество од ставот (5) на овој член донесува правила за управување преку побарувачката со кои особено се уредуваат : 2. постапките за размена на информации помеѓу субјектите од	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на	

	комерцијално чувствителните информации и личните податоци на купувачите;			точка 1 на овој став, како и заштита на деловно чувствителните информации и личните податоци на потрошувачите		правен пропис од областа на енергетиката	овој закон	
Член 17 став 3 точка (г)	(г) обврска учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето да бидат финансиски одговорни за нерамнотежата што тие ја предизвикуваат во електроенергетскиот систем; до таа мера тие се одговорни страни за отстапувањата или ја пренесуваат својата одговорност за отстапувањата во согласност со член 5 од Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 184 став (6) точка 3	(6) Регулаторната комисија за енергетика врз основа на утврдените технички барања за учество од ставот (5) на овој член донесува правила за управување преку побарувачката со кои особено се уредуваат : 3.распределбата на балансна одговорност помеѓу крајните потрошувачи кои нудат услуги на управување преку побарувачката преку агрегацијата и агрегаторот.	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

Член 17 став 3 точка (д)	(д) одредба за крајните купувачи кои имаат договор со независни агрегатори да не подлежат на непотребни плаќања, казни или други непотребни ограничувања на договорите од страна на нивните снабдувачи;	ПЗЕ	Член 184 став (7)	(7) Снабдувачот чијшто краен потрошувач нуди услуги на управување преку побарувачката самостојно или преку независни агрегатори, во договорот за снабдување со крајниот потрошувач не смее да наметнува дополнителни ограничувања, надоместоци, договорни казни и други ограничувања.	Потполно усолгасено			
Член 17 став 3 точка (ѓ)	(ѓ) механизам за решавање спорови помеѓу учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето и другите учесници на пазарот, вклучително и одговорност за нерамнотежа.	ПЗЕ	Член 73 став (5)	(5) Регулаторната комисија за енергетика одлучува во постапка за разрешување на спорови настанати од извршување на договорите помеѓу вршители на нерегулирани енергетски дејности, како и помеѓу вршители на нерегулирани енергетски дејности и потрошувачите кои учествуваат на пазарите на енергија на големо, кога за тоа се договориле договорните страни.	Потполно усогласен			

Член 17 став 4	4. Земјите членки може да побараат од електроенергетските претпријатија или од вклучените крајни купувачи да плаќаат финансиски надомест на други учесници на пазарот или на одговорните страни на учесниците на пазарот одговорни за отстапувањата, доколку тие учесници на пазарот или страните одговорни за отстапувањата се директно засегнати од активирањето на управувањето со потрошувачката. Таквиот финансиски надоместок нема да создаде пречка за влез на пазарот за учесниците на пазарот вклучени во агрегирањето или пречка за флексибилноста. Во такви случаи, финансискиот надоместок е строго ограничен на покривање на трошоци направени од снабдувачите на вклучените купувачи или од одговорните страни на снабдувачот одговорни за отстапувањата за време на активирањето на управувањето со побарувачката. Методот за пресметување на надоместокот може да ги земе предвид	ПЗЕ	Член 184 ставови (8) и (9)	(8)По исклучок од ставот (7) на овој член , Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука за одредување на паричен надоместок, кој крајниот потрошувач или агрегаторот што нуди услуги на управување преку побарувачката, го плаќа на својот снабдувач или на неговата балансно одговорна страна, ако со активирањето на услугата им се создаваат дополнителни трошоци. (9) Во одлуката од ставот (8) на овој член, се зема предвид: 1. да се надоместат само трошоците кои непосредно произлегуваат од активирањето на услугата на управување преку побарувачка и нејзиното времетраење; 2. износот на надоместокот да не претставува пречка за учество на пазарот на крајниот потрошувач или агрегаторот или за примена на други мерки на флексибилност на електропреносниот или електродистрибутивниот систем и	Потполно усогласен			

	придобивките што ги остварile независните агрегатори благодарејќи на другите учесници на пазарот и, во тој случај, од агрегаторите или од вклучените купувачи може да се бара придонес за таквиот надоместок, но само до степен до кој придобивките за сите снабдувачи, купувачи и нивните страни одговорни за отстапувањата не ги надминуваат направените директни трошоци. Методот на пресметка е предмет на одобрување од регулаторниот орган или од друг надлежен национален орган.			3. придобивките коишто другите учесници на пазарот ги имаат од примената на услугата на управување преку побарувачката, при што со надоместокот се покрива разликата помеѓу трошоците и придобивките пресметани кумулативно за сите учесници на пазарот.				
Член 17 став 5	5. Земјите членки обезбедуваат дека регулаторните тела или, доколку тоа го бара нивниот национален правен систем, операторите на системот за пренос и операторите на системот за дистрибуција, кои дејствуваат во тесна соработка со учесниците на пазарот и со крајните купувачи ги утврдуваат техничките барања за учество во управувањето со	ПЗЕ	Член 184 став (5)	(5)Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија и по претходно извршени консултации со значајни учесници на пазарот и крајни потрошувачи, ги утврдува	Потполно усогласен			

	потрошувачката на сите пазари на електрична енергија врз основа на техничките карактеристики на тие пазари и можностите за управување со потрошувачката. Таквите барања го опфаќаат учеството што вклучува агрегирани оптоварувања.			техничките барања за учество на давателите на услуги на управување преку побарувачката на пазарот на електрична енергија, во зависност од карактеристиките на пазарот и техничките можности на давателот на услугата.				
Член 18 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека сметките и пресметковните информации се точни, лесно разбирливи, јасни, концизни, приспособени на корисниците и презентирани на начин што го олеснува споредувањето од страна на крајните купувачи. На барање, крајните купувачи добиваат јасно и разбирливо објаснување за тоа како е изработена нивната сметка, особено кога сметките не се засноваат на реалната потрошувачка.	ПЗЕ	Член 185 став (1)	(1) Снабдувачот со електрична енергија, врз основа на мерењата за потрошената електрична енергија извршени од операторот на соодветниот систем, на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорената цена, при што во фактурата особено ги вклучува: 1. надоместок за потрошена електрична енергија, без данок на додадена вредност; 2.надоместок за користење на електродистрибутивниот и/или електропреносниот систем, ако за тоа има склучено договор со операторот на соодветниот систем, без данок на додадена вредност;	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	

				3. надоместок за електричната енергија од обновливи извори на енергија произведена од повластени производители кои користат повластени тарифи, без данок на додадена вредност; 4. надоместок за користење на пазарот на електрична енергија, без данок на додадена вредност; 5. даночната стапка по која се пресметува данок на додадена вредност согласно закон за соодветниот промет наведен во точките од 1 до 4 на овој став и 6. износ на пресметан данок на додадена вредност за секој промет наведен во точките од 1 до 4 на овој став.				
Член 18 став 2	2. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи бесплатно ги добиваат сите свои сметки и пресметковни информации.	ПЗЕ	Член 185 став (3)	(3) Снабдувачот со електрична енергија не смее да му наплати на потрошувачот надоместок за изготвување и доставување на фактурата за потрошената електрична енергија, како и за информациите содржани во фактурата.	Потполно усогласен			

Член 18 став 3	3. Земјите членки обезбедуваат дека на крајните корисници им се нуди можност за добивање електронски сметки и пресметковни информации и дека им се нудат флексибилни решенија за реално плаќање на сметките.	ПЗЕ	Член 185 став (4) точка 3	(4) Регулаторната комисија за енергетика во правилата за снабдување со електрична енергија поблиску ги уредува обврските на снабдувачот во врска со фактурите за потрошената електрична енергија и тоа: 3. начин на доставување и плаќање на фактурата и	Потполно усогласен			
Член 18 став 4	4. Доколку договорот предвидува идна промена на производот, цената или на попустот, ова е наведено на сметката заедно со датумот на кој се случила промената.	ПЗЕ	Член 185 став (4) точка 4	(4) Регулаторната комисија за енергетика во правилата за снабдување со електрична енергија поблиску ги уредува обврските на снабдувачот во врска со фактурите за потрошената електрична енергија и тоа: 4. обезбедување на информации во врска со промените на цените на електрична енергија и отпочнувањето на примената на променетите цени.	Потполно усогласен			

Член 18 став 5	5. Земјите членки се консултираат со организации на потрошувачи кога размислуваат за промени во барањата за содржината на сметките.	ПЗЕ	Член 185 став (5)	(5) При изработката на правилата од ставот (4) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика се консултира со овластените тела за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите како и со организации на потрошувачи кога размислуваат за промени во барањата за содржината на фактурите.	Потполно усогласен			
Член 18 став 6	6. Земјите членки обезбедуваат дека сметките и пресметковните информациите ги исполнуваат минималните услови утврдени во Анекс I.	ПЗЕ	Член 185 став (4)	(4) Регулаторната комисија за енергетика во правилата за снабдување со електрична енергија поблиску ги уредува обврските на снабдувачот во врска со фактурите за потрошената електрична енергија и тоа: 1. информациите содржани во фактурата и начинот на нивно прикажување; 2. начин на изготвување на пресметката содржана во фактурата, особено во случај кога пресметката не е изготвена согласно реалната потрошувачка;	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	.

				3.начин на доставување и плаќање на фактурата и 4. обезбедување на информации во врска со промените на цените на електрична енергија и започнувањето на примената на променетите цени.				
Член 19 став 1	1. Со цел промовирање на енергетската ефикасност и зајакнување на крајните купувачи, земјите членки или, доколку тоа го предвидела земјата членка, регулаторниот орган силно им препорачува на електроенергетските претпријатијата и на другите учесници на пазарот да ја оптимизираат употребата на електричната енергија, меѓу другото, преку обезбедување управување со енергијата, развој на иновативни формули за формирање цени и воведување интероперабилни паметни мерни системи, особено со потрошувачки системи за управување со енергијата и со паметни мрежи, во согласност со важечките правила	ПЗЕ	Член 186 став (1)	(1) Заради активно учество на потрошувачите на пазарот на електрична енергија, унапредување на енергетската ефикасност и оптимално користење на електричната енергија, операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија се должни да направат техничка и економска анализа на сите трошоци и придобивки за пазарот, како и за зголемување на енергетската ефикасност од воведување на паметни мерни уреди и да ги достават до Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			

	на Унијата за заштита на податоците.							
Член 19 став 2	2. Земјите членки, на своите територии, обезбедуваат воведување паметни мерни системи кои помагаат во активното учество на потрошувачите на пазарот на електрична енергија. Таквото распоредување може да биде предмет на проценка на трошоците и придобивките што се преземат во согласност со принципите утврдени во Анекс II.	ПЗЕ	Член 186 ставови (1), (2), (3) и (4)	(1) Заради активно учество на потрошувачите на пазарот на електрична енергија, унапредување на енергетската ефикасност и оптимално користење на електричната енергија, операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија се должни да направат техничка и економска анализа на сите трошоци и придобивки за пазарот, како и за зголемување на енергетската ефикасност од воведување на паметни мерни системи и да ја достават до Регулаторната комисија за енергетика. (2) Ако анализата од ставот (1) на овој член, покаже дека	Потполно усогласен			

				воведувањето на паметни мерни системи е оправдан, Регулаторната комисија за енергетика ѝ предлага на Владата да донесе одлука за воведување на паметни мерни системи во Република Северна Македонија . (3) Анализата од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ја доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница. (4) При вршење на анализата од ставот (1) на овој член, операторите на електропреносниот и електродистрибутивниот систем ги земаат предвид: 1.економски исплатливиот модел на воведување на паметни мерни системи од соодветниот оператор на електроенергетскиот систем; 2.временската рамка со динамика за воведување на паметни мерни системи; 3.методологијата за анализа на трошоците и придобивките и				

				минималните технички функции на паметни мерни системи применувана во Европската Унија и 4.најдобрите достапни техники за обезбедување на највисоко ниво на сајбер безбедност и заштита на податоците.				
Член 19 став 3	3. Земјите членки кои ќе започнат со воведување паметни мерни системи ги донесуваат и ги објавуваат минималните функционални и технички барања за паметните мерни системи што треба да се воведат на нивните територии, во согласност со член 20 и Анекс II. Земјите членки обезбедуваат интероперабилност на тие паметни мерни системи како и нивната способност да обезбедат резултати за потрошувачките системи за управување со енергија. Во тој поглед, земјите членки посветуваат должно внимание на употребата на релевантните достапни стандарди, вклучително и на оние што овозможуваат интероперабилност како и на најдобрите практики и на важноста	ПЗЕ	Член 186 став (6)	(6)Ако Владата донесе одлука за воведување на паметни мерни системи, во одлуката се определува и динамиката за следните 10 години за воведување на паметни мерни уреди, при што во рок од седум години од донесувањето на одлуката кај 80% од потрошувачите треба да има инсталирано паметни мерни уреди.	Потполно усогласен			

	на развојот на паметните мрежи и развојот на внатрешниот пазар на електрична енергија.							
Член 19 став 4	4. Земјите членки кои започнуваат со воведување паметни мерни системи обезбедуваат дека крајните купувачи придонесуваат кон трошоците поврзани со воведувањето на транспарентен и недискриминациски начин, притоа земајќи ги предвид долгорочните придобивки за целиот вредносен синџир. Земјите членки, или доколку земјата членка тоа го предвидела, назначените надлежни органи редовно го следат нивното воведување на своите територии за да ја следат испорака на придобивките за потрошувачите.	ПЗЕ	Член 186 ставови (7) и (8)	(7)Регулаторната комисија за енергетика ја следи динамиката на воспоставување на системот за паметни мерни системи и за тоа известува во своите годишни извештаи. (8)Ако Владата донесе одлука за воведување на систем на паметни мерни системи, Регулаторната комисија за енергетика ги зема предвид како оправдани трошоците за воведување на паметни мерни системи при утврдување на тарифите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и при одобрувањето на развојните планови на соодветните оператори на електроенергетскиот систем.	Потполно усогласен			

Член 19 став 5	5. Кога воведувањето паметни мерни системи е негативно оценето како резултат на проценката на трошоците и придобивките наведени во ставот 2, земјите членки обезбедуваат дека оваа проценка се ревидира најмалку на секои четири години, или почесто, поради значителни промени во основните претпоставки и како одговор на технолошкиот развој и развојот на пазарот. Земјите членки ја известуваат Комисијата за резултатот од нивната ажурирана проценка на трошоците и придобивките кога нивните резултати ќе станат достапни.	ПЗЕ	Член 186 став (5)	(5)Ако врз основа на анализата од ставот (1) на овој член, се утврди дека воведувањето на паметни мерни системи е неоправдано, Регулаторната комисија за енергетика на секои четири години, а по потреба и почесто, ги задолжува операторите на електропреносниот и електродистрибутивниот систем да извршат ревизија на постојната анализа и за резултатите ја известува Владата и Секретаријатот на Енергетската заедница.	Потполно усогласен			
Член 19 став 6	6. Одредбите во оваа директива што се однесуваат на паметните мерни системи се применуваат на идните инсталации и на инсталациите што ги заменуваат постарите паметни броила. Паметните мерни системи кои се веќе инсталирани или за кои започнал „почетокот на работата“ пред 4 јули 2019 година, може да	ПЗЕ	Член 186 став (6)	(6)Ако Владата донесе одлука за воведување на паметни мерни системи, во одлуката се определува и динамиката за следните 10 години за воведување на паметни мерни уреди, при што во рок од седум години од донесувањето на одлуката кај 80% од потрошувачите треба да има	Потполно усогласен			

	останат во функција во текот на нивниот животен век, но во случај на паметни мерни системи кои не ги исполнуваат условите од членот 20 и Анекс II, не може да останат во функција по 5 јули 2031 година.			инсталирано паметни мерни уреди.				
Член 19 подстав 6.1	За целите на овој став, „почеток на работи“ е или почеток на градежните работи за инвестицијата или прва цврста обврска за нарачка на опрема или друга обврска што ја прави инвестицијата неповратна, која и да се случи прво. Купувањето земјиште и подготвителните работи како што се добивање дозволи и спроведување прелиминарни студии на изводливост не се сметаат за почеток на работите. За преземања, „почеток на работите“ е моментот на стекнување средства директно поврзани со стекнатата деловна единица.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	

Член 20 став 1	Кога воведувањето паметни мерни системи е позитивно оценето како резултат на проценката на трошоците и придобивките наведени во член 19 (2) или кога паметните мерни системи се систематски воведени по 4 јули 2019 година, земјите членки ги воведуваат паметните мерни системи во согласност со европски стандарди, Анекс II и следниве барања: .	ПЗЕ	Член 186 став (2)	(2) Ако анализата од ставот (1) на овој член, покаже дека воведувањето на паметни мерни системи е оправдан, Регулаторната комисија за енергетика ѝ предлага на Владата да донесе одлука за воведување на паметни мерни системи во Република Северна Македонија .	Потполно усогласен			
Член 20 став 1 точка (а)	(а) паметните мерни системи прецизно ја мерат вистинската потрошувачка на електрична енергија и способни се на крајните купувачи да им обезбедат информации за реалното време на употреба. Потврдените историски податоци за потрошувачката се лесно и сигурно достапни и на барање и без дополнителни трошоци им се даваат на увид на крајните купувачи. Непотврдените податоци за потрошувачката во речиси реално време и без дополнителни трошоци, исто така, се лесно и безбедно достапни до	ПЗЕ	Член 187 став (1) точки 1, 3 и 4	(1) Паметниот мерен систем треба да ги исполни следниве барања: 1. прецизно да ја мери реалната потрошувачка на електрична енергија и крајниот потрошувач да има увид во својата потрошувачка на електрична енергија на дневна основа; 3.да му обезбеди едноставен и безбеден пристап на крајниот потрошувач, односно на активниот потрошувач до потврдените историски податоци за потрошувачката преку	Потполно усогласен			

	крајните потрошувачи преку стандардизиран интерфејс или преку далечински пристап, со цел да се поддржат програмите за автоматизирана енергетска ефикасност, управување со потрошувачката и други услуги;			стандардизиран интерфејс без дополнителни трошоци; 4. да му обезбеди едноставен и безбеден пристап на крајниот потрошувач, односно на активниот потрошувач до непотврдените податоци за потрошувачката на дневна основа со регистрирање на вредности на 15 минути, преку далечински пристап заради овозможување поддршка на автоматизирани програми за енергетска ефикасност, управување преку побарувачката и други услуги, како и интероперабилност без дополнителни трошоци;				
Член 20 став 1 точка (б)	(б) сигурноста на паметните мерни системи и комуникацијата на податоците треба да бидат во согласност со релевантните безбедносни правила на Унијата, имајќи ги предвид најдобрите достапни техники за обезбедување на највисоко ниво на заштита на сајбер безбедноста, имајќи ги	ПЗЕ	Член 187 став (1) точка 5	(1) Паметниот мерен систем треба да ги исполни следниве барања: 5. безбедноста на паметни мерни системи и комуникација на податоци да е во согласност со правилата за сајбер безбедност, како и достапните техники за обезбедување на сајбер	Потполно усогласен			

	предвид трошоците и принципот на пропорционалност;			безбедноста, сразмерно со трошоците.				
Член 20 став 1 точка (в)	(в) приватноста на крајните купувачи и заштитата на нивните податоци се во согласност со релевантните правила на Унијата за заштита на податоци и приватноста;	ПЗЕ	Член 187 став (1) точка 6	(1) Паметниот мерен систем треба да ги исполни следниве барања: 6.заштита на личните и деловните податоци на крајните потрошувачи во согласност со прописите од областа на заштита на податоците.	Потполно усогласен			
Член 20 став 1 точка (г)	(г) операторите на броила обезбедуваат дека броилата на активните купувачи кои ја предаваат електричната енергија во мрежата можат да ја прикажат електричната енергија внесена во мрежата од нивните простории;	ПЗЕ	Член 187 став (1) точка 2	(1) Паметниот мерен систем треба да ги исполни следниве барања: 2. да овозможи мерење и пресметка на електричната енергија што крајниот потрошувач ја преземал од мрежата, односно електричната енергија што активниот потрошувач ја преземал од мрежата и што ја предал во мрежата, во пресметковниот интервал за пресметување на	Потполно усогласен			

				отстапувањата согласно правилата за пазар на балансна енергија;				
Член 20 став 1 точка (д)	(д) ако крајните корисници го побараат тоа, податоците за електричната енергија што ја предале во мрежата и податоците за нивната потрошувачка на електрична енергија им се стават на располагање, во согласност со актите за спроведување донесени во согласност со членот 24, преку стандардизиран комуникациски интерфејс или преку далечински пристап, или на располагање на трета страна што дејствува во нивно име, во лесно разбирлив формат што им овозможува да ги споредуваат понудите под еднакви услови;	ПЗЕ	Член 187 став (3)	(3) На барање на крајниот потрошувач, операторот на соодветниот електроенергетски систем на потрошувачот или на трето лице кое дејствува во негово име му ги става на располагање податоците за електричната енергија што ја предал во мрежата и податоците за потрошената електрична енергија, преку стандардизиран комуникациски интерфејс или преку далечински пристап, во лесно разбирлива форма, која му овозможува да врши споредување под исти услови.	Потполно усогласен			

Член 20 став 1 точка (ѓ)	(ѓ) пред или во моментот на инсталирање на паметните броила на крајните купувачи им се даваат соодветни совети и информации, особено во врска со нивниот целосен потенцијал во врска со управувањето со отчитување на броилото и следењето на потрошувачката на енергија и во врска со собирањето и обработка на личните податоци во согласност со важечките правила на Унијата за заштита на податоците;	ПЗЕ	Член 187 став (2)	(2) Пред инсталацијата на паметни мерни системи или за време на инсталирањето, операторот на соодветниот електроенергетски систем на крајниот потрошувач му дава соодветни инструкции и информации, особено во однос на сите можности на паметниот мерен систем во однос на управувањето со читањето и следењето на тековите на енергија во секоја насока, како и во однос на постапувањето со личните податоци во согласност со прописите со кои се уредува заштита на личните податоци.	Потполно усогласен			
Член 20 став 1 точка (е)	(е) паметните мерни системи овозможуваат крајните потрошувачи да се мерат и да бидат снабдени во периодот на порамнување на отстапувањата на националниот пазар.	ПЗЕ	Член 187 став (1) точка 2	(1) Паметниот мерен систем треба да ги исполни следниве барања: 2. да овозможи мерење и пресметка на електричната енергија што крајниот потрошувач ја преземал од мрежата, односно електричната енергија што активниот потрошувач ја преземал од мрежата и што ја предал во мрежата, во пресметковниот интервал за пресметување на	Потполно усогласен			

				отстапувањата согласно правилата за пазар на балансна енергија;				
Член 20 потстав 1.1	За целите на точката (д) од првиот потстав, крајните купувачи може да ги преземат своите мерни податоци или да ги пренесат на друга страна без дополнителни трошоци и во согласност со нивното право на преносливост на податоците според правилата на Унијата за заштита на податоците.	ПЗЕ	Член 187 став (4)	(4) Потрошувачот согласно ставот (3) на овој член, може да ги преземе своите мерни податоци или да ги пренесе на друга страна без дополнителни трошоци и во согласност со правото на преносливост на податоците уредено со закон.	Потполно усогласен			
Член 21 став 1	1. Кога воведувањето паметни мерни системи е негативно оценето како резултат на проценката на трошоците и придобивките наведени во член 19(2) и кога паметните системи за мерење не се систематски воведени, земјите членки обезбедуваат дека секој краен купувач, на барање, но под услов	ПЗЕ	Член 188 став (1) и став (2) точка 3	(1)Ако согласно анализата од членот 186 од овој закон, се утврди дека воведувањето на паметни мерни системи е неоправдан, операторот на соодветниот електроенергетскиот систем е должен на барање на крајниот потрошувач или на барање на снабдувачот, со согласност на крајниот потрошувач, да инсталира	Потполно усогласен			

	да ги сноси поврзаните трошоци има прво на инсталирање или, каде што е применливо, на надоградување под правични, разумни и ефективни услови на броило кое е:			паметни мерни системи кој ги исполнува техничките барања утврдени во член 187 од овој закон. (2) Во понудата за инсталирање на паметни мерни системи, операторот на соодветниот електроенергетски систем му дава на барателот прецизни информации за: 3. трошоците кои се на товар на барателот.				
Член 21 став 1 точки (а) и (б)	(а) опремено со функционалностите наведени во член 20, онаму каде што е технички изводливо, или со минимален сет на функционалности кои земјите членки треба да ги дефинираат и да ги објават на национално ниво во согласност со Анекс II;	ПЗЕ	Член 188 став (1)	(1)Ако согласно анализата од членот 186 од овој закон, се утврди дека воведувањето на паметни мерни системи е неоправдан, операторот на соодветниот електроенергетскиот систем е должен на барање на крајниот потрошувач или на барање на снабдувачот, со согласност на крајниот потрошувач, да инсталира паметни мерни системи кој ги исполнува техничките барања утврдени во член 187 од овој закон.	Потполно усогласен			

Член 21 став 2	2. Доколку купувачот побара паметно броило во согласност со ставот 1, земјите членки или, доколку земјата членка тоа го предвидела, назначените надлежни органи:	ПЗЕ	Член 188 став (2)	(2) Во понудата за инсталирање на паметни мерни системи, операторот на соодветниот електроенергетски систем му дава на барателот прецизни информации за:	Потполно усогласен			
Член 21 став 2 точка (а) подточка (i)	(а) обезбедуваат дека во понудата до крајниот купувач кој бара инсталирање на паметно броило изрично е наведено и јасно опишано следново: (i) функциите и интероперабилноста кои ги поддржува паметното броило и услугите што се остварливи, како и придобивките што реално може да се постигнат со употреба на тоа паметно броило во одреден момент;	ПЗЕ	Член 188 став (2) точки 1 и 2	(2) Во понудата за инсталирање на паметни мерни системи, операторот на соодветниот електроенергетски систем му дава на барателот прецизни информации за: 1. функциите и интероперабилноста поддржани од паметниот мерен уред; 2. достапните услуги и поволности кои може да се реализираат со користење на паметниот мерен уред	Потполно усогласен			

Член 21 став 2 точка (а) подточка (ii)	(ii) сите поврзани трошоци што ги сноси крајниот купувач;	ПЗЕ	Член 188 став (2) точка 3	(2) Во понудата за инсталирање на паметни мерни системи, операторот на соодветниот електроенергетски систем му дава на барателот прецизни информации за: 3. трошоците кои се на товар на барателот.	Потполно усогласен			
Член 21 став 2 точка (б)	(б) гарантираат дека е инсталирано во разумен рок, најдоцна во рок од четири месеци по поднесување на барањето на купувачот;	ПЗЕ	Член 188 став (4)	(4) Операторот на соодветниот електроенергетски систем е должен да го инсталира паметниот мерен уред во разумен рок, но најдоцна четири месеци од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член.	Потполно усогласен			
Член 21 став 2 точка (в)	(в) редовно, и најмалку на секои две години, да ги прегледуваат и јавно да ги објавуваат поврзаните трошоци и да го следат развојот на тие трошоци како резултат на технолошкиот развој и потенцијалните надградби на мерниот систем.	ПЗЕ	Член 188 став (5)	(5) Операторот на соодветниот електроенергетски систем е должен најмалку на секои две години да ја ажурира понудата на паметни мерни системи и можностите за надградба на инсталираните паметни мерни уреди во согласност со најновите технолошки достигнувања.	Потполно усогласен			

Член 22 став 1	1. Кога крајните купувачи немаат паметни броила, земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи имаат индивидуално конвенционално броило што точно ја мери нивната реална потрошувачка.	ПЗЕ	Член 189 став (1)	(1) Операторот на соодветниот електроенергетски систем е должен на секое пресметковно мерно место на крајниот потрошувач кое не е опремено со паметни мерни системи да инсталира конвенционален мерен уред кој точно ја мери реалната потрошувачка на тоа пресметковно мерно место.	Потполно усогласен			
Член 22 став 2	2. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи се во можност лесно да ги читаат своите конвенционални броила, директно или индиректно преку онлајн интерфејс или преку друг соодветен интерфејс.	ПЗЕ	Член 189 став (2)	(2) Конвенционалниот мерен уред треба да овозможи едноставно и директно читање од страна на крајниот потрошувач или да му овозможи читањето да се врши далечински или преку друг соодветен интерфејс.	Потполно усогласен			
Член 23 став 1	1. При утврдување на правилата за управување и размена на податоци, земјите членки или, доколку земјата членка тоа го предвидела, назначените надлежни органи ги утврдуваат правилата за пристап на страните кои ги исполнуваат условите до податоци за крајниот купувач во согласност со овој член и	ПЗЕ	Член 190 ставови (1) и (2)	(1) Управувањето со податоците обезбедува ефикасен и безбеден пристап до податоците и делотворна размена на податоци, како и заштита и безбедност на податоците. (2) Операторот на електроенергетскиот систем во соодветните мрежни правила ги	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на	

	применливата правна рамка на Унијата. За целите на оваа директива, податоците вклучуваат податоци за мерењата и потрошувачката како и податоци кои се бараат од купувачот при менување на снабдувачот, за управување со потрошувачката и други услуги.			уредува прашањата во врска со управувањето, обработката, размената и пристапот до мерните податоци и податоците за потрошувачката на крајниот потрошувач, како и податоците потребни во постапката за промена на снабдувач и податоците потребни за управување преку побарувачката, во согласност со овој закон и со прописите за заштита на податоците.		правен пропис од областа на енергетиката	овој закон	
Член 23 став 2	2. Земјите членки организираат управување со податоците со цел да обезбедат ефикасен и безбеден пристап и размена на податоци, како и заштита и безбедност на податоците.	ПЗЕ	Член 190 став (1)	(1) Управувањето со податоците обезбедува ефикасен и безбеден пристап до податоците и делотворна размена на податоци, како и заштита и безбедност на податоците.	Потполно усогласен			

Член 23 потстав 2.1	Независно од моделот за управување со податоците што се применува во секоја земја членка, страните одговорни за управување со податоците обезбедуваат пристап до податоците на крајниот купувач на која било квалификувана страна, во согласност со став 1. Страните кои ги исполнуваат условите ги имаат на располагање бараните податоци на недискриминациски начин и истовремено. Пристапот до податоците е лесен а соодветните постапки за добивање пристап до податоците се јавно достапни.	ПЗЕ	Член 190 став (3)	(3)Операторот на електроенергетскиот систем е должен на едноставен и недискриминаторен начин и под еднакви услови да обезбеди пристап до податоците од ставот (2) на овој член, на учесници на пазарот кои имаат деловен интерес за нивно користење.	Потполно усогласен			
Член 23 став 3	3. Правилата за пристап до податоци и складирање на податоци за целите на оваа директива се во согласност со релевантниот закон на Унијата.	ПЗЕ	Член 190 став (2)	(2)Операторот на електроенергетскиот систем во соодветните мрежни правила ги уредува прашањата во врска со управувањето, обработката, размената и пристапот до мерните податоци и податоците за потрошувачката на крајниот потрошувач, како и податоците потребни во постапката за промена на снабдувач и податоците потребни за управување преку	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

				побарувачката, во согласност со овој закон и со прописите за заштита на податоците.		областа на енергетиката		
Член 23 потстав 3.1	Обработката на лични податоци во рамките на оваа директива се врши во согласност со Регулативата (ЕУ) 2016/679.	ПЗЕ	Член 190 став (2)	(2)Операторот на електроенергетскиот систем во соодветните мрежни правила ги уредува прашањата во врска со управувањето, обработката, размената и пристапот до мерните податоци и податоците за потрошувачката на крајниот потрошувач, како и податоците потребни во постапката за промена на снабдувач и податоците потребни за управување преку побарувачката, во согласност со овој закон и со прописите за заштита на податоците.	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

Член 23	4. Земјите членки или, доколку земјата членка така предвидела, назначените надлежни органи, ги овластуваат и сертифицираат или, доколку е применливо, ги надгледуваат страните одговорни за управување со податоците, со цел да обезбедат дека тие се во согласност со барањата на оваа директива.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори.	
Член 23 потстав 4.1	Без да е во спротивност со задачите на службениците за заштита на податоците според Регулативата (ЕУ) 2016/679, земјите членки можат да одлучат да побараат од страните одговорни за управување со податоците да назначат службеници за усогласеност кои се одговорни за следење на спроведувањето на мерките преземени од тие страни за да се обезбеди недискриминациски пристап до податоците и	ПЗЕ	Член 190 став (4)	(4) Службеникот за усогласеност во соодветниот оператор на електроенергетскиот систем ја следи примената на условите за пристап до податоците од став (3) од овој член и ја известува Регулаторната комисија за енергетика за се кое отстапување.	Потполно усогласен			

	усогласеност со барањата на оваа директива.							
Член 23 потстав 4.2	Земјите членки можат да назначат службеници или тела за усогласеност наведени во точка (г) на член 35(2) од оваа директива за исполнување на обврските од овој став.	ПЗЕ	Член 190 став (4)	(4) Службеникот за усогласеност во соодветниот оператор на електроенергетскиот систем ја следи примената на условите за пристап до податоците од ставот (3) од овој член и ја известува Регулаторната комисија за енергетика за секое отстапување.	Потполно усогласен			
Член 23 став 5	5. За пристап до сопствените податоци или за барање да ги направат достапни своите податоци, на крајните купувачи нема да им се наплатуваат дополнителни трошоци.	ПЗЕ	Член 190 став (5)	(5)Операторот на електроенергетскиот систем е должен без надоместок на крајниот потрошувач да му обезбеди пристап до податоците од ставот (2) на овој член или по негово барање да ги стави на располагање на трето лице.	Потполно усогласен			

Член 23 потстав 5.1	Земјите членки се одговорни за утврдување на соодветните давачки за пристап до податоците од страна на подобни страни.	ПЗЕ	Член 190 став (6)	(6)Операторот на електроенергетскиот систем по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, утврдува надоместок за пристап до податоците од ставот (2) на овој член, на учесници на пазарот кои имаат деловен интерес за нивно користење.	Потполно усогласен			
Член 23 потстав 5.2	Земјите членки или, доколку земјата членка го предвидела тоа, назначените надлежни органи гарантираат дека сите давачки наметнати од регулираните субјекти кои обезбедуваат податочни услуги се разумни и соодветно оправдани.	ПЗЕ	Член 190 став (6)	(6)Операторот на електроенергетскиот систем по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, утврдува надоместок за пристап до податоците од ставот (2) на овој член, на учесници на пазарот кои имаат деловен интерес за нивно користење.	Потполно усогласен			
Член 24 став 1	Член 24 Барања за интероперабилност и процедури за пристап до податоци 1. Со цел да се промовира конкуренцијата на пазарот на мало и да се избегнат прекумерни административни трошоци за подобните страни, земјите членки ја олеснуваат целосната	ПЗЕ	Член 190 став (7)	(7)Со цел унапредување на конкуренцијата на пазарот на електрична енергија на мало и избегнување на прекумерните административни трошоци за учесниците на пазарот се овозможува целосна интероперабилност на енергетските услуги во рамки на	Потполно усогласен			

	интероперабилност на енергетските услуги во рамките на Унијата. .			Енергетската заедница и примена на постапките за пристап до податоците од овој член.				
Член 24 став 2	2. Комисијата, со акти за спроведување, донесува барања за интероперабилност и недискриминациски и транспарентни постапки за пристап до податоците наведени во член 23(1). Тие акти за спроведување се донесуваат во согласност со советодавната постапка наведена во членот 68(2).				Не е релевантно за РСМ.			Оваа одредба се однесува на работата на Европската Комисија
Член 24 став 3	3. Земјите членки обезбедуваат дека електроенергетските претпријатија ги применуваат барањата за интероперабилност и процедурите за пристап до податоците наведени во став 2. Овие барања и постапки се засноваат на постојните национални практики.				Не е релевантно за РСМ.			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европск

								ата Унија
Член 25	Земјите членки обезбедуваат единствени контактни точки со цел обезбедување на сите нужни информации за купувачите во врска со нивните права, применливиот закон и механизмите за решавање спорови што им се достапни во случај на спор. Таквите единствени контактни точки може да бидат дел од општите информативни точки за потрошувачите.	ПЗЕ	Член 175 став (1)	(1) Универзалниот снабдувач со електрична енергија е должен да воспостави единствен контакт центар, којшто е кадровски екипиран и технички опремен и преку кој на своите потрошувачи навремено, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавањето на споровите, во согласност со правилата за снабдување од член 64 од овој закон.	Потполно усогласен			

Член 26 ставови 1, 2 и 3	1. Земјите членки обезбедуваат дека крајните купувачи имаат пристап до едноставни, правични, транспарентни, независни, делотоворни и ефикасни вонсудски механизми за решавање спорови во врска со правата и обврските утврдени според оваа Директива, преку независен механизам како што е енергетски правобранител или телото за заштита на потрошувачите или преку регулаторно тело. Кога крајниот купувач е потрошувач во смисла на Директивата 2013/11/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот , таквите вонсудски механизми за решавање спорови треба да бидат во согласност со барањата за квалитет на Директивата 2013/11/ЕУ и со нив се предвидува, доколку е оправдано, системи за повраток на средствата и надоместок.	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 23, Член 73 став (8) Член 173 став	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 23. квалитетот на услугите кои ги даваат вршителите на енергетски дејности, вклучувајќи го начинот на кој се постапува со приговорите од потрошувачите, (8) Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за постапување по приговори и за разрешување на спорови со кои се уредува постапката, износот и начинот на покривање на трошоците во постапката. (5) Снабдувачот со електрична енергија е должен, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, да:	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

			(5) точка 11	11. воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена од денот на поднесување на приговорот, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,				
Член 27 став 1	1. Земјите членки обезбедуваат дека сите купувачи од категоријата домаќинства и, доколку земјите членки сметаат дека е соодветно, малите претпријатија имаат право на универзална услуга, имено правото на снабдување со електрична енергија со одреден квалитет на својата територија по конкурентни, лесно и јасно споредливи, транспарентни и недискриминациски цени. За да обезбедат одредби за давање универзална услуга, земјите членки можат да назначат снабдувач во крајна нужда. Земјите членки им наметнуваат	ПЗЕ	Член 8 ставови (10), (11), (12) и (13)	(10)При снабдувањето на потрошувачите од ставот (1) на овој член, универзалниот снабдувач е должен да обезбеди соодветен квалитет во снабдувањето и да примени разумни, јасни, лесно споредливи, транспарентни и недискриминаторни цени за електрична енергија формирани со прописот донесен согласно членот 61 став (1) точка 4 од овој закон. (11)Покрај обврските од ставот (10) на овој член, универзалниот снабдувач е должен да: 1.врши снабдување на ранливите потрошувачи и потрошувачите во	Потполно усогласен			

	обврска на операторите на дистрибутивните системи обврска за поврзување на купувачите на нивната мрежа под одредби, услови и тарифи утврдени во согласност со постапката утврдена во член 59(7). Оваа директива не ги спречува земјите членки да ја зајакнат пазарната позиција на купувачите од категоријата домаќинства и малите и средни купувачи кои не се домаќинства од промовирање на можностите за доброволно здружување на претставниците од таа класа купувачи.			оддалечените подрачја, во согласност со мерките содржани во програмата од член 10 став (4) од овој закон; 2.ги информира потрошувачите и ги објавува на својата веб-страница правата и условите под кои потрошувачите можат да бидат снабдувани од универзалниот снабдувач, цените за снабдување со електрична енергија и постапката за остварување на правото на промена на снабдувачот; 3.ги известува потрошувачите за промената на условите за снабдување и цената на електричната енергија и 4.спроведува постапки за набавка на електрична енергија во согласност со правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач донесени од Регулаторната комисија за енергетика.				

				(12) Регулаторната комисија за енергетика, на секои две години, врши анализа на цените за електрична енергија по коишто универзалниот снабдувач ги снабдува домаќинствата и малите потрошувачи. Регулаторната комисија за енергетика го доставува извештајот од анализата до Комисијата за заштита на конкуренција, Советот за заштита на потрошувачи и Секретаријатот на Енергетската заедница. (13) Потрошувачите од ставот (11) точка 1 на овој член покрај од универзалниот снабдувач можат да се снабдуваат со електрична енергија и од друг снабдувач.				

Член 27 став 2	2. Ставот 1 се спроведува на транспарентен и недискриминациски начин и не го попречува слободниот избор на снабдувачот предвиден во член 4.	ПЗЕ	Член 8 ставови (2), (4), (5)и (9)	(2) Универзалниот снабдувач се избира за период од пет години. (4) Владата, на предлог на Министерството и по добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука за спроведување на тендерска постапка за избор на универзален снабдувач согласно прописите со кои се уредува набавката на јавна услуга. (5) Во одлуката од став (4) на овој член, се утврдуваат: 1.критериумите од ставот (3) на овој член 2. рокот за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач или за поништување на постапката (9) Избраниот, односно назначениот универзален снабдувач е истовремено и снабдувач во краен случај.	Потполно усогласен			

Член 28 став 1	1. Земјите членки преземаат соодветни мерки за заштита на купувачите и обезбедуваат, особено, дека постојат соодветни заштитни мерки за заштита на ранливите клиенти. Во овој контекст, секоја земја членка го дефинира концептот на ранливи купувачи што може да се однесува на енергетска сиромаштија и, меѓу другото, и на забрана за исклучување на електрична енергија на такви потрошувачи во критични периоди. Концептот на ранливи купувачи може да вклучува нивоа на приход, учество на потрошувачката на енергија во расположливиот приход, енергетска ефикасност на домовите, критична зависност од електрична опрема од здравствени причини, возраст или други критериуми. Земјите членки обезбедуваат дека се применуваат правата и обврските поврзани со ранливите клиенти. Особено, тие преземаат мерки за заштита на купувачите во оддалечените области. Тие обезбедуваат високи нивоа на заштита на	ПЗЕ	Член 10 ставови (3), (7) и (8)	(3) Заштитата на ранливите потрошувачи се обезбедува преку финансиски и нефинансиски мерки коишто се определуваат и доделуваат согласно овој или друг закон, при што: 1. Финансиските мерки се состојат од доделување на надоместок за обезбедување на минималните потреби од енергија заради: 1.1.загревање на домот или 1.2.покривање на дел од трошокот за енергија во одделни делови од годината или 1.3.замена на постојните и набавка на нови енергетско ефикасни уреди и опрема наменети за осветлување, греење, ладење и обезбедување на санитарна топла вода или 1.4.набавка на производи и услуги за подобрување на енергетските карактеристики на зградите или 1.5.приклучување на енергетски мрежи;	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

	потрошувачите, особено во однос на транспарентноста во однос на општите договорни услови, општите информации и механизмите за решавање спорови. Тие обезбедуваат високи нивоа на заштита на потрошувачите, особено во однос на транспарентноста во однос на општите договорни услови, општите информации и механизмите за решавање спорови.			2. Нефинансиски мерки се состојат од: 2.1.овозможување пристап на уредите на ранливиот потрошувач на енергетски мрежи потребни за задоволување на минималните потреби од енергија, вклучително и забрана за исклучување на ранливиот потрошувач од соодветната енергетска мрежа во согласност со правилата за снабдување и 2.2.обезбедување совети и информации на потрошувачите за постапките и трошоците за пристап до енергетските мрежи. (7) Во правилата со кои се уредуваат дистрибуција на енергија, снабдување со енергија и постапување по приговори коишто ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, се утврдуваат посебни мерки и постапки за заштита и унапредување на правата на ранливите потрошувачи во однос				

				на приклучувањето на објектот на ранливиот потрошувач на енергетски мрежи, условите во договорите за снабдување и постапувањето по приговорите. (8) Народниот правобранител на Република Северна Македонија ги штити правата и интересите на потрошувачите на електрична енергија, гас и топлинска енергија на начин и во постапка утврдена со закон.				
Член 28 став 2	2. Земјите членки преземаат соодветни мерки за заштита на купувачите и обезбедуваат, особено, дека постојат соодветни заштитни мерки за заштита на ранливите клиенти. Во овој контекст, секоја земја членка го дефинира концептот на ранливи купувачи што може да се однесува на енергетска сиромаштија и, меѓу другото, и на забрана за исклучување на електрична енергија на такви потрошувачи во критични периоди. Концептот на ранливи купувачи може да	ПЗЕ	Член 10 ставови (4), (5) и (6)	(4) Владата до крајот на тековната година, на предлог на Министерството, а по претходно добиено мислење од Регулаторната комисија за енергетика усвојува Програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за наредната година. Програмата ја изработува Министерството во соработка со министерството надлежно за социјална заштита и со неа меѓу другото, се утврдуваат:	Потполно усогласен			

	вклучува нивоа на приход, учество на потрошувачката на енергија во расположливиот приход, енергетска ефикасност на домовите, критична зависност од електрична опрема од здравствени причини, возраст или други критериуми. Земјите членки обезбедуваат дека се применуваат правата и обврските поврзани со ранливите клиенти. Особено, тие преземаат мерки за заштита на купувачите во оддалечените области.			1. потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи, 2. мерките што треба да се преземат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија, вклучувајќи субвенции за потрошувачка на енергија наменети за домаќинствата кои не се предвидени со програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија согласно прописите за социјална заштита, 3. мерките за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност, 4. начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување, 5. мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија, 6. мерките што треба да ги презема снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга,				

				односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, и 7. потребните средства и извори за финансирање. (5) Мерките од програмата од став (4) на овој член, не смеат да ја нарушат конкуренцијата и да го попречат ефикасното функционирање на пазарите на електрична енергија, гас и топлинска енергија и не смеат да доведат до вкрстено субвенционирање помеѓу одредени категории потрошувачи. (6) Владата на секои две години го известува Секретаријатот на Енергетската заедница за спроведувањето на мерките од програмата од став (4) на овој член.				
Член 29 став 1	При проценка на бројот на домаќинства во енергетска сиромаштија согласно со точка (г) на член 3(3) од Регулативата (ЕУ) 2018/1999, земјите членки утврдуваат и објавуваат збир на критериуми, кои можат да вклучуваат ниски приходи, големи трошоци за енергија во рамки на	ПЗЕ	Член 10 став (1) точка 1	(1) Ранлив потрошувач на енергија е потрошувач од категоријата домаќинство: 1. коешто е во состојба на енергетска сиромаштија, односно недостапност на домаќинството до основните енергетски услуги кои обезбедуваат прифатливи	Потполно усогласен			

	расположлив приход и слаба енергетска ефикасност.			стандарди за живеење и здравје, вклучувајќи соодветно греење, топла вода, ладење, осветлување, и енергија за напојување на апаратите во домаќинството и на можност за примена на мерки за енергетска ефикасност поради ниските приходи, како и високиот удел на трошокот за енергија во вкупниот приход на домаќинството;				
Член 29 став 2	Во тој контекст и во контекст на членот 5(5), Комисијата дава насоки за дефиницијата за „значителен број домаќинства во енергетска сиромаштија“, тргнувајќи од претпоставката дека секој дел од домаќинствата во енергетска сиромаштија може да се смета за значителен.	ПЗЕ	Член 10 став (2)	(2) Бројот на ранливи потрошувачи се определува врз основа на критериумите од ставот (1) на овој член, при што определениот број се зема предвид при утврдување на мерките за намалување на енергетската сиромаштија во Интегрираниот национален план за енергија и клима.	Потполно усогласен			

Член 30	Земјите членки назначуваат или бараат од претпријатијата кои се сопственици или се одговорни за дистрибутивните системи да назначат еден или повеќе оператори на дистрибутивниот систем за одреден временски период што го утврдуваат земјите членки, имајќи ги предвид разгледувањата на ефикасноста и економскиот биланс.	ПЗЕ	Член 162 став (1)	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем или вертикално интегрираното друштво кое е основач на операторот на електродистрибутивниот систем на територијата на Република Северна Македонија е сопственик на електродистрибутивната мрежа којашто се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти – далекуводи, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија.	Потполно усогласен			
Член 31 став 1	1. Операторот на дистрибутивниот систем е одговорен за обезбедување на долгорочна способност на системот кој треба да одговори на разумната побарувачка за електроенергетска дистрибуција, работење, одржување и развој засновани врз економските услови на безбеден, сигурен и ефикасен систем за дистрибуција на електрична енергија во неговата област, со должно внимание на животната	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 2	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен: 2. да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на електрична енергија;	Потполно усогласен			

	средина и енергетската ефикасност.			…				
Член 31 став 2	2. Во секој случај, операторот на дистрибутивниот систем нема да смее да дискриминира помеѓу корисниците на системот или категориите на корисници на систем, особено во корист на неговите подружници.	ПЗЕ	Член 163 став (4) точка 3	(4) Ако операторот на електродистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрирано друштво за електрична енергија: 3.операторот на електродистрибутивниот систем не може да ги користи предностите на својата вертикална интеграција за да ја наруши конкуренцијата, а особено не смее во својата комуникација и употребата на својата фирма да создава забуна во однос на посебниот идентитет на друштвото за снабдување кое е дел од вертикалното интегрирано друштво за електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 31 став 3	3. Операторот на дистрибутивниот систем им обезбедува на корисниците на системот информации што им се потребни за ефикасен пристап до системот вклучувајќи и употреба на системот.	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 6	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен: 6. на корисниците на електродистрибутивниот систем навремено да им ги обезбеди информациите кои им се потребни за пристап до електродистрибутивниот систем со кој управува;	Потполно усогласен			

Член 31 став 4	4. Земјата членка може да побара од секој оператор на дистрибутивниот систем, при испраќање на инсталации за производство, да им даде приоритет на инсталациите за производство кои користат обновливи извори или кои користат високоефикасно комбинирано производство, во согласност со член 12 од Регулативата (ЕУ) 2019/943.	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 12	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен: 12.при испорака на електрична енергија да дава приоритет на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија или високоефикасни комбинирани постројки согласно член 104 став (2) од овој закон;	Потполно усогласен			
Член 31 став 5	5. Секој оператор на дистрибутивниот систем, во случај кога има таква функција дејствува како неутрален олеснувач на пазарот при набавка на енергија што ја користи за покривање на загубите на енергија во својот систем, во согласност со транспарентни, недискриминациски и пазарни процедури.	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 17	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен: 17. да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност со правилата за набавка на електрична енергија,	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

				коишто ги изготвува и донесува по претходно одбрување од Регулаторната комисија за енергетика,		енергетиката		
Член 31 став 6	6. Во случај операторот на дистрибутивниот систем да е одговорен за набавка на производи и услуги неопходни за ефикасно, сигурно и безбедно работење на дистрибутивниот систем, правилата донесени од операторот на дистрибутивниот систем за таа цел се објективни, транспарентни и недискриминациски, и се изработуваат во координација со операторите на системот за пренос и другите релевантни учесници на пазарот. Условите за обезбедување на такви производи и услуги на операторите на дистрибутивниот систем, вклучувајќи ги и каде што е соодветно правилата и тарифите, се утврдуваат и се објавуваат	ПЗЕ	Член 164 став (6)	(6) Операторот на електродистрибутивниот систем соработува со операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија заради обезбедување на учество на учесниците на пазарите кои се поврзани на електродистрибутивната мрежа. Обезбедувањето на услуги за балансирање од даватели на услуги за балансирање приклучени на електродистрибутивниот систем се врши во соработка со операторот на електропренсониот систем, согласно правилата за пазар на балансна енергија.	Потполно усогласен			

	недискриминациски, и на начин кој ги отсликува трошоците во согласност со член 59 (7).							
Член 31 став 7	7. При извршување на задачите наведени во став 6, операторот на дистрибутивниот систем треба да набави нефреквентни помошни услуги потребни за неговиот систем во согласност со транспарентните, недискриминациските и пазарните процедури, освен во случај кога регулаторниот орган проценил дека прибавувањето на нефреквентните помошни услуги базирани на пазарот е економски неефикасно, со што одобрил отстапување. Обврската за набавка на нефреквентни помошни услуги не се однесува на целосно интегрираните мрежни компоненти.	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 17	17. да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност со правилата за набавка на електрична енергија, коишто ги изготвува и донесува по претходно одбрување од Регулаторната комисија за енергетика,	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	

Член 31 став 8	8. Набавката на производите и услугите наведени во став 6 обезбедува ефикасно учество на сите квалификувани учесници на пазарот, вклучувајќи учесници на пазарот што нудат енергија од обновливи извори, учесници на пазарот вклучени во управувањето со побарувачката, оператори на објекти за складирање енергија, учесници на пазарот кои се занимаваат со агрегирање, особено со барање од регулаторните тела и операторите на дистрибутивните системи во тесна соработка со сите учесници на пазарот, како и операторите на системите за пренос, да ги утврдат техничките барања за учество на тие пазари врз основа на техничките карактеристики на тие пазари и можноста на сите учесници на пазарот.	ПЗЕ	Член 164 став (1) точка 17	17. да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност со правилата за набавка на електрична енергија, коишто ги изготвува и донесува по претходно одбрување од Регулаторната комисија за енергетика,	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	

Член 31 став 9	9. Операторите на дистрибутивните системи соработуваат со операторите на системите за пренос за ефективно учество на учесниците на пазарот поврзани со нивната мрежа на малопродажните, големопродажните и балансирачките пазари. Испораката на услуги за балансирање што произлегуваат од ресурсите лоцирани во дистрибутивниот систем се договара со релевантниот оператор на системот за пренос во согласност со член 57 од Регулативата (ЕУ) 2019/943 и член 182 од Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2017/1485 .	ПЗЕ	Член 162 став (10)	(10) Операторите на електродистрибутивните системи соработуваат со операторот на електропреносниот систем во планирањето и работењето на нивните мрежи, особено преку размена на потребните информации и податоци во врска со работата на производствените капацитети и управување со потрошувачката, секојдневното работење и долгорочното планирање на мрежните инвестиции, со цел да се обезбеди економичен, безбеден и сигурен развој и работење на нивните мрежи и координиран пристап до ресурси како што се дистрибуирано производство, складирање на енергија или управување со потрошувачката што може да ги поддржи нивните посебни потреби.	Потполно усогласен			

Член 31 став 10	10. Земјите членки или нивните назначени надлежни органи можат да им дозволат на операторите на дистрибутивните системи да вршат активности различни од оние предвидени во оваа директива и во Регулативата (ЕУ) 2019/943, доколку тие активности се неопходни за операторите на дистрибутивниот систем да ги исполнат своите обврски согласно со оваа директива или Регулатива (ЕУ) 2019/943, под услов регулаторниот орган да ја процени неопходноста од такво отстапување. Овој став не е во спротивност со правото на операторите на дистрибутивните системи да поседуваат, да развиваат, да работат или да управуваат со мрежи различни од електроенергетските мрежи, доколку ова право е одобрено од земја членка или од одреден надлежен орган.	ПЗЕ	Член 164 став (7)	(7) Регулаторната комисија за енергетика може да му дозволи на операторот на електродистрибутивниот систем да извршува и други активности од оние утврдени со овој закон, ако таквите активности му овозможуваат на операторот на електродистрибутивниот систем да ги исполни обврските утврдени со овој закон или пропис донесен врз основа на овој закон. Регулаторната комисија за енергетика може да му дозволи на операторот на електродистрибутивниот систем да поседува, развива и управува со други мрежи, различни од електродистрибутивната и електропреносната.	Потполно усогласен			

Член 32 став 1	1. Земјите членки ја обезбедуваат потребната регулаторна рамка за да им овозможат и обезбедат стимулации на операторите на дистрибутивните системи да купуваат услуги на флексибилност, вклучително и услуги за управување со оптоварување во нивната област, со цел да се подобри ефикасноста во работењето и развојот на дистрибутивниот систем. Особено регулаторната рамка гарантира дека операторите на дистрибутивните системи можат да набавуваат такви услуги од давателите на дистрибуирано производство, управување со побарувачка или складирање енергија и да промовираат употреба на мерки за енергетска ефикасност, доколку таквите услуги исплатливо ја намалуваат потребата од надградба или замена на електроенергетскиот капацитет и поддржуваат ефикасно или безбедно работење на дистрибутивниот систем. Операторите на дистрибутивните системи ги набавуваат овие услуги	ПЗЕ	Член 166 став (7)	(7) Во согласност со методологијата за формирање на тарифи за дистрибуција на електрична енергија од член 61 став (1) точка 1 од овој закон, на операторот на електродистрибутивниот систем ќе му бидат надоместени трошоците поврзани со набавката на услуги за флексибилност, вклучувајќи ги трошоците за потребните информатички и комуникациски технологии и трошоците за инфраструктура.	Потполно усогласен			

	во согласност со процедури засновани на пазарот, и со транспарентни недискриминациски процедури, освен ако регулаторните тела не утврдат дека набавката на такви услуги не е економски ефикасна или дека таквата набавка доведува до сериозни нарушувања на пазарот или до поголемо оптоварување.							
Член 32 став 2	2. Операторите на дистрибутивните системи, кои се предмет на одобрување од регулаторниот орган или самиот регулаторен орган, во транспарентен и партиципативен процес што ги вклучува сите релевантни корисници на системот и операторите на системот за пренос, ги утврдуваат спецификациите за набавените услуги за флексибилност и, каде што е соодветно, стандардизираните производи на пазарот за таквите услуги барем на национално ниво. Спецификациите обезбедуваат ефективно и недискриминациско учество на сите учесници на	ПЗЕ	Член 166 Ставови (4), (5), (6) и (7)	(4) Операторот на електродистрибутивниот систем, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика во транспарентен процес со учество на корисниците на системот и операторот на електропреносниот систем, утврдува листа на спецификации за услугите за флексибилност кои се набавуваат на пазарот како стандардизирани пакети на услуги на пазарите на електрична енергија во Република Северна Македонија и во регионот и ја објавува на својата веб-страница.	Потполно усогласен			

	пазарот, вклучително учесници на пазарот што нудат енергија од обновливи извори, учесници на пазарот вклучени во управувањето со побарувачката, оператори на објекти за складирање на енергија и учесници на пазарот вклучени во агрегирање. Операторите на дистрибутивните системи ги разменуваат сите потребни информации и се координираат со операторите на системот за пренос со цел да се обезбеди оптимално искористување на ресурсите, да се обезбеди безбедно и ефикасно работење на системот и да се олесни развојот на пазарот. Операторите на дистрибутивните системи соодветно се надоместуваат најмалку за разумните трошоци поврзани со набавката на таквите услуги, вклучувајќи ги потребните трошоци за информатичка и комуникациска технологија и инфраструктурните трошоци.			(5) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да обезбеди еднакви услови за понудите на енергија и услуги од ставот (3) на овој член. (6) При набавка и активирање на услугите за флексибилност за потребите на електродистрибутивниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем и операторот на електропреносниот систем ги разменуваат сите потребни информации и се координираат заради оптимална употреба на ресурсите за обезбедување на услуги за флексибилност, безбедно и ефикасно функционирање на системот и олеснување на развојот на пазарот на електрична енергија и пазарот на услуги за флексибилност. (7) Во согласност со методологијата за формирање на тарифи за дистрибуција на електрична енергија од членот 61 став (1) точка 1 од овој закон, на операторот на				

				електродистрибутивниот систем му се надоместуваат трошоците поврзани со набавката на услуги за флексибилност, вклучувајќи ги трошоците за потребните информатички и комуникациски технологии и трошоците за инфраструктура.				
Член 32 став 3	3. Развојот на дистрибутивниот систем се заснова на транспарентен план за развој на мрежата што операторот на дистрибутивниот систем го објавува најмалку на секои две години и го доставува до регулаторниот орган. Планот за развој на мрежата обезбедува транспарентност на потребните среднорочни и долгорочни услуги за флексибилност и ги утврдува планираните инвестиции за следните пет до десет години, со посебен акцент на главната дистрибутивна инфраструктура што е потребна за поврзување на новиот капацитет за производство и новите оптоварувања, вклучувајќи ги и станиците за полнење на електричните возила.	ПЗЕ	Член 166 Став (1)	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем во петгодишниот план за развој на системот, врз основа на анализа на трошоци и придобивки, на разбирлив и едноставен начин ги прикажува: 1. потребите за користење на услуги за флексибилност, вклучувајќи управување преку побарувачката, агрегација, управување со загушувањата и складирање на електрична енергија, 2. преземање мерки за енергетска ефикасност за да се подобри ефикасноста во управувањето и развојот на електродистрибутивниот систем, и	Потополно усогласено			

	Планот за развој на мрежата исто така вклучува и примена на управување со побарувачката, енергетска ефикасност, објекти за складирање на енергија или други ресурси што операторот на дистрибутивниот систем треба да ги користи како алтернатива за проширувањето на системот.			3. на кој начин и до кој степен користењето на мерките од точка 2 на овој став ја намалува или одложува потребата од надградба или одржување на електродистрибутивниот систем.				
Член 32 став 4	4. Операторот на дистрибутивниот систем ги консултира сите релевантни корисници на системот и релевантните оператори на системот за пренос во врска со планот за развој на мрежата. Операторот на дистрибутивниот систем ги објавува резултатите од консултативниот процес заедно со планот за развој на мрежата и ги доставува резултатите од консултациите и планот за развој на мрежата до регулаторниот орган. Регулаторниот орган може да побара измени и дополнувања на планот.	ПЗЕ	Член 165 став (4)	(4) По завршувањето на постапката за усогласување од став (3) на овој член, операторот на електродистрибутивниот систем спроведува консултации во однос на планот за развој на системот со корисниците на електродистрибутивната мрежа и со операторот на електропреносниот систем и планот заедно со резултатите од консултациите најдоцна до 15 ноември го доставува на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Во постапката за одобрување Регулаторната комисија з а енергетика може да побара измени на доставениот план.	Потополно усогласено		.	

				Одобрениот план операторот на електродистрибутивниот систем го донесува и го објавува на својата веб страница.				
Член 32 став 4	5. Земјите членки може да одлучат да не ја применуваат обврската утврдена во став 3 за интегрирани електроенергетски претпријатија кои опслужуваат помалку од 100.000 поврзани потрошувачи или кои опслужуваат мали изолирани системи.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите членки на Европската Унија
Член 33 став 1	1. Без да е во спротивност со Директивата 2014/94/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот , земјите членки ја обезбедуваат потребната регулаторна рамка за да се олесни поврзувањето на јавно достапни и приватни станици за полнење со дистрибутивните мрежи. Земјите членки гарантираат дека	ПЗЕ	Член 169 ставови (6) и (7)	(6) Операторот на електродистрибутивниот систем соработува на недискриминаторска основа со секое лице кое поседува, развива или управува со станици за полнење на електрични возила, вклучително и нивно поврзувањето на мрежата.	Потполно усогласен			

	операторите на дистрибутивните системи соработуваат на недискриминациска основа со кое било претпријатие што поседува, развива, работи или управува со станици за полнење на електрични возила, вклучително и нивно поврзување со мрежата.			(7) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да се координира со операторот на електропреносниот систем во одредување на локациите на станиците за полнење со капацитет еднаков или повисок од 50 kW.				
Член 33 став 2	2. Операторите на дистрибутивните системи нема да поседуваат, развиваат, управуваат или работат со станици за полнење на електрични возила, освен ако операторите на дистрибутивните системи не поседуваат приватни станици за полнење исклучиво за нивна сопствена употреба.	ПЗЕ	Член 169 став (1)	(1) Операторот на електродистрибутивниот систем нема право да поседува, развива или управува со станици за полнење на електрични возила, освен ако станицата за полнење е во негова сопственост и ја користи за сопствени потреби.	Потполно усогласен			
Член 33 став 3	3. По исклучок од став 2, земјите членки може да дозволат операторите на дистрибутивните системи да поседуваат, развиваат, управуваат или да работат со станици за полнење на електрични возила, само ако се исполнети сите следниве услови: (а) на други страни, по отворена, транспарентна и	ПЗЕ	Член 169 ставови (2) и (3)	(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Министерството со одлука може да му дозволи на оператор на електродистрибутивниот систем да поседува, развива или управува со станици за полнење на електрични возила, само ако се исполнети следниве услови: 1. Регулаторната комисија за енергетика ги одобрила условите	Потполно усогласен			

	недискриминациска постапка на тендер, што е предмет на разгледување и одобрување од регулаторниот орган, не им било дадено право да поседуваат, развиваат, управуваат или работат со станици за полнење на електрични возила, или не можеле да ги испорачаат тие услуги по разумна цена и навремено; (б) регулаторниот орган извршил претходен преглед на условите на тендерската постапка наведени во точката (а) и дал одобрение; (в) операторот на дистрибутивниот систем работи со станиците за полнење врз основа на пристап од трета страна во согласност со член 6 и не ги дискриминира корисниците на системот или категориите на корисници на системот, особено во корист на неговите подружници. Регулаторниот орган може да изготви упатства или клаузули за набавки за да им помогне на операторите на дистрибутивните			содржани во тендерската документација за тендерската постапка за избор на лице кое поседува, развива или управува со станици за полнење на електрични возила, која ја спроведува операторот на електродистрибутивниот систем; 2. по спроведената отворена, транспарентна и недискриминаторна тендерска постапка организирана од операторот на електродистрибутивниот систем, ниту еден учесник не добил право да поседува, развива, користи или управува со станици за полнење на електрични возила, односно учесниците во постапката понудиле цени понеповолни од цените на конкурентните пазари во регионот и 3. операторот на електродистрибутивниот систем управува со станиците за полнење во согласност со одредбите за пристап на трета страна од овој закон и не ги дискриминира				

	системи да обезбедат правична тендерска постапка.			корисниците на системот во корист на неговите поврзани друштва. (3) Регулаторната комисија за енергетикаизработува упатство за подготовка и спроведување на тендерската постапка.				
Член 33 став 4	4. Во случај земјите членки да ги спроведуваат условите утврдени во став 3, земјите членки или нивните назначени надлежни органи одржуваат јавни консултации на редовна основа или најмалку на секои пет години за да проценат дали другите страни се заинтересирани да поседуваат, развиваат, работат или да управуваат со станици за полнење на електрични возила. Во случај јавната консултација да покаже дека другите страни можат да поседуваат, развиваат, работат или да управуваат со такви станици, земјите членки гарантираат дека активностите на операторите на дистрибутивниот систем во оваа смисла се укинуваат, под услов успешно да се	ПЗЕ	Член 169 став (4)	(4) Ако операторот на електродистрибутивниот систем добил дозвола да поседува, развива или управува со станици за полнење на електрични возила согласно ставот (2) на овој член, Министерството, периодично или најмногу на секои пет години, спроведува јавна консултација за утврдување на потенцијалниот интерес на други субјекти за поседување, развивање или управување со станиците за полнење на електрични возила.	Потполно усогласен			

	заврши тендерската постапка наведена во точка (а) од став 3. Како дел од условите за овој процес, регулаторните органи можат да им дозволат на операторите на дистрибутивните системи да ја надоместат останатата вредност на своите инвестиции во инфраструктурата за полнење.							
Член 34	Земјите членки гарантираат дека сите квалификувани страни имаат недискриминациски пристап до податоците под јасни и еднакви услови, во согласност со релевантните правила за заштита на податоците. Во земјите членки, каде што се воведени паметни системи за мерење во согласност со член 19 и во кои операторите на дистрибутивните системи учествуваат во управувањето со податоците, програмите за усогласеност наведени во точка (г) од членот вклучуваат посебни мерки за да се спречи дискриминациски пристап до податоците од квалификуваните страни, предвидено во член 23. Во случај операторите на	ПЗЕ	Член 190	(1)Управувањето со податоците обезбедува ефикасен и безбеден пристап до податоците и делотворна размена на податоци, како и заштита и безбедност на податоците. (2)Операторот на електроенергетскиот систем во соодветните мрежни правила ги уредува прашањата во врска со управувањето, обработката, размената и пристапот до мерните податоци и податоците за потрошувачката на крајниот потрошувач, како и податоците потребни во постапката за промена на снабдувач и податоците потребни за	Потполно усогласен				

	дистрибутивните системи да не подлежат на член 35 (1), (2) или (3), земјите членки ги преземаат сите потребни мерки за да поведат грижа дека вертикално интегрираните претпријатија немаат привилегиран пристап до податоците за спроведување на нивните активности за снабдување.			управување преку побарувачката, во согласност со овој закон и со прописите за заштита на податоците. (3)Операторот на електроенергетскиот систем е должен на едноставен и недискриминаторен начин и под еднакви услови да обезбеди пристап до податоците од став (2) на овој член, на учесници на пазарот кои имаат деловен интерес за нивно користење. (4)Службеникот за усогласеност во соодветниот оператор на електроенергетскиот систем ја следи примената на условите за пристап до податоците од став (3) од овој член и ја известува Регулаторната комисија за енергетика за се кое отстапување. (5)Операторот на електроенергетскиот систем е должен без надоместок на крајниот потрошувач да му обезбеди пристап до податоците од став (2) на овој член или по				

				негово барање да ги стави на располагање на трето лице. (6)Операторот на електроенергетскиот систем по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика утврдува надоместок за пристап до податоците од став (2) на овој член, на учесници на пазарот кои имаат деловен интерес за нивно користење. (7)Со цел унапредување на конкуренцијата на пазарот на електрична енергија на мало и избегнување на прекумерните административни трошоци за учесниците на пазарот се овозможува целосна интероперабилност на енергетските услуги во рамки на Енергетската заедница и примена на постапките за пристап до податоците од овој член.				

Член 35 став 1	1. Во случај на операторот на дистрибутивниот систем да е дел од вертикално интегрирано претпријатие, тој е независен барем во однос на својата правна форма, организација и донесување одлуки од другите активности што не се однесуваат на дистрибуцијата. Тие правила не создаваат обврска за одделување на сопственоста на основните средства на операторот на дистрибутивниот систем од вертикално интегрираното претпријатие.	ПЗЕ	Член 163 став (2)	(2) Ако операторот на електродистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрирано друштво за електрична енергија, во однос на неговиот правен субјективитет, организација и одлучување, мора да е независен и дејствува независно од другите дејности, наведени во став (1) на овој член, на вертикално интегрирано друштво за електрична енергија кои не се поврзани со дистрибуција на електрична енергија. Операторот на електродистрибутивниот систем не е должен да ја раздвои сопственоста на средствата на дистрибутивниот систем од вертикално интегрираното друштво за електрична енергија.	Потполно усогласен			
Член 35 став 2	2. Покрај барањата од став 1, каде операторот на дистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрирано претпријатие, тој е независен во однос на својата организација и донесување одлуки од другите активности што не се поврзани со дистрибуцијата. За да	ПЗЕ	Член 163 став (3)	(4) Со цел да се обезбеди независност на операторот на електродистрибутивниот систем и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот	Потполно усогласен			

	се постигне ова, се применуваат следниве минимални критериуми:			на електродистрибутивниот систем обезбедува:				
Член 35 став 2 точка (а)	(а) лицата одговорни за управување со операторот на дистрибутивниот систем нема да учествуваат во структурите на интегрираното електроенергетско претпријатие кои се директно или индиректно одговорни за секојдневното работење на производството, преносот или снабдувањето со електрична енергија;	ПЗЕ	Член 163 став (3) точка 1	(4) Со цел да се обезбеди независност на операторот на електродистрибутивниот систем и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на електродистрибутивниот систем обезбедува: 1. лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електродистрибутивниот систем да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во правните лица кои се вршители на дејности производство, пренос, трговија, снабдување, складирање на електрична енергија и	Потполно усогласен			

				организирање и/или управување со пазарот на електрична енергија; …				
Член 35 став 2 точка (б)	(б) мора да се преземат соодветни мерки за да се осигури дека професионалните интереси на лицата одговорни за управување со операторот на дистрибутивниот систем се земени предвид на таков начин со што се обезбедува способност за нивно независно дејствување;	ПЗЕ	Член 163 став 3 точка 2	(3) Со цел да се обезбеди независност на операторот на електродистрибутивниот систем и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на електродистрибутивниот систем обезбедува: … 2. лицата кои учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електродистрибутивниот систем да имаат независност во нивната работа и одлучување од вертикалното интегрирано друштво и	Потполно усогласен			

Член 35 став 2 точка (в)	(в) операторот на дистрибутивниот систем мора да има ефективни права на донесување одлуки, независни од интегрираното електроенергетско претпријатие, во однос на средствата потребни за работа, одржување или развој на мрежата. За да ги исполни овие задачи, операторот на дистрибутивниот систем мора да ги има на располагање потребните ресурси, вклучувајќи човечки, технички, физички и финансиски ресурси. Ова не треба да го спречува постоењето на соодветни механизми за координација за да се обезбеди заштита на правото на економски и управувачки надзор на матичната компанија по однос на повратот на средствата, индиректно регулирано во согласност со член 59 (7) во подружницата. Ова особено ѝ овозможува на матичната компанија да го одобри годишниот финансиски план или кој било еквивалентен инструмент на операторот на дистрибутивниот систем и да постави општи ограничувања на нивоата на	ПЗЕ	Член 163 став 3 точка 3	(3) Со цел да се обезбеди независност на операторот на електродистрибутивниот систем и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на електродистрибутивниот систем обезбедува: … 3. донесувањето на одлуки на операторот на електродистрибутивниот систем во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот да биде независно од интересите на вертикално интегрираното друштво за електрична енергија на кое му припаѓа, за што операторот на електродистрибутивниот систем треба да ги има на располагање потребните човечки, технички, финансиски и материјални ресурси.	Потполно усогласен			

	задолженост на нејзината подружница. Ова не ѝ дава дозвола на матичната компанија да дава упатства во врска со секојдневното работење, ниту во врска со индивидуалните одлуки во врска со изградбата или надградбата на дистрибутивните линии, кои не ги надминуваат опсегот на одобрениот финансиски план или кој било еквивалентен инструмент; и							
Член 35 став 2 точка (г)	(г) операторот на дистрибутивниот систем мора да воспостави програма за усогласеност, која утврдува преземени мерки за да се обезбеди исклучување на дискриминациското однесување и да се обезбеди правилно следење на неговата усогласеност. Програмата за усогласеност ги утврдува специфичните обврски на вработените за исполнување на таа цел. Лицето или органот надлежен за следење на програмата за усогласеност, службеникот за усогласеност на операторот на дистрибутивниот систем поднесува годишен извештај во кој се утврдени	ПЗЕ	Член 163 став (5)	(5) Операторот на електродистрибутивниот систем, независно од организациската форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, назначува службеник за усогласеност и донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по било која основа, се определуваат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот	Потполно усогласен			

	преземените мерки, а потоа истиот се објавува. Службеникот за усогласеност на операторот на дистрибутивниот систем е целосно независен и за исполнување на својата задача има пристап до сите потребни информации на операторот на дистрибутивниот систем и секое поврзано претпријатие.			на следење на усогласеноста на работењето на операторот на електродистрибутивниот систем со програмата.				
Член 42 став 2.1	Првиот потстав не е во спротивност со можноста операторите на системот за пренос да го ограничат загарантираниот капацитет за поврзување или да понудат врски што подлежат на оперативни ограничувања, со цел да се обезбеди економска ефикасност на новите производствени инсталации или објекти за складирање енергија, под услов тие ограничувања да се одобрени од регулаторниот орган. Регулаторниот орган гарантира дека сите ограничувања во гарантираниот капацитет за поврзување или оперативните ограничувања се воведуваат врз основа на транспарентни и недискриминациско процедури и не создаваат неоправдани бариери за влез на пазарот. Во случај кога инсталацијата за производство или складирање енергија ги сноси трошоците поврзани со обезбедувањето на неограничена врска, нема да се применуваат ограничувањата.	ПЗЕ	Член 99 став (12)	(12) По исклучок на ставот (11) на овој член, со цел да се обезбеди економска ефикасност во однос на новите капацитетите за производство или складирање на електрична енергија, а по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, операторот на електропреносниот и/или електродистрибутивниот систем може да: 1.го ограничи расположливиот капацитет за приклучување или 2.понуди приклучување со оперативни ограничувања.	Потполно усогласен			

Член 42 став 3	3. Операторот на системот за пренос нема право да одбие нова точка за поврзување, со образложение дека тоа би довело до дополнителни трошоци кои произлегуваат од неопходното зголемување на капацитетот на елементите на системот лоцирани во близина до точката на поврзување.	ПЗЕ			Потполно усогласен			
Член 43 став 1 точка а	1. Земјите членки обезбедуваат дека: (а) секое претпријатие кое е сопственик на преносен систем дејствува како оператор на преносен систем;	ПЗЕ	Член 133 став (1) точка 1	(1) Операторот на електропреносниот систем е акционерско друштво кое: 1. е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти и други постројки, објекти и средства што се во функција на управувањето со електропреносниот систем и преносот на електрична енергија,	Потполно усогласен			

Член 43 став 1 точка б	(б) исто лице или лица немаат право: (i) директно или индиректно да вршат контрола врз претпријатие кое извршува која било од функциите на производство или снабдување, и директно или индиректно да врши контрола или да остварува какво било право над операторот на системот за пренос или врз преносен систем; или (ii) директно или индиректно да вршат контрола над операторот на системот за пренос или врз системот за пренос, и директно или индиректно да вршат контрола или да вршат какво било право над претпријатие кое извршува која било од функциите на производство или снабдување;	ПЗЕ	Член 133 став (2) точка 1 и 2	(2) Со цел да се обезбеди независноста на операторот на електропреносниот систем во смисла на ставотстав (1) точка 4 на овој член, исто лице или лица немаат право во исто време: 1. директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем, 2. директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија,	Потполно усогласен			

Член 43 став 1 точка в	(в) истото лице или лица немаат право да назначуваат членови на надзорен одбор, административен одбор или тела што законски го застапуваат претпријатието, на операторот на системот за пренос или на системот за пренос, и директно или индиректно да вршат контрола или да вршат какво било право над претпријатие кое извршува која било од функциите на производство или снабдување; и	ПЗЕ	Член 133 став (2) точка 3	(2) Со цел да се обезбеди независноста на операторот на електропреносниот систем во смисла на став (1) точка 4 на овој член, исто лице или лица немаат право во исто време: 3. да именуваат членови на орган на надзор и на орган на управување на операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија, и	Потполно усогласен			
Член 43 став 1 точка г	(г) истото лице нема право да биде член на надзорниот одбор, административниот одбор или телата што законски го застапуваат претпријатието, и на претпријатие кое извршува која било од функциите за производство или снабдување и на операторот на	ПЗЕ	Член 133 став (2) точка 4	(2) Со цел да се обезбеди независноста на операторот на електропреносниот систем во смисла на став (1) точка 4 на овој член, исто лице или лица немаат право во исто време:	Потполно усогласен			

	системот за пренос или на системот за пренос			4. да биде член на орган на надзор, на орган на управување или на некое од телата кои законски го застапуваат операторот на електропреносниот систем и во исто време да биде член на соодветен орган или тело во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија.				
Член 43 став 2	2. Правата наведени во точките (б) и (в) од став 1 особено вклучуваат: (а) овластување да се остварат гласачките права; (б) овластување да се назначуваат членови на надзорниот одбор, административниот одбор или тела кои законски го застапуваат претпријатието; или (в) имање на мнозински удел.	ПЗЕ	Член 133 став (3)	(3) Ограничувањата од став (2) на овој член, особено се однесуваат на: 1. користење на право на глас, 2. избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување, и/или 3. поседување на мнозински удел.	Потполно усогласен			

Член 43 став 3	3. За целите на точката (б) од став 1, поимот „претпријатие кое извршува која било од функциите на производство или снабдување“ вклучува „претпријатие кое извршува која било од функциите на производство и снабдување“ во смисла на Директивата 2009/73/ЕЗ, а поимите „оператор на системот за пренос“ и „преносен систем“ се однесуваат на „оператор на преносен систем“ и „преносен систем“ во смисла на таа Директива.	ПЗЕ	Член 133 став (7)	(7) Како друштво што врши дејност производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија од ставот (2) од овој член: 1. се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство, складирање, снабдување или трговија со гас; 2. не се смета потрошувач кој директно или индиректно учествува во управувањето во друштва кои вршат некоја од дејностите производство, складирање и/или снабдување со електрична енергија, ако: - на просечно годишно ниво е нето -потрошувач на електрична енергија земајќи го предвид неговото учество во произведената електричната енергија од друштвата во кои учествува во управувањето и - вредноста на електричната енергија што ја продава на трети лица е незначителна во однос на	Потполно усогласен			

				другите негови деловни активности.				
Член 43 став 4	4. Обврската утврдена во точка (а) од став 1 се смета дека е исполнета кога две или повеќе претпријатија кои поседуваат системи за пренос создале заедничко вложување кое дејствува како оператор на систем за пренос во две или повеќе земји членки за предметните системи за пренос. Ниту едно друго претпријатие не смее да биде дел од заедничкото вложување, освен ако не е одобрено според член 44 како независен оператор на системот или како независен оператор за пренос за целите на Делот 3.				Не се транспонира	Ќе се транспонира во друг правен пропис од областа на енергетиката	Во рок од девет месеци од влегување во сила на овој закон	.

Член 43 став 5	5. За спроведување на овој член, во случај кога лицето од точките (б), (в) и (г) од став 1 е земја членка или друго јавно тело, две одделни јавни тела што вршат контрола над операторот на системот за пренос или врз системот за пренос од една страна, и над претпријатието кое извршува некоја од функциите на производство или снабдување од друга страна, нема да се сметаат за исто лице или лица.	ПЗЕ	Член 133 став (5)	(5) Ако две лица кои се органи на државна власт или органи на единица на локална самоуправа или други државни органи основани согласно со Устав или со закон, од кои едното врши контрола врз операторот на електропреносниот систем а другото врши контрола врз друштво што врши некоја од дејностите производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија, се смета дека не е истото лице од став (2) на овој член.	Потполно усогласен			
Член 43 став 6	6. Земјите членки обезбедуваат дека ниту комерцијално чувствителните информации наведени во член 41 што ги поседува операторот на систем за пренос кој бил дел од вертикално интегрираното претпријатие, ниту, пак, персоналот на таков оператор на систем за пренос, се пренесуваат на претпријатијата што вршат некоја од функциите на генерирање и снабдување.	ПЗЕ	Член 133 став (6)	(6) Операторот на електропреносниот систем и неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за дистрибуција, производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија.	Потполно усогласен			

Член 43 став 7	7. Во случај на 3 септември 2009 година, системот за пренос да му припаѓа на вертикално интегрираното претпријатие, земјата членка може да одлучи да не го примени ставот 1. Во таков случај, засегнатата земја членка или: (а) назначува независен оператор на системот во согласност со член 44; или (б) се усогласува со Дел 3.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија
Член 43 став 8	8. Во случај на 3 септември 2009 година, системот за пренос да му припаѓа на вертикално интегрираното претпријатие и постојат договори што гарантираат поефикасна независност на операторот на системот за пренос				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европск

	од Дел 3, земјата членка може да одлучи да не го примени ставот 1.							ата Унија
Член 43 став 9	9. Пред претпријатието да биде одобрено и назначено за оператор на систем за пренос според став 8 на овој член, тоа се сертифицира во согласност со постапките утврдени во член 52 (4), (5) и (6) од оваа директива и во член 51 од Регулативата (ЕУ) 2019/943, врз основа на што Комисијата проверува дали утврдените аранжмани гарантираат поефикасна независност на операторот на системот за пренос од Дел 3 од ова Поглавје.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

Член 43 став 10	10. Вертикално интегрираните претпријатија кои поседуваат систем за пренос во никој случај не смеат да бидат спречени да преземат чекори за усогласување со став 1.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија
Член 43 став 11	11. Претпријатијата што вршат која било од функциите на производство или снабдување во никој случај нема да можат директно или индиректно да преземат контрола или да остварат какво било право над раздвоените оператори на системите за пренос во земјите членки кои го применуваат ставот 1.	ПЗЕ	Член 133 став (4)	(4) Операторот на електропреносниот систем не може да има лиценци и не може да биде вклучен во вршење на дејностите дистрибуција, производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија, како и лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.	Потполно усогласен			.

Член 44	Во случај на системот за пренос да припаѓа на вертикално интегрирано претпријатие на 3 септември 2009 година, земјата членка може да одлучи да не го примени член 43 (1) и да назначи независен оператор на системот по предлог на сопственикот на системот за пренос. Таквото назначување е предмет на одобрување од Комисијата. 2. Земјата членка може да одобри и да назначи независен оператор на системот, доколку: (а) операторот кој е кандидат покажал дека е во согласност со барањата утврдени во точките (б), (в) и (г) од член 43 (1); (б) операторот кој е кандидат покажал дека ги има на располагање потребните финансиски, технички, физички и човечки ресурси за извршување на своите задачи според член 40; (в) операторот кој е кандидат се обврзал да се усогласи со десетгодишниот план за развој на	ПЗЕ			Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	мрежата, следено од регулаторниот орган; (г) сопственикот на системот за пренос ја покажал својата способност да ги почитува своите обврски од став 5. За таа цел, тој ги обезбедил сите нацрт-договори за договор со операторот кој е кандидат и кој било друг релевантен субјект; и (д) операторот кој е кандидат ја покажал својата способност да ги усогласи своите обврски согласно со Регулативата (ЕУ) 2019/943, вклучително и соработката на операторите на системите за пренос на европско и регионално ниво. 3. Претпријатијата што се потврдени од регулаторниот орган дека ги исполнуваат барањата од член 53 и став 2 на овој член, се одобруваат и назначуваат од страна на земјите членки за независни оператори на системот. Се применува постапката за сертифицирање од член 52 од оваа директива и член 51 од							

	Регулативата (ЕУ) 2019/943 или од член 53 од оваа директива. 4. Секој независен оператор на системот е одговорен за доделување и управување со пристапот на трети лица, вклучително и наплата на надоместоци за пристап, такси за оптоварувањата и плаќања во рамките на механизмот за компензација на операторот на системот за меѓупренос, во согласност со член 49 од Регулативата (ЕУ) 2019/943, како и за работа, одржување и развој на системот за пренос и за обезбедување на долгорочна можност на системот да одговори на разумната побарувачка преку планирање на инвестициите. При развивање на системот за пренос, независниот оператор на системот е одговорен за планирање (вклучително и постапка за одобрување), изградба и пуштање во употреба на новата инфраструктура. За таа цел, независниот оператор на системот дејствува како оператор на систем за пренос во согласност со овој							

	Дел. Сопственикот на системот за пренос не е одговорен за доделување и управување со пристап на трети лица, ниту за планирање инвестиции. 5. Кога е назначен независен системски оператор, сопственикот на системот за пренос: (а) ја обезбедува целата релевантна соработка и поддршка на независниот оператор на системот за исполнување на неговите задачи, вклучувајќи ги особено сите релевантни информации; (б) ги финансира инвестициите за кои донел одлука независниот оператор на системот и кои се одобрени од регулаторниот орган, или дава согласност за финансирање од која било заинтересирана страна, вклучително и од независниот оператор на системот. Релевантните аранжмани за финансирање подлежат на одобрување од регулаторниот орган. Пред таквото одобрување, регулаторниот орган се консултира							

	со сопственикот на системот за пренос заедно со другите заинтересирани страни; (в) обезбедува покривање на одговорност во врска со мрежните средства, со исклучок на одговорноста во врска со задачите на независниот оператор на системот; и (г) обезбедува гаранции за олеснување на финансирањето на какво било проширување на мрежата, со исклучок на оние инвестиции каде што, согласно со точката (б), дал согласност за финансирање од која било заинтересирана страна, вклучително и од независниот оператор на системот. 6. Во тесна соработка со регулаторниот орган, на релевантниот национален орган за конкуренција му се даваат сите релевантни овластувања за ефикасно следење на усогласеноста на сопственикот на системот за пренос со неговите обврски од став 5.							

Член 45	1. Сопственик на систем за пренос, каде што е назначен независен оператор на системот, кој е дел од вертикално интегрирано претпријатие, е независен во најмала рака во смисла на неговата правна форма, организација и донесување одлуки од други активности што не се однесуваат на преносот. 2. Со цел да се обезбеди независност на сопственикот на системот за пренос наведен во став 1, се применуваат следниве минимални критериуми: (а) лицата одговорни за управување со сопственикот на системот за пренос нема да учествуваат во структурите на компанијата на интегрираното претпријатие за електрична енергија кое е одговорно, директно или индиректно, за секојдневното работење на производството, дистрибуцијата и снабдувањето со електрична енергија; (б) се преземаат соодветни мерки за да се поведе грижа дека професионалните интереси на	ПЗЕ			Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	лицата одговорни за управување со сопственикот на системот за пренос се земени предвид на начин што гарантира дека тие се способни да дејствуваат независно; и (в) сопственикот на системот за пренос воспоставува програма за усогласеност, со која се утврдуваат преземени мерки за да се обезбеди дека дискриминациското однесување се исклучува и да се обезбеди дека соодветно се следи почитување на истата. Програмата за усогласеност ги утврдува специфичните обврски на вработените за исполнување на овие цели. Годишен извештај, во кој се утврдени преземените мерки, се доставува од страна на лицето или органот одговорен за следење на програмата за усогласеност до регулаторниот орган и тоа се објавува.							

Член 46	1. Операторите на системот за пренос се опремени со сите човечки, технички, физички и финансиски ресурси потребни за исполнување на нивните обврски од оваа директива и вршење на дејноста пренос на електрична енергија, особено: (а) средствата што се неопходни за активност на пренос на електрична енергија, вклучително и системот за пренос, се во сопственост на операторот на системот за пренос; (б) персоналот кој е неопходен за активност на пренос на електрична енергија, вклучително и извршување на сите корпоративни задачи, е вработен од операторот на системот за пренос; (в) е забрането изнајмување на персонал и извршување услуги од други делови на вертикално интегрираното претпријатие и за нив. Меѓутоа, операторот на системот за пренос може да му даде услуги на вертикално интегрираното претпријатие доколку: (i) давањето такви услуги не дискриминира помеѓу	ПЗЕ			Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	корисниците на системот, е достапно за сите корисници на системот под исти услови и не ја ограничува, нарушува или спречува конкуренцијата во производството или снабдувањето; и (ii) условите и роковите за обезбедување на овие услуги се одобрени од регулаторниот орган; без тоа да биде во спротивност со одлуките на надзорното тело според член 49, соодветните финансиски средства за идни инвестициски проекти и/или за замена на постојните средства се стават на располагање на операторот на системот за пренос навремено од вертикално интегрираното претпријатие по соодветно барање од операторот на системот за пренос. 2. Активноста за пренос на електрична енергија ги вклучува најмалку следниве задачи, покрај оние наведени во член 40: (а) застапеност на операторот на системот за пренос и контакти со трети страни и регулаторните тела;							

	(б) застапеност на операторот на системот за пренос во рамките на ENTSO за електрична енергија; (в) доделување и управување со пристап на трети страни на недискриминаciска основа помеѓу корисници на системот или класи на корисници на систем; (г) наплата на сите давачки поврзани со системот за пренос, вклучително и надоместоци за пристап, енергија за загуби и трошоци за помошни услуги; (д) работење, одржување и развој на безбеден, ефикасен и економичен преносен систем; (ѓ) инвестициско планирање што обезбедува долгорочна способност на системот да управува со разумната побарувачка и гарантира сигурност во снабдувањето; (е) поставување соодветни заеднички вложувања, вклучително и со еден или повеќе оператори на системот за пренос, берзите на електрична енергија и другите релевантни учесници кои ги извршуваат целите за развој на создавање регионални пазари или							

	за олеснување на процесот на либерализација; и (ж) сите корпоративни услуги, вклучително и правни услуги, сметководствени и ИТ услуги. 3. Операторите на системот за пренос се организираат во правна форма како што е наведено во Анекс I на Директивата (ЕУ) 2017/1132 на Европскиот парламент и на Советот. 4. Операторот на системот за пренос не смее, во својот корпоративен идентитет, комуникација, брендирање и простории, да создава конфузија во однос на посебниот идентитет на вертикално интегрираното претпријатие или кој било дел од него. 5. Операторот на системот за пренос нема да споделува ИТ-системи или опрема, физички простории и безбедносни системи за пристап со кој било дел од вертикално интегрираното претпријатие, ниту да користи исти консултанти или надворешни договарачи за ИТ-системи или ИТ-							

	опрема и системи за безбедносен пристап 6. Сметките на операторите на системот за пренос ги ревидира ревизор различен од оној што врши ревизија на вертикално интегрираното претпријатие или кој било дел од него.							
Член 47	1. Без да се нарушат одлуките на надзорниот орган според член 49, операторот на системот за пренос има: (а) ефективни права на донесување одлуки, независни од вертикално интегрираното претпријатие, во однос на средствата неопходни за работа, одржување или развој на системот за пренос; и (б) овластувања да подига пари на пазарот на капитал, особено преку задолжување и зголемување на капиталот. 2. Операторот на системот за пренос во секое време дејствува така што обезбедува ресурси што му се потребни за правилно и ефикасно вршење на дејноста на преносот и развој и одржување на				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	ефикасен, безбеден и економичен систем за пренос. 3. Контролираните друштва на вертикално интегрираното претпријатие што вршат функции на производство или снабдување нема да имаат директно или индиректно учество во операторот на системот за пренос. Операторот на системот за пренос нема да има какво било директно или индиректно учество во кое било контролирано друштво на вертикално интегрирано претпријатие кое врши функции на производство или снабдување, ниту да добива дивиденда или други финансиски придобивки од тоа подружница. 4. Целокупната структура на управување и корпоративните статути на операторот на системот за пренос обезбедуваат ефективна независност на операторот на системот за пренос во согласност со овој дел. Вертикално интегрираното претпријатие нема да го определи, директно или индиректно, конкурентското однесување на операторот на							

	системот за пренос во врска со секојдневните активности на операторот на системот за пренос и управувањето со мрежата, или во врска со активностите потребни за подготовка од десетгодишниот план за развој на мрежата изработен во согласност со член 51. 5. При исполнување на нивните задачи во член 40 и член 46 (2) од оваа директива и во согласност со обврските утврдени во член 16, 18, 19 и 50 од Регулативата (ЕУ) 2019/943, операторите на преносните системи не прават дискриминација против различни лица или субјекти и не смеат да ја ограничуваат, нарушуваат или спречуваат конкуренцијата во производството или снабдувањето. 6. Какви било комерцијални и финансиски односи помеѓу вертикално интегрираното претпријатие и операторот на системот за пренос, вклучително и заеми од операторот на системот за пренос на вертикално интегрираното претпријатие, се во							

	согласност со условите на пазарот. Операторот на системот за пренос води детална евиденција за таквите трговски и финансиски односи и ја става на увид на регулаторниот орган на барање. 7. Операторот на системот за пренос ги доставува на одобрување од регулаторниот орган сите комерцијални и финансиски договори со вертикално интегрираното претпријатие. Операторот на системот за пренос го информира регулаторниот орган за финансиските ресурси, наведени во точка (г) од член 46 (1), достапни за идни инвестициски проекти и/или за замена на постојните средства. 9. Вертикално интегрираното претпријатие се воздржува од какво било дејство што го попречува или го доведува во положба операторот на системот за пренос да не ги почитува своите обврски од ова поглавје и нема да бара од операторот на системот за пренос да побара дозвола од вертикално интегрираното							

	претпријатие за исполнување на тие обврски. 10. Претпријатие кое е овластено од регулаторниот орган дека е во согласност со барањата на ова поглавје, се одобрува и назначува за оператор на системот за пренос од засегнатата земја членка. Се применува постапката за сертифицирање во член 52 од оваа директива и член 51 од Регулативата (ЕУ) 2019/943 или во член 53 од оваа директива.							
Член 48	1. Одлуките во врска со назначувањето и продолжувањето, условите за работа, вклучувајќи плата и престанок на мандатот на лицата одговорни за управувањето и/или членовите на управните тела на операторот на системот за пренос, ги донесува надзорниот орган на оператор на систем за пренос назначен во согласност со член 49. 2. За идентитетот и условите што го регулираат мандатот, времетраењето и престанокот на функцијата на лицата номинирани од надзорниот орган за				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	назначување или продолжување како лица одговорни за извршното управување и/или како членови на управните тела на операторот на системот за пренос, и причините за какво било предложено решение со кое се прекинува таквиот мандат се известува регулаторниот орган. Тие услови и одлуките наведени во став 1 стануваат обврзувачки само доколку регулаторниот орган не поднесе приговори во рок од три недели по известувањето. Регулаторниот орган може да се спротивстави на одлуките наведени во став 1 кога: (а) се појавуваат сомнежи во однос на професионалната независност на номинирано лице одговорно за управување и/или член на управните тела; или (б) во случај на предвремено раскинување на мандатот, постојат сомнежи во однос на оправданоста на таквиот предвремен престанок. 3. Ниту една професионална позиција или одговорност, интерес или деловен однос, директно или							

	индиректно, со вертикално интегрираното претпријатие или кој било дел од него или неговите акционери кои управуваат со други, освен операторот на системот за пренос, не треба да се користат за период од три години пред назначувањето на лицата одговорни за управувањето и/или членовите на органите на управата на операторот на системот за пренос кои се предмет на овој став. 4. Лицата одговорни за управувањето и/или членовите на органите на управата и вработените во операторот на системот за пренос немаат друга професионална позиција или одговорност, интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друг дел од вертикално интегрираното претпријатие или со неговите акционери кои имаат контрола. 5. Лицата одговорни за управувањето и/или членовите на органите на управата и вработените во операторот на системот за пренос немаат интерес, ниту добиваат							

	финансиска корист, директно или индиректно, од кој било дел од вертикално интегрираното претпријатие, освен оператор на систем за пренос. Нивниот надомест нема да зависи од активности или резултатите на вертикално интегрирано претпријатие, освен оние на операторот на системот за пренос. 6. Ефективните права на жалба до регулаторниот орган се гарантираат за какви било жалби од страна на лицата одговорни за управувањето и/или членовите на управните тела на операторот на системот за пренос против предвремено раскинување на нивниот мандат. 7. По завршувањето на мандатот во операторот на системот за пренос, лицата одговорни за неговото управување и/или членовите на неговите административни тела немаат професионална позиција или одговорност, интерес или деловен однос со кој било дел од вертикално интегрираното друштво отколку операторот на системот за пренос, или со							

	неговите акционери што управуваат за период не помал од четири години. 8. Ставот 3 се применува на мнозинството лица одговорни за управувањето и или членовите на органите на управата на операторот на системот за пренос. Лицата одговорни за управувањето и/или членовите на органите на управата на операторот на системот за пренос, кои не се предмет на став 3, немаат извршено никакво управување или друга релевантна активност во вертикално интегрираното претпријатие за период од најмалку шест месеци пред нивното назначување. Првиот потстав на овој став и ставовите од 4 до 7 се применува на сите лица кои припаѓаат на извршната управа и на оние кои директно им известуваат за прашања поврзани со работењето, одржувањето или развојот на мрежата.							

Член 49	1. Операторот на системот за пренос има надзорно тело кое е надлежно за донесување одлуки што може да имаат значително влијание врз вредноста на средствата на акционерите во рамките на операторот на системот за пренос, особено одлуките во врска со одобрувањето на годишните и долгорочните финансиски планови, нивото на задолженост на операторот на системот за пренос и износот на дивидендите поделени на акционерите. Одлуките што се во надлежност на надзорниот орган ги исклучуваат оние што се поврзани со секојдневните активности на операторот на системот за пренос и управувањето со мрежата и со активностите неопходни за изготвување на десетгодишниот план за развој на мрежата изработен во согласност со член 51. 2. Надзорното тело е составено од членови што го претставуваат вертикално интегрираното претпријатие, членови кои				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

	претставуваат акционери на трети страни и, доколку тоа го предвидува релевантниот национален закон, членови кои претставуваат други заинтересирани страни, како што се вработени во операторот на системот за пренос. 3. Првиот потстав од член 48 (2) и член 48 (3) до (7) се применува на најмалку половина од членовите на Надзорниот орган минус еден. Точката (б) од вториот потстав на член 48 (2) се применува на сите членови на надзорниот орган.							
Член 50 Став 1	1. Земјите членки поведуваат грижа за тоа дека операторите на системите за пренос воспоставуваат и спроведуваат програма за усогласеност која ги утврдува преземените мерки со цел да се обезбеди исклучување на дискриминациско однесување и да се обезбеди соодветно следење на усогласеноста со програмата. Програмата за усогласеност ги утврдува специфичните обврски на вработените за исполнување на овие цели. Таа е предмет на	ПЗЕ	Член 135	Операторот на електропреносниот систем, независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ, се определуваат обврските на вработените во	Потполно усогласен			

	одобрување од регулаторниот орган. Без тоа да биде во спротивност со овластувањата на регулаторниот орган, службеникот за усогласеност независно ја следи усогласеноста со програмата.		Член 136	реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на електропреносниот систем со обврските утврдени со овој закон и програмата. (1) Реализацијата на програмата од член 135 од овој закон, ја следи службеник за усогласеност. (2) Службеникот за усогласеност од став (1) на овој член, е именуван од органот за надзор на операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика. (3) Регулаторната комисија за енергетика нема да го одобри именувањето на предложениот службеник за усогласеност ако утврди дека не ги исполнува				

				условите за независност или стручност од овој член. (4) Органот за надзор на операторот на електропреносниот систем може, по претходно одобрение или по барање од Регулаторната комисија за енергетика, да го разреши службеникот за усогласеност заради прекршување на условите за независност или стручност, или неисполнување на обврските од програмата за усогласеност од член 135 од овој закон. (5) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.				

				(6) За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери. (7) Операторот на електропреносниот систем е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност. (8) Службеникот за усогласеност е должен да: 1. го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до				

				Регулаторната комисија за енергетика, 2. доставува извештаи до органот за надзор и дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација и 3. ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност. (9) Службеникот за усогласеност ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план и предложените одлуки за поединечни инвестиции во електропреносниот систем, истовремено кога органот на управување на операторот на електропреносниот систем ги доставува одлуките до органот за надзор. (10) Органот на управување, органот за надзор и раководните				

				лица на операторот на електропреносниот систем се должни да го повикаат службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за: 1. условите поврзани со услугите за пристап и користење на електропреносниот систем кои се однесуваат на цените за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата, 2. проектите поврзани со управување, одржување и развој на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и инвестициите во интерконективните водови и 3. набавката или продажбата на електрична енергија и системски услуги неопходни за функционирање на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.				

Член 50 Став 2	2. Службеникот за усогласеност е назначен од надзорното тело, предмет на одобрување од регулаторниот орган. Регулаторниот орган може да одбие одобрување од службеникот за усогласеност само заради недостаток на независност или професионален капацитет. Службеникот за усогласеност може да биде физичко или правно лице. Член 48 (2) до (8) се применува на службеникот за усогласеност.	ПЗЕ	Член 136 ставови (2) и (3)	(2) Службеникот за усогласеност од став (1) на овој член, е именуван од органот за надзор на операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика. (3) Регулаторната комисија за енергетика нема да го одобри именувањето на предложениот службеник за усогласеност ако утврди дека не ги исполнува условите за независност или стручност од овој член.	Потполно усогласен			
Член 50 Став 3 точка (а)	3. Службеникот за усогласеност е одговорен за: (а) следење на спроведувањето на програмата за усогласеност;	ПЗЕ	Член 136 став (8) точка 1	(8) Службеникот за усогласеност е должен да: 1. го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика;	Потполно усогласен			

Член 50 Став 3 точка (б)	(б) изработка на годишен извештај, утврдувајќи ги мерките преземени со цел да се спроведе програмата за усогласеност и да се достави до регулаторниот орган;	ПЗЕ	Член 136 став (8) точка 1	(8) Службеникот за усогласеност е должен да: 1. го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика,	Потполно усогласен			
Член 50 Став 3 точка (в)	(в) известување до надзорното тело и издавање препораки за програмата за усогласеност и нејзината имплементација;	ПЗЕ	Член 136 став (8) точка 2	(8) Службеникот за усогласеност е должен да: 2. доставува извештаи до органот за надзор и дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација и	Потполно усогласен			

Член 50 Став 3 точка (г)	(г) известување на регулаторниот орган за какви било значителни прекршувања во врска со спроведувањето на програмата за усогласеност; и	ПЗЕ	Член 136 став (8) точка 3	(8) Службеникот за усогласеност е должен да: 3. ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.	Потполно усогласен			
Член 50 Став 3 точка (д)	(д) известување до регулаторниот орган за какви било комерцијални и финансиски односи помеѓу вертикално интегрираното претпријатие и операторот на системот за пренос.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на земјите од Европската Унија

Член 50 Став 4	4. Службеникот за усогласеност ги доставува предложените одлуки за планот за инвестиции или за индивидуални инвестиции во мрежата до регулаторниот орган. Ова се случува најдоцна до мигот кога управата и/или надлежниот орган на управата на операторот на системот за пренос ги доставува до надзорниот орган.	ПЗЕ	Член 136 став (9)	(9) Службеникот за усогласеност ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план и предложените одлуки за поединечни инвестиции во електропреносниот систем, истовремено кога органот на управување на операторот на електропреносниот систем ги доставува одлуките до органот за надзор.	Потполно усогласен			
Член 50 Став 5	5. Кога вертикално интегрираното претпријатие, во генералното собрание или преку гласањето на членовите на надзорниот орган што го назначило, спречило донесување на одлука со цел спречување или одложување на инвестиции, што според десетгодишниот план за развој на мрежата требало да се изврши во следните три години, службеникот за усогласеност го пријавува ова до регулаторниот орган, кој потоа постапува во согласност со член 51.	ПЗЕ	Член 136 став (8) точка 3	3.ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.	Делумно усогласен	Потпол на усоглас еност ќе се постигн е со донесу вање на друг правен пропис од областа на	Во рок од девет месеци од влегува њето во сила на овој закон	

						енергетиката		
Член 50 Став 6	6. Условите што го регулираат мандатот или условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучително и времетраењето на неговиот мандат, подлежат на одобрување од регулаторниот орган. Тие услови обезбедуваат независност на службеникот за усогласеност, вклучително и со обезбедување на сите ресурси потребни за исполнување на задачите на службеникот за усогласеност. За време на неговиот мандат, службеникот за усогласеност нема никаква друга професионална позиција, одговорност или интерес, директно или индиректно, во кој било дел или со кој било дел од вертикално интегрираното претпријатие или	ПЗЕ	Член 136 ставови (5) и (6)	(5) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности. (6) За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор	Потполно усогласен			

	со неговите акционери кои имаат контрола.			или со нивните содружници или акционери.				
Член 50 Став 6	6. Условите што го регулираат мандатот или условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучително и времетраењето на неговиот мандат, подлежат на одобрување од регулаторниот орган. Тие услови обезбедуваат независност на службеникот за усогласеност, вклучително и со обезбедување на сите ресурси потребни за исполнување на задачите на службеникот за усогласеност. За време на неговиот мандат, службеникот за усогласеност нема никаква друга професионална позиција, одговорност или интерес, директно или индиректно, во кој било дел или со кој било дел од вертикално интегрираното претпријатие или	ПЗЕ	Член 136 став (6)	(6) За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери.	Потполно усогласен			

	со неговите акционери кои имаат контрола.							
Член 50 Став 7	7. Службеникот за усогласеност редовно поднесува извештај, усно или писмено, до регулаторниот орган и има право да известува редовно, усно или писмено, до надзорниот орган на операторот на системот за пренос.	ПЗЕ	Член 136 став (8)	(8) Службеникот за усогласеност е должен да: 1. го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика, 2. доставува извештаи до органот за надзор и дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација и 3. ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.	Потполно усогласен			

Член 50 Став 8	8. Службеникот за усогласеност може да присуствува на сите состаноци на управните или административните тела на операторот на системот за пренос и на оние на надзорниот орган и генералното собрание. Службеникот за усогласеност присуствува на сите состаноци што се однесуваат на следниве работи: (а) услови за пристап до мрежата, како што се утврдени во Регулативата (ЕУ) 2019/943, особено во врска со тарифите, услугите за пристап на трети страни, распределбата на капацитетот и управувањето со оптоварувањето, транспарентноста, помошните услуги и секундарните пазари; (б) проекти преземени со цел да се работат, одржува и развива системот за пренос, вклучително и инвестиции за интерконекција и поврзување; (в) набавки или продажба на енергија неопходни за работа на системот за пренос.	ПЗЕ	Член 136 став (10)	(10) Органот на управување, органот за надзор и раководните лица на операторот на електропреносниот систем се должни да го повикаат службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за: 1. условите поврзани со услугите за пристап и користење на електропреносниот систем кои се однесуваат на цените за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата, 2. проектите поврзани со управување, одржување и развој на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и инвестициите во интерконективните водови и 3. набавката или продажбата на електрична енергија и системски услуги неопходни за функционирање на електропреносниот систем,	Потполно усогласен			

				вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.				
Член 50 Став 9	9. Службеникот за усогласеност ја следи усогласеноста на операторот на системот за пренос со член 41.	ПЗЕ	Член 135	Операторот на електропреносниот систем, независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ, се определуваат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на електропреносниот систем со обврските утврдени со овој закон и програмата.	Потполно усогласен			

Член 50 Став 10	10. Службеникот за усогласеност има пристап до сите релевантни податоци и до канцелариите на операторот на системот за пренос и до сите информации потребни за исполнување на неговата задача.	ПЗЕ	Член 136 став (7)	(7) Операторот на електропреносниот систем е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност.	Потполно усогласен			
Член 50 Став 11	11. Службеникот за усогласеност има пристап до канцелариите на операторот на системот за пренос без претходно објавување.	ПЗЕ	Член 136 став (7)	(7) Операторот на електропреносниот систем е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност.	Потполно усогласен			

Член 50 Став 12	12. По претходно одобрување од регулаторниот орган, надзорното тело може да го разреши службеникот за усогласеност. Тоа го разрешува службеникот за усогласеност од причини на недостаток на независност или професионален капацитет на барање на регулаторниот орган.	ПЗЕ	Член 136 став (4)	(4) Органот за надзор на операторот на електропреносниот систем може, по претходно одобрение или по барање од Регулаторната комисија за енергетика, да го разреши службеникот за усогласеност заради прекршување на условите за независност или стручност, или неисполнување на обврските од програмата за усогласеност од член 135 од овој закон.	Потполно усогласен			
Член 51 став 1	1. Операторите на системот за пренос, по консултација со сите релевантни чинители и најмалку на секои две години доставуваат до регулаторниот орган десетгодишен план за развој на мрежата заснован врз постојната и предвидувана понуда и побарувачка. Тој план за развој на мрежата содржи ефикасни мерки со цел да се гарантира соодветноста на системот и безбедноста на снабдувањето. Операторот на системот за пренос го објавува десетгодишниот план	ПЗЕ	Член 150 ставови (1) и (6)	(1) Операторот на електропреносниот систем е должен на секои две години, по консултација со засегнатите учесници на пазарот, корисници на електропреносниот систем и потрошувачи, да подготви план за развој на електропреносниот систем за период од следните 10 години кој особено ги содржи: (6) По спроведување на дејствијата од став (5) на овој член, операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за	Потполно усогласен			

	за развој на мрежата на својата веб-страница.			енергетика, го донесува планот и го објавува на својата веб страница.				
Член 51 став 2	2. Десетгодишниот план за развој на мрежата особено: (а) им ја укажува на учесниците на пазарот главната преносна инфраструктура што треба да се гради или надградува во следните десет години; (б) ги содржи сите инвестиции за кои е веќе донесена одлука и идентификува нови инвестиции што треба да бидат извршени во следните три години; и (в) обезбедува временска рамка за сите инвестициски проекти.	ПЗЕ	Член 150 став (1)	(1) Операторот на електропреносниот систем е должен на секои две години, по консултација со засегнатите учесници на пазарот, корисници на електропреносниот систем и потрошувачи, да подготви план за развој на електропреносниот систем за период од следните 10 години кој особено ги содржи: 1. потребите од одржување, проширување и надградбата на електропреносниот систем и мрежа, вклучувајќи ги и потребите и можностите за зголемување на преносниот капацитет, како и приклучување на нови капацитети за производство, складирање и	Потполно усогласен			

				потрошувачка на електрична енергија, 2. потребните мерки со кои се обезбедува адекватност на електропреносниот систем и сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, 3. главната електропреносна инфраструктура која се планира да се изгради или надгради во следните десет години, 4. тековните и новите инвестиции кои треба да се реализираат во следните три години и 5. временската рамка за реализација на проектите дефинирани во планот.				
Член 51 став 3	3. При изготвувањето на десетгодишниот план за развој на мрежата, операторот на системот за пренос целосно го зема предвид потенцијалот за употреба на управувањето со побарувачката, објекти за складирање на енергија или други ресурси како алтернативи за проширување на системот, како и очекувана	ПЗЕ	Член 150 став (2)	(2) При изготвување на планот од ставот (1) на овој член, операторот на електропреносниот систем ги има предвид: 1. можностите за користење на механизми за управување преку побарувачката, складишта на енергија или други мерки како	Потполно усогласен			

	потрошувачка, трговија со други земји и планови за инвестиции за мрежни региони ширум Унијата.			алтернатива на проширувањето и надградбата на електропреносниот систем и нивното влијание, 2. прогнозите и очекуваните промени во побарувачката на електрична енергија, вклучително ги прогнозите од операторите на електродистрибутивните системи, 3. потребите за овозможување на услови за изградба и приклучување на нови објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори и складишта на енергија, 4. остварување на националните цели и индикативните траектории за енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, намалување на емисиите на стаклени гасови согласно планот за енергија и клима, 5. плановите и мерките за зголемување на сигурноста во снабдувањето со електрична енергија,				

				6. потребите од зголемување на прекуграничните капацитети за одделни корисници на системот и долгорочните обврски на инвеститорите за оваа намена од регионалните планови за развој на електропреносните системи и 7. потребите од зголемување на прекуграничните преносни капацитети за исполнување на акцискиот план за намалување на структурните загушувања од членот 146 и постигнување на целите за искористеност на прекуграничните преносни капацитети од членот 155 на овој закон; 8. PECI и PMI во електропреносната инфраструктура 9. податоците за потребите од десетгодишниот план за развој на електропреносната мрежа на ENTSO-E и на соседните електропреносни системи.				

Член 51 став 4	4. Регулаторниот орган ги консултира сите вистински или потенцијални корисници на системот за десетгодишниот план за развој на мрежата на отворен и транспарентен начин. Од лицата или претпријатијата кои тврдат дека се потенцијални корисници на системот може да се побара да ги поткрепат ваквите тврдења. Регулаторниот орган ги објавува резултатите од консултативниот процес, особено можните потреби за инвестиции.	ПЗЕ	Член 150 став (5) точка 2	(5) По доставувањето на усогласениот план од став (4) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 30 дена: … 2. спроведува јавни консултации со постојните корисници на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и операторите на електродистрибутивните системи, како и потенцијалните корисници кои треба да ги образложат своите барања за приклучување, а резултатите од консултациите заедно со заклучокот за потребните инвестиции ги доставува до операторот на електропреносниот систем и ги објавува на својата веб страница.	Потполно усогласен			

Член 51 став 5	5. Регулаторниот орган испитува дали десетгодишниот план за развој на мрежата ги опфаќа сите инвестициски потреби идентификувани за време на процесот на консултации и дали е во согласност со необврзувачкиот десетгодишен план за развој на мрежата ширум Унијата („мрежа на целата унија план за развој “) наведен во точка (б) од член 30 (1) од Регулативата (ЕУ) 2019/943. Доколку се појави какво било сомневање во согласност со конзистентноста со планот за развој на мрежата ширум Унијата, регулаторниот орган се консултира со АЦЕР. Регулаторниот орган може да побара од операторот на системот за пренос да го измени својот десетгодишен план за развој на мрежата.	ПЗЕ	Член 150 став (5) точка 1	(5) По доставувањето на усогласениот план од став (4) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 30 дена: 1. проверува дали во планот се земени предвид барањата од став (2) на овој член и дали планот е усогласен со 10-годишниот план за развој на ENTSO-E и за таа цел може да изврши консултации со ACER, а по извршената проверка и спроведените консултации може да побара операторот на електропреносниот систем да го дополни или прилагоди планот, и	Потполно усогласен			

Член 51 потстав 5.1	Надлежните национални власти ја испитуваат конзистентноста на десетгодишниот план за развој на мрежата со националниот план за енергија и клима доставен во согласност со Регулативата (ЕУ) 2018/1999.	ПЗЕ	Член 150 став (3)	(3) Операторот на електропреносниот систем, е должен до 1 октомври во годината во која се донесува планот од ставот (1) на овој член, да го достави до Министерството, кое во рок од 20 дена од денот на приемот на планот, ја проверува неговата усогласеност со планот за енергија и клима и за тоа му доставува на операторот на електропреносниот систем образложено мислење.	Потполно усогласен			
Член 51 став 6	6. Регулаторниот орган го следи и го проценува спроведувањето на десетгодишниот план за развој на мрежата.	ПЗЕ	Член 151 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика ја следи и оценува реализацијата на мерките и проектите од планот од член 150 на овој закон и ако утврди дека операторот на електропреносниот систем, во рок од три години, не успеал да ги реализира инвестициите предвидени во планот, кои се дел и од тековниот план, освен во случај на виша сила, презема најмалку една од следните мерки:	Потполно усогласен			

Член 51 став 7	7. Во околности кога операторот на системот за пренос, освен од нагласени причини надвор од негова контрола, не изврши инвестиција, која, според десетгодишниот план за развој на мрежата, требало да се изврши во следните три години, земјите членки поведуваат грижа од регулаторниот орган да се бара да преземе барем една од следниве мерки за да се осигури дека предметната инвестиција е направена доколку таквата инвестиција е сепак релевантна врз основа на најновиот десетгодишен план за развој на мрежата:	ПЗЕ	Член 151 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика ја следи и оценува реализацијата на мерките и проектите од планот од член 150 на овој закон и ако утврди дека операторот на електропреносниот систем, во рок од три години, не успеал да ги реализира инвестициите предвидени во планот, кои се дел и од тековниот план, освен во случај на виша сила, презема најмалку една од следните мерки: 1. донесува одлука со која му наложува на операторот на електропреносниот систем самостојно да ги реализира инвестициите, 2. донесува одлука со која го задолжува операторот на	Потполно усогласен			

	(а) да се бара од операторот на системот за пренос да ги изврши предметните инвестиции; (б) да организира тендерска постапка отворена за сите инвеститори за предметната инвестиција; или (в) да го обврзе операторот на системот за пренос да прифати зголемување на капиталот за да ги финансира потребните инвестиции и да им овозможи на независните инвеститори да учествуваат во капиталот.			електропреносниот систем да организира тендерска постапка за реализација на инвестициите отворена за секоја заинтересирана страна.				
Член 51 став 8	8. Онаму каде што регулаторниот орган ги користи своите овластувања според точка (б) од став 7, тој може да го задолжи операторот на системот за пренос да се согласи на едно или повеќе од следново: (а) финансирање од која било трета страна; (б) конструкција од која било трета страна; (в) изградба на новите засегнати средства;	ПЗЕ	Член 151 став (2)	(2) Ако Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука да се организира тендерска постапка согласно став (1) точка 2 на овој член, го задолжува операторот на електропреносниот систем да преземе една или повеќе од следните мерки: 1. финансирање на инвестицијата од страна на трето лице, 2. изградба и реализација на инвестицијата од страна на трето лице,	Потполно усогласен			

	(г) работење со новото засегнато средство.			3. самостојна изградба на новата инфраструктура и 4. самостојно управување и користење на новата инфраструктура.				
Член 51 потстав 8.1	Операторот на системот за пренос им ги обезбедува на инвеститорите сите информации потребни за реализација на инвестицијата, ги поврзува новите средства со преносната мрежа и генерално вложува максимални напори за олеснување на спроведувањето на инвестицискиот проект.	ПЗЕ	Член 151 став (3)	(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, операторот на електропреносниот систем е должен да му ги обезбеди на инвеститорот сите информации потребни за реализација на инвестицијата, како и презема соодветни мерки заради олеснување на реализацијата на инвестицискиот проект и приклучување на ново изградената инфраструктура на електропреносната мрежа.	Потполно усогласен			

Член 51 потстав 8.2	Релевантните финансиски аранжмани подлежат на одобрување од регулаторниот орган.	ПЗЕ	Член 151 став (4)	(4) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува финансиските аспекти за реализација на инвестициите во случаите од став (2) на овој член.	Потполно усогласен			
Член 51 став 9	9. Кога регулаторниот орган ги користи своите овластувања според став 7, соодветните тарифни регулативи ги покриваат трошоците за предметните инвестиции.	ПЗЕ	Член 151 став (5)	(5) Ако Регулаторната комисија за енергетика преземе некоја од мерките од став (1) на овој член, трошоците на инвестицијата се надоместуваат преку тарифата за пренос на електрична енергија.	Потполно усогласен			
Член 52 став 1	1. Пред едно претпријатие да се одобри и да биде назначено за оператор на системот за пренос, тоа се сертифицира во согласност со постапките утврдени во ставовите 4, 5 и 6 на овој член и во член 51 од Регулативата (ЕУ) 2019/943.	ПЗЕ	Член 137 став (1)	(1) Вршителот на дејноста пренос на електрична енергија мора да биде сертифициран како оператор на електропреносниот систем на начин, во постапка и во рок утврдени со овој закон.	Потполно усогласен			

Член 52 став 2	2. Претпријатијата што се потврдени од регулаторниот орган дека ги исполнувале барањата од член 43 согласно со постапката за сертифицирање подолу, се одобруваат и се назначуваат за оператори на системите за пренос од земјите членки. За назначувањето на операторите на системот за пренос се известува Комисијата и се објавува во Службениот весник на Европската Унија.	ПЗЕ	Член 137 ставови (5) и (6)	(5) Во рок од 60 дена по добивање на мислењето од страна на Секретаријатот на енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука по барањето за сертификација. Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на енергетската заедница, и ги објавува причините за можните отстапки од мислењето. (6) Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката од став (5) од овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница.	Потполно усогласен			

Член 52 став 3	3. Операторите на системот за пренос го известуваат регулаторниот орган за секоја планирана трансакција што може да бара повторна проценка на нивната усогласеност со барањата од член 43.	ПЗЕ	Член 139 став (1)	(1)Регулаторната комисија за енергетика започнува постапка за ревизија на сертификацијата доколку добие сознанија дека настанала или дека постои можност за настанување на било која промена утврдена во членовите 133 и 137 од овој закон, добиени при вршење на надзор врз работењето на операторот на електропреносниот систем или при известување од операторот или службеникот за усогласеност од членот 136 од овој закон или на друг начин.	Потполно усогласен			
Член 52 став 4 (а)	4. Регулаторните тела ја следат континуираната усогласеност на операторите на системот за пренос со барањата од член 43. Тие отвораат постапка за сертифицирање за да обезбедат такво усогласување: (а) по известување од операторот на системот за пренос согласно со став 3	ПЗЕ	Член 137 став (2) точка 1	(2) Постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем се спроведува: 1. на барање на операторот на електропреносниот систем на кого му е издадена лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија во согласност со став (4) на овој член или	Потполно усогласен			

Член 52 став 4 точка (б)	(б) по сопствена иницијатива кога имаат сознание дека планираната промена на правата или влијанието врз сопствениците на системот за пренос или операторите на системот за пренос може да доведе до повреда на член 43 или кога имаат причина да веруваат дека може да се случило такво прекршување;	ПЗЕ	Член 137 став (2) точка 2 подточка 2.1. и 2.2.	(2) Постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем се спроведува: 2. по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика во случај: 2.1. кога операторот на електропреносниот систем нема да поднесе барање за сертификација, 2.2. кога настанала или може да настане повреда на обврските за сопственичко раздвојување утврдени во член 133 од овој закон, или	Потполно усогласен			
Член 52 став 4 точка (в)	(в) по образложено барање од Комисијата	ПЗЕ	Член 137 став (2) точка 2 подточка 2.3.	(2) Постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем се спроведува: 2. по службена должност од страна на Регулаторната комисија за енергетика во случај:	Потполно усогласен			

				2.3. на доставено образложено барање од Секретаријатот на Енергетската заедница.				
Член 52 став 5	5. Регулаторните тела донесуваат одлука за овластување за оператор на систем за пренос во рок од четири месеци од датумот на известување од операторот на системот за пренос или од датумот на барање на Комисијата. По истекот на тој рок, се смета дека сертификацијата е дадена. Експлицитната или премолчена одлука на регулаторниот орган стапува на сила само по завршувањето на постапката утврдена во став 6.	ПЗЕ	Член 137 став (4)	(4) Во рок од четири месеци од денот на доставување на барањето за сертификација од страна на операторот на електропреносниот систем или од датумот кога Секретаријатот на Енергетската заедница го доставил образложеното барање од став (2) точка 2.3 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука за сертификација на операторот на електропреносниот систем и веднаш му ја доставува на Секретаријатот на Енергетската заедница, заедно со сите информации поврзани со предлог одлуката.	Потполно усогласен			

Член 52 став 6	6. За експлицитната или премолчена одлука за овластување за оператор на систем за пренос, без одлагање, се известува Комисијата од страна на регулаторниот орган, заедно со сите релевантни информации во врска со таа одлука. Комисијата постапува во согласност со постапката утврдена во член 51 од Регулативата (ЕУ) 2019/943.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската Комисија
Член 52 став 7	7. Регулаторните тела и Комисијата можат да побараат од операторите на системот за пренос и претпријатијата што вршат која било од функциите на производство или да обезбедуваат какви било информации релевантни за исполнување на нивните задачи согласно со овој член.	ПЗЕ	Член 137 став (8)	(8) Операторот на електропреносниот систем, производителите на електрична енергија, операторите на електродистрибутивните системи, снабдувачите на електрична енергија или трговците со електрична енергија во текот на постапката за сертификација, на барање на Регулаторната комисија за енергетика или Секретаријатот на Енергетската заедница, се должни веднаш да ги достават сите потребни податоци и информации.	Потполно усогласен			

Член 52 став 8	8. Регулаторните тела и Комисијата ја чуваат доверливоста на комерцијално чувствителните информации.	ПЗЕ	Член 137 став (7)	(7) Регулаторната комисија за енергетика води службена евиденција за комуникацијата остварена со Секретаријатот на Енергетската заедница во врска со постапката за сертификација на операторот на електропреносниот систем. Службената евиденција се става на увид на операторот на електропреносниот систем кој бара сертификација и на засегнатите институции од јавниот сектор. Регулаторната комисија за енергетика е должна како доверливи да ги чува деловно чувствителните податоци.	Потполно усогласен			
Член 53 став 1	1. Кога се бара сертификација од сопственик на систем за пренос или оператор на систем за пренос кој е контролиран од лице или лица од трета земја или трети земји, регулаторниот орган ја известува Комисијата.	ПЗЕ	Член 138 став (1)	(1) По барање од операторот или сопственикот на електропреносниот систем, Регулаторната комисија за енергетика спроведува постапка за сертификација на операторот на електропреносниот систем којшто е под контрола од лице или група лица од трета држава или трети држави.	Потполно усогласен			

Член 53 потстав 1.1	Регулаторниот орган, исто така, без одлагање ја известува Комисијата за какви било околности што би резултирале во тоа лице или лица од трета земја или трети земји да добијат контрола врз системот за пренос или операторот на системот за пренос.	ПЗЕ	Член 138 став (3)	(3) Регулаторната комисија за енергетика е должна за барањето за сертификација од став (1) од овој член и известувањето од став (2) од овој член, како и за последиците од преземањето на операторот на електропреносниот систем, веднаш да ги извести Министерството и Секретаријатот на Енергетската заедница.	Потполно усогласен			
Член 53 став 2	2. Операторот на системот за пренос го известува регулаторниот орган за сите околности што би резултирале во тоа лице или лица од трета земја или трети земји да добијат контрола врз системот за пренос или операторот на системот за пренос.	ПЗЕ	Член 138 став (2)	(2) Операторот или сопственикот од став (1) од овој член, е должен веднаш да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за околностите коишто можат да доведат до преземање на контрола врз него од страна на	Потполно усогласен			

				лице или група лица од трета држава или трети држави.				
Член 53 став 3	3. Регулаторниот орган донесува предлог одлука за овластување за оператор на систем за пренос во рок од четири месеци од датумот на известување од операторот на системот за пренос. Тој ја одбива сертификацијата ако не е докажано:	ПЗЕ	Член 138 став (5)	(5) Регулаторната комисија за енергетика, во рок од четири месеци од датумот на прием на барањето од став (1) од овој член, изготвува предлог-одлука за сертификација, односно одбивање на барањето за сертификација.	Потполно усогласен			
Член 53 став 3 точка (а)	(а) дека засегнатото лице ги исполнува барањата од член 43;	ПЗЕ	Член 138 став (6) точка 1	(6) Регулаторната комисија за енергетика го одбива барањето за сертификација од став (1) од овој член, ако: 1. операторот на електропреносниот систем не докаже дека ги исполнува условите пропишани во правилникот за лиценци и во член 131 ставови (2) и (4) од овој закон или	Потполно усогласен			

Член 53 став 3 точка (б) подточки i, ii и iii	(б) пред регулаторниот орган или до друг надлежен национален орган назначен од земјата членка дека доделувањето на сертификација нема да ја доведе во опасност безбедноста на снабдувањето со енергија на земјата членка и на Унијата. При разгледување на тоа прашање, регулаторниот орган или друг надлежен национален орган треба да ги земат предвид: (i) правата и обврските на Унијата во однос на таа трета земја што произлегуваат според меѓународното право, вклучително и секој договор склучен со една или повеќе трети земји во кои Унијата е страна и кој се однесува на прашањата за безбедноста на снабдувањето со енергија; (ii) правата и обврските на земјата членка во однос на таа трета земја што произлегуваат според договорите склучени со неа, доколку тие се во согласност со правото на Унијата; и	ПЗЕ	Член 138 став (6) точка 2	(6) Регулаторната комисија за енергетика го одбива барањето за сертификација од став (1) од овој член, ако: 2. издавањето на сертификатот ја загрозува сигурноста на снабдувањето на Република Северна Македонија или сигурноста на снабдувањето на договорна страна на Енергетската заедница или држава-членка на Европската Унија.	Потполно усогласен			

	(iii) други специфични факти и околности на случајот и на засегнатата трета земја.							
Член 53 став 4	4. Регулаторниот орган без одлагање ја известува Комисијата за одлуката, заедно со сите релевантни информации во врска со таа одлука.	ПЗЕ	Член 138 став (7)	(7) Регулаторната комисија за енергетика е должна веднаш да ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница предлог-одлуката од став (5) на овој член, заедно со пропратната документација врз основа на која е изготвена Предлог- одлуката , заради добивање на мислење.	Потполно усогласен			

Член 53 став 5	5. Земјите членки обезбедуваат дека регулаторниот орган или назначениот надлежен орган наведен во точка (б) од став 3, пред регулаторниот орган да донесе одлука за овластување, бара мислење од Комисијата за тоа дали: став 6 (а) засегнатиот субјект ги исполнува барањата од член 43; и (б) доделувањето на сертификација нема да ја доведе во опасност безбедноста на снабдувањето со енергија на Унијата.	ПЗЕ	Член 138 став (6)	(6) Регулаторната комисија за енергетика го одбива барањето за сертификација од став (1) од овој член, ако: 1. операторот на електропреносниот систем не докаже дека ги исполнува условите пропишани во правилникот за лиценци и во член 131 ставови (2) и (4) од овој закон или 2. издавањето на сертификатот ја загрозува сигурноста на снабдувањето на Република Северна Македонија или сигурноста на снабдувањето на договорна страна на Енергетската заедница или држава-членка на Европската Унија.	Потполно усогласен			
Член 53 став 6	6. Комисијата го испитува барањето од став 5 веднаш штом ќе го прими. Во рок од два месеца по приемот на барањето, го доставува своето мислење до регулаторниот орган или, доколку барањето е поднесено од назначениот надлежен орган, до тој орган. став 8	ПЗЕ	Член 138 став (8)	(8) Во рок од 60 дена по добивањето на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука по барањето за сертификација.	Потполно усогласен			

Член 53 став 6.1	При подготвување на мислењето, Комисијата може да побара ставови на ACER, засегнатата земја членка и заинтересираните страни. Во случај Комисијата да побара такво барање, двомесечниот рок се продолжува за два месеца.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската комисија.
Член 53 став 6.2	Во отсуство на мислење од страна на Комисијата во периодот наведен во првиот и вториот потстав, се смета дека Комисијата не дава приговори на одлуката на регулаторниот орган.				Не е релевантно за РСМ.			Оваа одредба се однесува на работата на Европската комисија.

Член 53 став 7	7. При проценка дали контролата од страна на лице или лица од трета земја или трети земји ја доведува во опасност безбедноста на снабдувањето на Унијата со енергија, Комисијата ги зема предвид: not applicable (а) специфичните факти за случајот и засегнатата трета земја или трети земји; и (б) правата и обврските на Унијата во однос на таа трета земја или трети земји кои произлегуваат според меѓународното право, вклучително и договор склучен со една или повеќе трети земји во кои Унијата е страна и кој се однесува на прашањата на безбедноста на снабдувањето.				Не е релевантно за РСМ.			Оваа одредба се однесува на работата на Европската комисија.
Член 53 став 8	8. Регулаторниот орган во рок од два месеца по истекот на периодот наведен во став 6, ја донесува својата конечна одлука за сертификација. stav 8	ПЗЕ	Член 138 став (8)	(8) Во рок од 60 дена по добивањето на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука по барањето за сертификација.	Потполно усогласен			

Член 53 потстав 8.1	При донесувањето на својата конечна одлука, регулаторниот орган треба да води сметка за мислењето на Комисијата. Во секој случај, земјите членки имаат право да одбијат сертификација кога доделувањето на сертификација ја доведува во опасност безбедноста на снабдувањето со енергија на земјата членка или безбедноста на снабдувањето со енергија на друга земја членка. Доколку земјата членка назначи друг надлежен национален орган за да ја изврши проценката од точка (б) на став 3, може да побара од регулаторниот орган да ја донесе својата конечна одлука во согласност со проценката на тој надлежен национален орган.	ПЗЕ	Член 138 став (9)	(9) При донесувањето на одлуката од став (8) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да го земе предвид мислењето на Министерството и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница.	Потполно усогласен			
Член 53 потстав 8.2	Конечната одлука на регулаторниот орган и мислењето на Комисијата се објавуваат заедно.	ПЗЕ	Член 138 став (10)	(10) Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика и мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.	Потполно усогласен			

Член 53 потстав 8.3	Кога конечното решение се разликува од мислењето на Комисијата, засегнатата земја членка ги обезбедува и ги објавува, заедно со таа одлука, образложенијата за таквата одлука.	ПЗЕ	Член 138 став (11)	(11) Ако одлуката на Регулаторната комисија за енергетика не е во согласност со мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, со одлуката се објавува и образложение.	Потполно усогласен			
Член 53 став 9	Ништо во овој член нема да влијае на правото на земјите членки, во согласност со правото на Унијата, да спроведуваат национални правни контроли за заштита на легитимните интереси на јавната безбедност.				Не е релевантно за РСМ.			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија
Член 53 став 10	Овој член, со исклучок на точка (а) од став 3 од него, важи и за земјите членки кои се предмет на отстапување според член 66.				Не е релевантно за РСМ.			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европск

								ата Унија
Член 54 став 1	1. Операторите на системот за пренос нема да поседуваат, развиваат, управуваат или да работат со објекти за складирање енергија	ПЗЕ	Член 131 став (2)	(2) Операторот на електропреносниo, односно електродистрибутивниот систем нема право да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија.	Потполно усогласен			
Член 54 став 2	2. По исклучок од став 1, земјите членки можат да им овозможат на операторите на системите за пренос да поседуваат, развиваат, управуваат или да работат со објекти за складирање енергија, кога истите се целосно интегрирани мрежни компоненти, а регулаторниот орган го одобрил тоа, или кога се исполнети следниве услови:	ПЗЕ	Член 131 став (3)	(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука со која му се одобрува на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија ако се исполнети следниве услови :	Потполно усогласен			

Член 54 став 2 точка (а)	(а) на други страни, по отворена, транспарентна и недискриминаторска постапка на тендер, што е предмет на преглед и одобрување од регулаторниот орган, не им било доделено право да поседуваат, развиваат, управуваат или да работат со такви објекти или не можат да ги доставуваат тие услуги по разумна цена и навремено;	ПЗЕ	Член 131 став (3) точка 1	(3) По исклучок од ставот (2) на овој член Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука со која му се одобрува на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија ако се исполнети следните услови: 1. на други страни, по отворена, транспарентна и недискриминаторна тендерска постапка, што е предмет на преглед и одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, не им е доделено право да поседуваат, развиваат, управуваат или да работат со такви објекти или не можат да доставуваат услуги навремено и по разумна цена;	Потполно усогласен			
Член 54 став 2 точка (б)	(б) ваквите објекти или нефреквентни помошни услуги се неопходни за операторите на системот за пренос да ги исполнат	ПЗЕ	Член 131 став (3)	(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука со која му се одобрува на	Потполно усогласен			

	своите обврски согласно со оваа директива за ефикасно, сигурно и безбедно работење на системот за пренос и тие не се користат за купување или продавање електрична енергија на пазари на електрична енергија; и		точка 2	операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија ако се исполнети следниве услови : 2. складирањето на енергија или соодветните системски услуги му се неопходни на операторот за ефикасно, доверливо и безбедно функционирање на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем и				
Член 54 став 2 точка (в)	(в) регулаторниот орган ја проценил неопходноста од такво отстапување, извршил претходен преглед на применливоста на постапката за тендер, вклучувајќи ги и условите на постапката за тендер, и го одобрил нејзиното одобрување.	ПЗЕ	Член 131 став (3) точка 3	(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука со која му се одобрува на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија ако се исполнети следниве услови: 3. Регулаторната комисија за енергетика ја проценила неопходноста од такво	Потполно усогласен			

				отстапување и извршила проценка на тендерската постапка, вклучувајќи ги и условите на тендерската постапка, и дала одобрение. Регулаторната комисија за енергетика може да изготви упатства или клаузули за набавка за да им помогне на операторите на дистрибутивните системи да обезбедат правична тендерска постапка.				
Член 54 став 2.1	Регулаторниот орган може да изготви упатства или клаузули за набавки за да им помогне на операторите на системите за пренос да обезбедат фер постапка на тендер.	ПЗЕ	Член 131 став (3) точка 2	(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука со која му се одобрува на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија ако се исполнети следниве услови: 2. складирањето на енергија или соодветните системски услуги му се неопходни на операторот за ефикасно, доверливо и безбедно функционирање на	Потполно усогласен			

				електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем и				
Член 54 став 3	3. Одлуката за одобрување на отстапување се пренесува до Комисијата и АЦЕР заедно со релевантни информации за барањето и причините за доделување на отстапувањето.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската Комисија
Член 54 став 4	4. Регулаторните тела вршат, во редовни интервали или најмалку на секои пет години, јавна консултација за постојните објекти за складирање енергија со цел да се процени потенцијалната достапност и интересот на другите страни за инвестирање во такви објекти. Кога јавната консултација, како што е оценета од	ПЗЕ	Член 131 став (6)	(6) Ако од јавната консултација од ставот (5) на овој член, се утврди дека постои можност трети страни да поседуваат, користат или управуваат со потребните складишта на енергија на финансиски исплатлив начин, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука со која	Потполно усогласен			

	регулаторниот орган, укажува на тоа дека другите страни се во можност да поседуваат, развиваат, работат или управуваат со такви објекти на рентабилен начин, регулаторниот орган гарантира дека активностите на операторите на системот за пренос во овој поглед се укинување во рок од 18 месеци. Како дел од условите на таа постапка, регулаторните тела можат да дозволат операторите на системот за пренос да добиваат разумна компензација, особено за враќање на останатата вредност на нивната инвестиција во објектите за складирање енергија.			на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем му се наметнува во рок од 18 месеци постепено да прекине со активности кои се однесуваат на развивање на складишта. Регулаторната комисија за енергетика ги признава вложените средства и ја надоместува проценетата вредност на складиштата за енергија согласно методологијата за формирање на цени и тарифи за регулирани енергетски дејности од членот 54 од овој закон.				
Член 54 став 5	5. Ставот 4 не се применува на целосно интегрираните мрежни компоненти или за вообичаениот период на амортизација на нови капацитети за складирање на батерии со конечна одлука за инвестиција до 2024 година, под услов таквите објекти за складирање на батерии да се:	ПЗЕ	Член 131 став (5)	(5) Регулаторната комисија за енергетика, на секои пет години, а по потреба и почесто, врши јавна консултација за постојните објекти за складирање енергија со цел да се процени потенцијалната достапност и интересот за	Потполно усогласен			

				инвестирање во такви објекти и интересот на други субјекти да инвестираат во складишта на енергија.				
Член 54 став 5 точки (а), (б), (в) и (г)	(а) поврзани со мрежата најдоцна две години после тоа; (б) интегрирани во системот за пренос; (в) се користат само за реактивно моментално враќање на мрежната безбедност во случај на непредвидени настани на мрежата, кога таквата мерка за реставрирање започнува веднаш и завршува кога редовното повторно испраќање може да го реши проблемот; и (г) не се користи за купување или продавање електрична енергија на пазарите на електрична енергија, вклучително и балансирање.	ПЗЕ	Член 131 став (6)	(6) Ако од јавната консултација од ставот (5) на овој член, се утврди дека постои можност трети страни да поседуваат, користат или управуваат со потребните складишта на енергија на финансиски исплатлив начин, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука со која на операторот на електропреносниот, односно електродистрибутивниот систем му се наметнува во рок од 18 месеци постепено да прекине со активности кои се однесуваат на развивање на складишта. Регулаторната комисија за енергетика ги признава вложените средства и ја надоместува	Потполно усогласен			

				проценетата вредност на складиштата за енергија согласно методологијата за формирање на цени и тарифи за регулирани енергетски дејности од членот 54 од овој закон.				
Член 55 став 1	1. Земјите членки или кој било надлежен орган што тие го назначуваат, вклучително и регулаторните тела наведени во член 57, имаат, онолку колку што е потребно за извршување на нивните функции, право на пристап до сметките на претпријатијата за електрична енергија утврдени во член 56.	ПЗЕ	Член 5 став (2)	(2) Друштвото од став (1) на овој член, е должно во своето седиште да чува копија од документите од став (1) на овој член и да ги направи достапни за увид на Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			
Член 55 став 2	2. Земјите членки и секој назначен надлежен орган, вклучително и регулаторните тела, ја чуваат доверливоста на комерцијално чувствителните информации. Земјите членки може да обезбедат обелоденување на такви информации, доколку е потребно таквото обелоденување, со цел	ПЗЕ	Член 66 став (2)	(2) Документите, податоците и информациите што имаат доверлив карактер, Регулаторната комисија за енергетика ги користи и чува на начин утврден со закон или друг пропис.	Потполно усогласен			

	надлежните органи да ги извршуваат своите функции.							
Член 56 став 1	1. Земјите членки ги преземаат неопходните чекори за да поведат грижа дека сметките на претпријатијата за електрична енергија се водат во согласност со ставовите 2 и 3.	ПЗЕ	Член 5	(1) Заради оневозможување на дискриминаторно однесување, вкрстено субвенционирање и нарушување на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или врши една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност или врши една или повеќе нерегулирани енергетски дејности и друга дејност, тоа друштво е должно да: 1. води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши;	Потполно усогласен			

				2. води одвоено сметководство за нерегулираните енергетски дејности и другите дејности што ги врши и 3. изготвува посебни финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, ако во согласност со овој закон му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно прописите за државна помош. (2) Друштвото од став (1) на овој член, е должно во своето седиште да чува копија од документите од став (1) на овој член и да ги направи достапни за увид на Регулаторната комисија за енергетика. (3) Покрај обврските наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да изготви ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја				

				регулирана дејност одделно, да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи се изготвуваат во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија. (4) Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска на друштвата кои вршат регулирани енергетски дејности да водат, објавуваат и поднесуваат други извештаи, сметки и евиденции и да ја пропише нивната форма и содржина.				

Член 56 став 2	2. Претпријатијата за електрична енергија, без оглед на нивниот систем на сопственост или правна форма, подготвуваат, ги доставуваат на ревизија и ги објавуваат своите годишни сметки во согласност со правилата на националното законодавство во врска со годишните сметки на друштвата со ограничена одговорност донесени во согласност со Директивата.	ПЗЕ	Член 5 став (3)	(3) Покрај обврските наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да изготви ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи се изготвуваат во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.	Потполно усогласен			

Член 56 став 2.1	Претпријатијата кои не се законски обврзани да ги објавуваат своите годишни сметки, чуваат копија од нив на располагање на јавноста во нивната главна канцеларија.	ПЗЕ	Член 5 став (2)	(2) Друштвото од став (1) на овој член, е должно во своето седиште да чува копија од документите од став (1) на овој член и да ги направи достапни за увид на Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			
Член 56 став 3	3. Претпријатијата за електрична енергија, во своето внатрешно сметководство, водат посебни сметки за секоја нивна активност за пренос и дистрибуција, како што би се барало доколку предметните активности ги вршат одделни претпријатија, со цел да се избегне дискриминација, вкрстено субвенционирање и нарушување на конкуренцијата. Тие, исто така, водат сметки кои можат да бидат консолидирани за други активности на електрична енергија кои не се однесуваат на пренос или дистрибуција. Приходите од сопственоста на системот за пренос или дистрибуција се наведуваат во сметките. Кога е соодветно, тие водат консолидирана сметка за други	ПЗЕ	Член 5 став (1)	(1) Заради оневозможување на дискриминаторно однесување, вкрстено субвенционирање и нарушување на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или врши една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност или врши една или повеќе нерегулирани енергетски дејности и друга дејност, тоа друштво е должно да: 1. води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши;	Потполно усогласен			

	активности кои не се од електрична енергија. Внатрешните сметки вклучуваат биланс на состојба и сметка за добивка и загуба за секоја активност.			2. води одвоено сметководство за нерегулираните енергетски дејности и другите дејности што ги врши и 3. изготвува посебни финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, ако во согласност со овој закон му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно прописите за државна помош.				
Член 56 став 4	4. Особено ревизијата од став 2 треба да потврди дека се почитува обврската за избегнување дискриминација и вкрстено субвенционирање од став 3.	ПЗЕ	Член 5 став (1)	(1) Заради оневозможување на дискриминаторно однесување, вкрстено субвенционирање и нарушување на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или врши една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност или врши една или повеќе нерегулирани	Потполно усогласен			

				енергетски дејности и друга дејност, тоа друштво е должно да: 1. води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши; 2. води одвоено сметководство за нерегулираните енергетски дејности и другите дејности што ги врши и 3. изготвува посебни финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, ако во согласност со овој закон му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно прописите за државна помош.				

Член 57 став 1	1. Секоја земја членка назначува единствено регулаторно тело на национално ниво.	ПЗЕ	Член 46 став (1)	(1) Регулаторната комисија за енергетика е самостојно и единствено регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон, како и други дејности утврдени со друг закон.	Потполно усогласен			
Член 57 став 2	2. Став 1 не е во спротивност со назначувањето на други регулаторни тела на регионално ниво во рамки на земјите членки, под услов да постои еден висок претставник за застапување и контакт на ниво на Унијата во Одборот на регулатори на АЦЕР во согласност со член 21(1) од Регулативата (ЕУ) 2019/942.				Не се транспонира	Ќе се транспонира со друг правен акт од областа на енергетиката	Согласно рокот кој ќе се утврди во текот на пристапните преговори	

Член 57 став 3	3. По исклучок од став 1, земја членка може да назначи регулаторни тела за мали системи во географски одделен регион чија потрошувачка, во 2008 година, претставувала помалку од 3% од вкупната потрошувачка на земјата членка каде припаѓа регионот. Тоа отстапување не е во спротивност со назначувањето на еден висок претставник за застапување и контакт на ниво на Унијата во рамки на Одборот на регулатори на АЦЕР, во согласност со член 21(1) од Регулативата (ЕУ) 2019/942.				Не е релевантно за РСМ			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија
Член 57 став 4	4. Земјите членки ја гарантираат независноста на регулаторниот орган и гарантираат дека истиот ги спроведува своите овластувања непристрасно и транспарентно. За таа цел, земјите членки гарантираат дека, при извршување на регулаторните задачи што му се доделени со оваа директива и поврзаното законодавство, регулаторниот орган:	ПЗЕ	Член 46 став (2)	(2) Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување и својата надлежност во регулирањето на енергетските дејности ја остварува во рамките утврдени со овој и други закони и прописите донесени врз основа на закон и во согласност со начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на	Потполно усогласен			

				најдобрите меѓународни практики и искуства.				
Член 57 став 4 точка (а)	(а) е правно посебен и функционално независен од другите јавни или приватни субјекти;	ПЗЕ	Член 46 ставови (3) и (4)	(3) Регулаторната комисија за енергетика е нептрофитно тело кое има својство на правно лице кое е одвоено и функционално независно во поглед на организација и одлучување од органите на државната и локалната власт и вршителите на енергетските дејности. (4) Регулаторната комисија за енергетика самостојно настапува во правниот промет, особено кога склучува договори, поведува или е страна во правни постапки и кога стекнува, управува, користи и располага со свој недвижен и движен имот.	Потполно усогласен			

Член 57 став 4 точка (б) подточки i и ii	(б) осигурува дека неговиот персонал и лицата одговорни за неговото управување: (i) постапуваат независно од каков било интерес на пазарот; и (ii) не бараат или примаат директни упатства од која било влада или друг јавен или приватен субјект при извршување на регулаторните задачи. Ова барање не е во спротивност со блиската соработка, како што тоа е соодветно, со други релевантни национални органи или со општите упатства за политика издадени од владата, а кои не се однесуваат на регулаторните овластувања и должности според член 59.	ПЗЕ	Член 51	(1) Претседателот, членовите на Регулаторната комисија за енергетика и вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика при извршувањето на своите работни обврски и при одлучувањето се должни да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да: 1. постапуваат независно од секаков вид на пазарни интереси; 2. не бараат или примаат директни упатства од државни органи или други јавни и приватни лица; 3. не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси; 4. не ги злоупотребуваат овластувањата и 5. го штитат угледот на Регулаторната комисија за енергетика. (2) По исклучок од ставот (1) точка 2 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да	Потполно усогласен			

				остварува соработка со Владата или со други државни органи во спроведување на политиките што не се поврзани со надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика утврдена во членовите 54, 55, 56, 60 и 61 од овој закон. (3) Регулаторната комисија за енергетика донесува етички кодекс во кој подетално се уредуваат правата и обврските на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и на вработените во стручната служба и го објавува на својата веб-страница.				
Член 57 став 5 точка (а)	5. Со цел да се заштити независноста на регулаторното тело, земјите членки особено обезбедуваат дека: (а) регулаторното тело може да носи автономни одлуки, независно од кое било политичко тело;	ПЗЕ	Член 46 став (3)	(3) Регулаторната комисија за енергетика е непрофитно тело има својство на правно лице кое е одвоено и функционално независно во поглед на организација и одлучување од органите на државната и локалната власт и вршителите на енергетските дејности.	Потполно усогласен			

Член 57 став 5 точка (б)	(б) регулаторното тело ги има сите потребни човечки и финансиски ресурси потребни за извршување на своите должности и овластувања на ефективен и ефикасен начин;	ПЗЕ	Член 71 став (1)	(1) Со начинот на финансирање наработењето на Регулаторната комисија за енергететика се обезбедуваат кадровски, технички и финансиски средства потребни за нејзиното ефикасно и навремено остварување на надлежноста утврдени со овој и друг закон.	Потполно усогласен			
Член 57 став 5 точка (в)	(в) регулаторното тело има посебна алокација од годишниот буџет и автономија во извршувањето на алоцираниот буџет;	ПЗЕ	Член 71 ставови (5) и (6)	(5) Регулаторната комисија за енергетика секоја година, најдоцна до 31 октомври, до Собранието поднесува за усвојување предлог финансиски план за следната календарска година. Во предлог финансискиот план се содржани сите планирани приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика. (6) Собранието го усвојува предлог финансискиот план и со одлука го	Потполно усогласен			

				утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход: 1. којшто не може да биде повисок од 0,1% за носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, и 2. којшто не може да биде повисок од 0,1% за давателите на водни услуги и услугите за управување со комунален отпад остварен од давањето на водните услуги односно услуги за управување со комунален отпад, пресметан според податоци од Централниот регистар на Република Северна Македонија или утврден согласно Член 5 од овој закон, остварен во годината која што и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план.				

Член 57 став 5 точка (г)	(г) членовите на одборот на регулаторни тела или, во отсуство на одбор, највисокото раководство на регулаторното тело се назначува за определен мандат од пет до седум години, кој може да се повтори еднаш;	ПЗЕ	Член 47 став (4)	(4) Мандатот на претседателот и на членовите на Регулаторната комисија за енергетика е пет години, со можност за уште еден мандат, односно ниту еден член не може да ја врши функцијата повеќе од два мандати.	Потполно усогласен			
Член 57 став 5 точка (д)	(д) членовите на одборот на регулаторното тело или, во отсуство на одбор, највисокото раководство на регулаторното тело се назначува врз основа на објективни, транспарентни и објавени критериуми, во независна и непристрасна постапка, што гарантира дека кандидатите ги имаат потребните вештини и искуство за соодветната позиција во регулаторното тело;	ПЗЕ	Член 48	(1) Собранието ги именува и разрешува претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието. При именувањето на претседателот и членовите се има предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници и родово балансирано учество. (2) Постапката за именување на претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика започнува најмалку 90 дена пред истекот на мандатот на претседателот или членот на Регулаторната комисија за енергетика.	Потполно усогласен			

				(3) За именување на претседател и/или член на Регулаторната комисија за енергетика Собранието објавува јавен оглас во најмалку два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот трае осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”. (4) Разгледувањето на пријавите од огласот од ставот (3) на овој член, го врши Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието. (5) По разгледување на пријавите од ставот (4) на овој член, Комисијата за прашања на изборите и именувањата му предлага на Собранието, предлог кандидат за именување за претседател и членови на				

				Регулаторната комисија за енергетика. (6) Одлуката за именување на претседателот и членовите на Регулаторна комисија за енергетика се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија “. (2)				
Член 57 став 5 точка (ѓ)	(ѓ) постојат одредби за судир на интереси, а обврските за доверливост важат и по завршувањето на мандатот на членовите на одборот на регулаторното тело или, во отсуство на одбор, крајот на мандатот на највисокото раководство на регулаторното тело;	ПЗЕ	Член 52	(1) Претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика, нивен брачен другар или лице во сродство во права линија до прв степен, како и вработен во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика не може да биде носител или барател на лиценца за вршење на енергетска дејност, акционер, содружник или член во органите на управување и надзор на лица кои се носители или барателиа на лиценца за вршење на енергетска дејност, како и во правни лица коишто вршат дејности поврзани со водни	Потполно усогласен			

				услуги и управување со комунален отпад, на кои Регулаторната комисија за енергетика им определува цени согласно Законот за утврдување на цени на водни услуги и Закон за управување со отпад. (2) Лицата од став (1) на овој член, во случаи спротивни на став (1) на овој член, се должни да ги прекинат своите интереси во тие правни лица преку продажба на акциите и уделите, односно преку повлекување од функциите и вршењето на дејностите. (3) Претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика е должен во рок од три месеци од влегувањето во сила на одлуката од член 48 став (1) од овој закон, да достави до Регулаторната комисија за енергетика доказ дека акциите или уделите се продадени, односно дека се				

				повлекол од функциите и вршење на дејностите во правните лица кои се носители или барателина лиценца за вршење на енергетска дејност, односно во правните лица коишто вршат дејности поврзани со водни услуги и управување со комунален отпад. (4) До доставувањето на доказот од став (3) на овој член, претседателот или членот нема право да учествува во донесување на одлуките на Регулаторната комисија за енергетика коишто се однесувааат на лицата кои се носители или барателина лиценца за вршење на енергетска дејност, како правни лица коишто вршат дејности поврзани со водни услуги и управување со комунален отпад, на кои Регулаторната комисија за енергетика им определува цени согласно Законот за				

				утврдување на цени на водни услуги и Закон за управување со отпад. (5) Во случај на прекршувањето на обврската од став (2) на овој член, од страна на вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика одлучува во согласност со етичкиот кодекс од член 51 став (3) од овој закон или кога прекршувањето на обврската не е опфатено со етичкиот кодекс постапува согласно закон. (6) Во период од две години од денот на престанок на мандатот, претседателот или членот на Регулаторната комисија за енергетика не може да се стекне со акции или удели, да заснова работен однос или да биде				

				член во органите на управување и надзор во правно лице од став (1) на овој член, како и во лице кое согласно прописите со кои се уредуваат трговските друштва има влијание врз правното лице од став (1) на овој член. (7) Во случаите на очигледно прекршување на правилата за судир на интереси, односно изземање во ситуации во кои членот или претседателот знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за судир на интереси, односно изземање предвидени со закон, Регулаторната комисија за енергетика доставува предлог за разрешување до Собранието со образложение за прекршувањата или постапува согласно закон.				

Член 57 став 5 точка (е)	(е) членовите на одборот на регулаторното тело или, во отсуство на одбор, највисокото раководство на регулаторното тело може да бидат разрешени само врз основа на воспоставени транспарентни критериуми.	ПЗЕ	Член 49	(1) Функцијата на претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика му престанува со истекот на мандатот за кој е именуван. (2) Претседателот, односно членот на Регулаторната комисија за енергетика чиј мандат е истечен, ја врши функцијата до именувањето на нов претседател, односно член, но не подолго од една година, при што наредниот ден по истекот на последниот ден од продолженото вршење на функцијата, Регулаторната комисија за енергетика го известува Собранието за престанокот на вршењето на функцијата. Собранието по добиеното известување на првата наредна седница на Собранието го констатира престанокот на мандатот. (3) На претседателот или членот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува	Потполно усогласен			

				вршењето на функцијата пред истекот на мандатот, ако: 1. поднесе оставка до Собранието; 2. кај него настане трајна или привремена неспособност за непречено извршување на функцијата подолго од шест месеци, или во случај на смрт; 3. со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор за сторено кривично дело во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци; 4. не достави доказ дека во определениот рок дека е исполнета обврската од член 49 став (2) од овој закон или 5. се стекне со услови за остварување на право на пензија. (4) Регулаторната комисија за енергетика го известува				

				Собранието во рок од осум дена од дознавањето за исполнетост на условот од став (3) точки 2, 3 и 4 од овој член, а најдоцна 90 дена пред исполнувањето на условот од став (3) точка 5) од овој член. (5) По добивањето на известувањето од став (4) на овој член, Собранието донесува одлука за престанок на функцијата на претседателот или членот на Регулаторната комисија за енергетика. (6) Претседателот или член на Регулаторната комисија за енергетика може да биде разрешен од вршењето на функција на која е именуван пред истекот на мандатот ако: 1. несовесно и нестручно ја врши функцијата; 2. извршил повреда на обврските за непристрасност и независност; 3. ја злоупотребил функцијата или				

				4. на друг начин работел спротивно на законот. (7) Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека е исполнет некој од основите од став (6) на овој член, доставува до Собранието предлог за отпочнување на постапка за донесување на одлука за разрешување од функцијата пред истекувањето на мандатот на претседателот или членот. (8) Во рок од 60 дена од донесувањето на одлука за престанок на функцијата или разрешување од функцијата од ставовите (5) и (7) на овој член, Комисијата за прашања на изборите и именувањата му доставува предлог на Собранието за именување на нов претседател или член на Регулаторната комисија за енергетика.				

Член 57 потстав 5.1	Во однос на точката (г) од првиот потстав, земјите членки обезбедуваат соодветен систем на ротација во одборот или највисокото раководство. Членовите на одборот или, во отсуство на одбор, членовите на највисокото раководство можат да ја изгубат функцијата за време на нивниот мандат само ако повеќе не ги исполнуваат условите утврдени во овој член или биле виновни за несовесно однесување според националното законодавство.	ПЗЕ	Член 49 став (6)	(6) Претседателот или член на Регулаторната комисија за енергетика може да биде разрешен од вршењето на функција на која е именуван пред истекот на мандатот ако: 1. несовесно и нестручно ја врши функцијата; 2. извршил повреда на обврските за непристрасност и независност; 3. ја злоупотребил функцијата или 4. на друг начин работел спротивно на законот.	Потполно усогласен			
Член 57 став 6	6. Земјите членки можат да обезбедат екс пост контрола на годишните сметки на регулаторните тела од страна на независен ревизор.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската Комисија.

Член 57 став 7	7. До 5 јули 2022 година и потоа на секои четири години, Комисијата доставува извештај до Европскиот парламент и Советот за усогласеноста на националните органи со начелото на независност утврдено во овој член.				Не е релевантно за РСМ			Оваа одредба се однесува на работата на Европската Комисија.
Член 58 став 1	При извршувањето на регулаторните задачи наведени во оваа директива, регулаторното тело ги презема сите разумни мерки за следење на следниве цели во рамки на своите должности и овластувања утврдени во член 59, во тесна консултација со други релевантни национални органи, вклучувајќи ги и органите надлежни за конкуренција, како и органи, вклучувајќи и регулаторни тела, од соседните земји членки и соседните трети земји, каде што тоа е соодветно, а без тоа да биде во спротивност со неговите надлежности:	ПЗЕ	Член 53 став (2)	(2) Заради остварување на целите од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика: 1. соработува со надлежните државни органи, единиците на локалната самоуправа, вршителите на енергетски дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите на енергија и со други организации и институции, вклучително и со институциите на Договорот за енергетската заедница и Европската Унија и 2. иницира и предлага донесување на нови и изменување на	Потполно усогласен			

				постојните закони и други прописи од областа на енергетиката.				
Член 58 став 1 точка (а)	(а) промовирање на, конкурентен, флексибилен, безбеден и еколошки одржлив внатрешен пазар на електрична енергија во рамки на Унијата, во тесна соработка со регулаторните тела на другите земји членки, Комисијата и АЦЕР, како и ефективно отворање на пазарот за сите купувачи и снабдувачи во Унијата и обезбедување соодветни услови за ефикасно и сигурно работење на електричните мрежи, земајќи ги предвид долгорочните цели;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 1	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 1. конкурентни, сигурни и одржливи пазари на енергија во Република Северна Македонија и нивно вклучување во регионалните и меѓународните пазари на енергија;	Потполно усогласен			

Член 58 став 1 точка (б)	(б) развој на конкурентни и правилно функционирачки регионални прекугранични пазари во рамки на Унијата со цел да се постигнат целите наведени во точка (а);	ПЗЕ	Член 53 став 1 точка 1	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: конкурентни, сигурни и одржливи пазари на енергија во Република Северна Македонија и нивно вклучување во регионалните и меѓународните пазари на енергија;	Потполно усогласен			
Член 58 став 1 точка (в)	(в) елиминирање на ограничувањата за трговија со електрична енергија помеѓу земјите членки, вклучително и развој на соодветни прекугранични преносни капацитети за задоволување на побарувачката и зајакнување на интеграцијата на националните пазари што може да го олесни протокот на електрична енергија низ Унијата;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 3	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 3. отстранување на ограничувањата во трговијата со електрична енергија и гас, вклучително и обезбедување на соодветни прекугранични преносни капацитети за покривање на побарувачката и	Потполно усогласен			

				олеснување на тековите на електрична енергија и гас во Енергетската заедница и Европската Унија;				
Член 58 став 1 точка (г)	(г) помош да се постигне, на најефикасен начин, развој на безбедни, сигурни и ефикасни недискриминаторни системи ориентирани кон потрошувачите и промовирање на адекватност на системот и, во согласност со целите на општата енергетска политика, енергетска ефикасност, интеграција на производството на електрична енергија за големопродажба и малопродажба од обновливи извори и дистрибуирано производство во мрежите за пренос и дистрибуција, како и олеснување на нивното работење во однос на другите енергетски мрежи за гас и топлина;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 4, 5 и 6	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 4. развој на сигурни, доверливи, конкурентни и ефикасни енергетски системи ориентирани кон корисниците; 5. зајакнување на функциите на пазарите во обезбедување на сигурно и одржливо снабдување со енергија; 6. оптимизирање на употребата на електричната енергија и гасот од страна на операторите на енергетските системи заради	Потполно усогласен			

				унапредување на енергетската ефикасност;				
Член 58 став 1 точка (д)	(д) олеснување на пристапот до мрежата за новите капацитети за производство и постројките за складирање енергија, а особено отстранување на бариерите што можат да спречат пристап за новите учесници на пазарот и електрична енергија од обновливи извори;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 7	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 7. олеснување на пристапот за нови корисници на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и гас и на системот за дистрибуција на топлинска енегија, како и учесниците на пазарите на енергија, особено за производителите на електрична енергија од обновливи извори на енергија и складиштата за енергија;	Потполно усогласен			

Член 58 став 1 точка (ѓ)	(ѓ) осигурување дека на операторите на системот и на корисниците на системот им се даваат соодветни стимулации, на краток и долг рок, за зголемување на ефикасноста, а особено енергетската ефикасност, во перформансите на системот и поттикнување на интеграција на пазарот;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 8	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 8. зголемување на ефикасноста на системите и забрзување на интеграцијата на пазарите преку краткорочни и долгорочи поттикнувачки мерки за операторите и корисниците на системите за пренос и дистрибуција,	Потполно усогласен			

Член 58 став 1 точка (е)	(е) осигурување дека корисниците имаат корист од ефикасно функционирање на нивниот национален пазар, промовирање на ефективна конкуренција и помош при обезбедување на високо ниво на заштита на потрошувачите, во тесна соработка со релевантните органи за заштита на потрошувачите;	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 9	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 9. заштита и унапредување на правата на потрошувачите и достигнување на високи стандарди во исполнување на обврската на јавната и/или универзалната услуга во снабдувањето со електрична енергија, гас и топлинска енергија,	Потполно усогласен			
Член 58 став 1 точка (ж)	(ж) помагање да се постигнат високи стандарди за универзалната услуга и јавни услуги во снабдувањето со електрична енергија, придонесувајќи за заштита на ранливите купувачи и придонесувајќи за компатибилност на потребните процеси за размена на податоци за префрлање на клиентите.	ПЗЕ	Член 53 став (1) точка 10	(1) Преку вршењето на својата надлежност утврдена со овој закон и друг закон, а имајќи ги предвид целите на енергетската политика, Регулаторната комисија за енергетика овозможува: 10. постигнување на високи стандарди во обезбедувањето на јавната и универзалната услуга во	Потполно усогласен			

				снабдувањето со енергија, особено во однос на заштитата и унапредувањето на правата на ранливите потрошувачи и обезбедувањето на потребните информации за потрошувачите, особено за постапката за промена на снабдувач со електрична енергија или гас и.				
Член 59 став 1 (а)	1. Регулаторното тело ги има следниве должности: (а) одредување или одобрување, во согласност со транспарентни критериуми, на тарифите за пренос или дистрибуција или нивните методологии, или обете	ПЗЕ	Член 54 став (1) точка 1 потточка 1.20.	(1) Заради остварување на својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика: 1. Донесува: 1.20. одлуки за цени и тарифи за регулирани енергетски дејности и одлуки за највисоките продажни цени на нафтените деривати и на горивата за транспорт,	Потполно усогласен			

Член 59 став 1 (б)	(б) обезбедување усогласеност на операторите на системите за пренос и операторите на дистрибутивните системи и, доколку тоа е соодветно, на сопствениците на системот, како и усогласеност на сите електроенергетски претпријатија и другите учесници на пазарот, со нивните обврски согласно со оваа директива, Регулативата (ЕУ) 2019/943, мрежните правила и упатствата донесени во согласност со членовите 59, 60 и 61 од Регулативата (ЕУ) 2019/943 и други релевантни закони на Унијата, вклучувајќи ги и прекуграничните прашања, како и одлуките на АЦЕР;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 25	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 25. спроведувањето на програмите за усогласување на операторите на соодветните енергетски системи, со цел да се обезбеди недискриминација, транспарентност и објективност во функционирањето на пазарите на енергија,	Потполно усогласен			
Член 59 став 1 (в)	(в) во тесна координација со другите регулаторни тела, обезбедувајќи усогласеност на ЕНТСО за електрична енергија и телото на ЕУ за ОДС со нивните обврски согласно со оваа директива, Регулативата (ЕУ) 2019/943, мрежните правила и упатства донесени во согласност со членовите 59, 60 и 61 од Регулативата (ЕУ) 2019/943 и други релевантни закони на Унијата,				Не е релевантно за РСМ			Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија

	вклучувајќи ги и прекугранични прашања, како и одлуките на АЦЕР и заедничко идентификување на неусогласеностите на ЕНТСО за електрична енергија и телото на ЕУ за ОДС со нивните соодветни обврски; кога регулаторните тела не се во можност да постигнат договор во рок од четири месеци по отпочнувањето на консултациите за заедничко идентификување на неусогласеностите, предметот се доставува до АЦЕР за одлучување, согласно со член 6(10) од Регулативата (ЕУ) 2019/942							
Член 59 став 1 точка (г)	(г) одобрување на производи и процесот на набавка на нефреквентни помошни услуги;	ПЗЕ	Член 147 став (6) и	(6) Операторот на електропреносниот систем преку транспарентен процес со учество на корисниците на системот, операторите на електродистрибутивните системи и давателите на услуги утврдува листа на спецификации за системските услуги кои се набавуваат на пазарот, претходно одобрена од Регулаторната комисија за енергетика и ја објавува на својата веб страница.	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

			Член 164 став (1) точка 17	Според спецификациите, операторот на електропреносниот систем како составен дел на правилата за пазар на балансна енергија дефинира стандардизирани пакети од услуги, за секоја категорија на системски услуги и за сите квалификувани учесници на пазарот, вклучувајќи ги и оние кои нудат енергија или услуги од став (7) на овој член. (1) Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен: 17. да набави системски услуги и електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин во согласност		на енергетиката		

				со правилата за набавка на електрична енергија, коишто ги изготвува и донесува по претходно одбрување од Регулаторната комисија за енергетика,				
Член 59 став 1 (д)	(д) спроведување на мрежните правила и упатства донесени во согласност со членовите 59, 60 и 61 од Регулативата (ЕУ) 2019/943 преку национални мерки или, доколку тоа е потребно, координирани регионални мерки или мерки за целата Унија;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 3	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 3. примената на правилата и условите или методологиите кои согласно овој закон вршителите на енергетски дејности ги применуваат непосредно или по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика;	Потполно усогласен			

Член 59 став 1 (ѓ)	(ѓ) соработка во однос на прекуграничните прашања со регулаторното тело или тела на засегнатите земји членки и со АЦЕР, особено преку учество во работата на Одборот на регулатори на ACER согласно со член 21 од Регулативата (ЕУ) 2019/942;	ПЗЕ	Член 60 ставови (1) и (2)	(1) Регулаторната комисија за енергетика ги следи активностите во однос на координираната пресметка и доделување на прекуграничните капацитети и координираното управување со електропреносните системи, ги извршува сите одлуки на ECRB и ACER и соработува со надлежните регулаторни тела од регионот на координирана пресметка на капацитети или регионот на координирано управување со електропреносниот систем, согласно ратификуваните меѓународни договори. (2) При остварување на обврските од став (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува : 1. годишни извештаи до ECRB и ACER за напредокот во исполнувањето на обврските од став (1) на овој член, 2. врз основа на податоци доставени од операторот на електропреносниот систем,	Потполно усогласен			

				годишни извештаи до ECRB за висината на приходите од загушувањата и нивната намена, 3. врз основа на препорака од ECRB или ACER, оценка на потребата и иницијатива за ревизија на конфигурацијата на зоната на наддавање, 4. следење на ефикасното остварување на функцијата на NEMO како оператор на пазарно спојување во согласност со соодветните правила и прописи, 5. по барање од ECRB или ACER, или по сопствена иницијатива, ревизија на структурата на долгорочните права на преносен капацитет, и 6. нотификација на секоја одделна одлука за изземање од учеството во координираната размена на услуги за балансирање до операторот на електропреносниот систем, ECRB и Секретаријатот на енергетската заедница, одржување и ажурирање на листа на таквите изземања и редовно				

				известување на ECRB на секои шест месеци.				
Член 59 став 1 (е)	(е) почитување и спроведување на сите релевантни законски обврзувачки одлуки на Комисијата и на АЦЕР;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 32	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 32.ја следи работата на координацијата на системот и годишно известува до ECRB / ACER	Потполно усогласен			
Член 59 став 1 (ж)	(ж) осигурување дека операторите на преносните системи ги стават на располагање капацитетите на интерконекторот во најголема можна мера во согласност со член 16 од Регулативата (ЕУ) 2019/943	ПЗЕ	Член 58 став (2) точка 3	(2) Регулаторната комисија за енергетика, во соработка со со Министерството , ја поттикнува и олеснува соработката на операторите на системи за пренос и операторите на пазарите на електрична енергија и гас и НЕМО во рамки на Енергетската заедница, а особено во однос на:	Потполно усогласен			

				3. овозможување на највисоко можно ниво на интерконективен капацитет, вклучувајќи нови интерконективни водови, со договорните страни на Енергетската заедница и државите-членки на Европската Унија;				
Член 59 став 1 (з)	(з) годишно известување за своите активности и исполнување на должностите до релевантните органи на земјите членки, Комисијата и АЦЕР, вклучувајќи ги и преземените чекори и добиените резултати во однос на секоја од задачите наведени во овој член;	ПЗЕ	Член 72	(1) Секоја година, најдоцна до 30 април, Регулаторната комисија за енергетика до Собранието доставува годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи информации за активностите во врска со остварување на надлежноста во согласност со овој и друг закон и за материјално-финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика. (2) Составен дел на годишниот извештај од став (1) на овој член е извештајот за состојбите и функционирањето на пазарите на енергија во Република Северна	Потполно усогласен			

				Македонија од член 55 став (4) од овој закон. (3) Регулаторната комисија за енергетика годишниот извештај од став (1) на овој член: 1. го објавува на својата веб страница, како и резимето од годишниот извештај, 2. во рок од 30 дена од објавувањето го доставува до Секретаријатот на нергетската заедница, и 3. го доставува до Владата и Министерството заради нивно информирање. (4) На барање на Владата или министерот, Регулаторната комисија за енергетика навремено доставува и други извештаи и информации од делокругот на својата работа што се од значење за извршување на работите на Владата и Министерството, уредени со овој закон.				

Член 59 став 1 (s)	(s) осигурување дека не постои вкрстено субвенционирање помеѓу активностите за пренос, дистрибуција и снабдување или други активности поврзани или неповрзани со електричната енергија;	ПЗЕ	Член 5	(1) Заради оневозможување на дискриминаторно однесување, вкрстено субвенционирање и нарушување на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или врши една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност или врши една или повеќе нерегулирани енергетски дејности и друга дејност, тоа друштво е должно да: 1. води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши; 2. води одвоено сметководство за нерегулираните енергетски дејности и другите дејности што ги врши; и 3. изготвува посебни финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, ако во согласност со овој закон му е	Потполно усогласен			

				доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно прописите за државна помош. (2) Друштвото од став (1) на овој член, е должно во своето седиште да чува копија од документите од став (1) на овој член и да ги направи достапни за увид на Регулаторната комисија за енергетика. (3) Покрај обврските наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да изготви ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи се изготвуваат во согласност со прописите и правилата за				

				финансиско известување и ревизија. (4) Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска на друштвата кои вршат регулирани енергетски дејности да водат, објавуваат и поднесуваат други извештаи, сметки и евиденции и да ја пропише нивната форма и содржина.				
Член 59 став 1 (и)	(и) следење на плановите за инвестиции на операторите на системи за пренос и обезбедување во својот годишен извештај на проценка за инвестициските планови на операторите на системи за пренос во однос на нивната конзистентност со планот за развој на мрежата на целата Унија; таквата проценка може да вклучува препораки за изменување и дополнување на таквите инвестициски планови;	ПЗЕ	Член 54 став (1) Точка 2 Потточка 2.13	(1) Заради остварување на својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика: 2. Одобрува: 2.13. десетгодишните планови за развој на системите за пренос на електрична енергија и гас.	Потполно усогласен			

			Член 55 став (2) точка 4	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 4. реализацијата на плановите за развој на преносните и дистрибутивните системи за енергија и по потреба бара или препорачува да се изврши промена на овие планови.				
			Член 150 Став (4), (5)- и (6)	(4) По добиеното мислење од став (3) на овој член, операторот на електропреносниот систем, до 31октомври, го доставува усогласениот план на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. (5) По доставувањето на усогласениот план од став (4) на				

				овој член, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 30 дена: 1. проверува дали во планот се земени предвид барањата од став (2) на овој член и дали планот е усогласен со десетгодишниот план за развој на ENTSO-E и за таа цел може да изврши консултации со ACER, а по извршената проверка и спроведените консултации може да побара операторот на електропреносниот систем да го дополни или прилагоди планот, и 2. спроведува јавни консултации со постојните корисници на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и операторите на електродистрибутивните системи, како и потенцијалните корисници кои треба да ги образложат своите барања за приклучување, а резултатите од консултациите заедно со заклучокот за потребните инвестиции ги доставува до операторот на електропреносниот систем и ги објавува на својата веб страница.				

				(6) По спроведување на дејствијата од став (5) на овој член, операторот на електропреносниот систем, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, го донесува планот и го објавува на својата веб страница.				
Член 59 став 1 (j)	(j) следење и проценка на перформансите на операторите на системите за пренос и операторите на дистрибутивните системи во врска со развојот на паметна мрежа што промовира енергетска ефикасност и интеграција на енергијата од обновливи извори, врз основа на ограничен сет на индикатори и објавува национален извештај на секои две години, вклучувајќи препораки	ПЗЕ	Член 151 став (1)	(1)Регулаторната комисија за енергетика ја следи и оценува реализацијата на мерките и проектите од планот од членот 150 од овој закон и ако утврди дека операторот на електропреносниот систем, во рок од три години, не успеал да ги реализира инвестициите предвидени во планот, кои се дел и од тековниот план, освен во случај на виша сила, презема најмалку една од следниве мерки: (1) 1.донесува одлука со која му наложува на операторот на електропреносниот систем	Потполно усогласен			

				самостојно да ги реализира инвестициите; 2. донесува одлука со која го задолжува операторот на електропреносниот систем да организира тендерска постапка за реализација на инвестициите отворена за секоја заинтересирана страна.				
Член 59 став 1 (к)	(к) поставување или одобрување на стандарди и барања за квалитет на услугата и квалитет на снабдувањето или придонес кон истото заедно со другите надлежни органи, како и следење на усогласеноста со досегашните перформанси на правилата за безбедност и сигурност на мрежата и нивно прегледување;	ПЗЕ	Член 264	(1) Регулаторната комисија за енергетика донесува Правилник за следење на техничките и деловните показатели и за регулирање на квалитетот на испораката и снабдувањето со електрична енергија со кој што се уредуваат: 1. индикаторите за техничкиот и комерцијалниот квалитет на испораката и комерцијалниот квалитет на снабдувањето со електрична енергија, 2. начинот на утврдување на потребните вредности на одредени индикатори	Делумно усогласен	Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката	во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон	

				3. начинот на евидентирање на податоците и пресметката на индикаторите, 4. начинот и роковите за доставување на податоци и извештаи до Регулаторна комисија за енергетика, и 5. висината на надоместокот кој што му се исплатува на крајниот потрошувач врз основа на утврдениот степен на отстапување од пропишаниот квалитет. (2) Регулаторната комисија за енергетика ги зема во предвид остварените вредности на индикаторите за квалитетот на испорака на електрична енергија при одобрување на плановите за развој и потребните средства за инвестиции на соодветните мрежни оператори. (3) Во прописите и методологиите од член 54 став (1) од овој закон, се утврдува и начинот на утврдување на максималниот износ на стимулации, односно намалување на одобрениот максимален				

				приход, во зависност од насоката и степенот на отстапување од бараните вредности на индикаторите за квалитет на испорака.				
Член 59 став 1 (л)	(л) следење на нивото на транспарентност, вклучувајќи ги големопродажните цени и обезбедување усогласеност на електроенергетските претпријатија со обврските за транспарентност;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 14	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 14. нивото на транспарентност на цени за електрична енергија и гас на соодветните пазари, финансискиот и реалниот обем на планираните и реализираните трансакции од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија како и трговците и снабдувачите со енергија,	Потполно усогласен			

Член 59 став 1 (љ)	(љ) следење на нивото и ефективноста на отворањето на пазарот и конкуренцијата на големопродажно и малопродажно ниво, вклучувајќи ги берзите за електрична енергија, цените за домаќинствата, вклучувајќи ги системите за претплата, влијанието на договорите со динамична цена на електричната енергија и употребата на паметни системи за мерење, надоместот за префрлување, надоместот за исклучување, трошоците за услуги за одржување, извршување на услугите за одржување, односот помеѓу цените за домаќинствата и големопродажните цени, еволуцијата на мрежните тарифи, давачки и поплаки од домаќинствата, како и секое нарушување или ограничување на конкуренцијата, вклучувајќи обезбедување на сите релевантни информации и проследување на релевантните случаи до соодветните органи за конкуренција;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 2	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 2. функционирањето на пазарите на енергија со цел да се обезбеди нивно унапредување и сигурност во снабдувањето со енергија, вклучително и развојот на конкурентноста и степенот на отварање на пазарите на енергија на големо и мало.	Потполно усогласен			

Член 59 став 1 (м)	(м) следење на појавата на рестриктивни договорни практики, вклучувајќи и одредби за ексклузивност кои можат да ги спречат купувачите да склучуваат договори истовремено со повеќе снабдувачи или да го ограничат нивниот избор да го сторат тоа и, доколку тоа е соодветно, да ги информираат националните органи за конкуренција за ваквите практики;	ПЗЕ	Член 55 став (2) Точка 19	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 19. појавата на ограничувачки договорни обврски, вклучувајќи одредби за ексклузивност коишто оневозможуваат потрошувачите да склучуваат договори истовремено со повеќе снабдувачи со енергија или кои може да им го ограничат правото на изборот на снабдувач и за тоа да ја известува Комисијата за заштита на конкуренцијата,	Потполно усогласен			
Член 59 став 1 (н)	(н) следење на времето што им е потребно на операторите на системите за пренос и операторите на дистрибутивните системи за да ги реализираат приклучоците и поправките;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 10	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 10. времето што им е потребно на операторите на системите за	Потполно усогласен			

				пренос и дистрибуција за приклучување на нови корисници и за отстранување на дефекти,				
Член 59 став 1 (њ)	(њ) помош при обезбедување, заедно со другите релевантни органи, дека мерките за заштита на потрошувачите се ефективни и спроведени;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 20	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 20. спроведувањето на мерките за заштита на правата на потрошувачите од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција, како и снабдувачите, особено во однос на: 20.1. правата на потрошувачите да добијат податоци за сопствената потрошувачка, начин на пресметка на испорачаната енергија и	Потполно усогласен			

				елементи на сметката за испорачаната енергија, 20.2. добивање на целосни и разбирливи информации во поглед на цените и тарифите што се во примена на цените на енергија за домаќинствата, 20.3. начините на плаќање на сметките за потрошена енергија, 20.4. известување на потрошувачите за последиците од нефункционирањето на системите за пренос и дистрибуција на енергија поради вршење реконструкција или санација по настаната хаварија, 20.5. исклучувањата на корисниците од системите, 20.6. надоместоците за поправки и одржување на мрежите, 20.7 постапувањата по приговорите и претставките доставени од потрошувачите и				

				20.8. обезбедување на информации за потрошувачите што се однесуваат на нивните права на договори за снабдување со електрична енергија со динамична цена, договори за агрегирање и инсталирање на паметни мерни уреди,				
			Член 10 став (8)	(8) Народниот правобранител на Република Северна Македонија ги штити правата и интересите на потрошувачите на електрична енергија, гас и топлинска енергија на начин и во постапка утврдена со закон.				
Член 59 став 1 (о)	(о) објавување препораки, барем на годишно ниво, во однос на усогласеноста на цените за снабдување со член 5 и обезбедување на таквите препораки до органите за конкуренција, каде што тоа е соодветно;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 22	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи:	Потполно усогласен			

				22. усогласеноста на цените за снабдување со електрична енергија со барањата од член 6 од овој закон,				
Член 59 став 1 (п)	(п) обезбедување недискриминаторен пристап до податоците за потрошувачката на купувачите, обезбедување на, за незадолжителна употреба, лесно разбирлив усогласен формат на национално ниво за податоци за потрошувачката и брз пристап за сите купувачи до тие податоци согласно со членовите 23 и 24;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 20 Потточка 20.1. и	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 20. спроведувањето на мерките за заштита на правата на потрошувачите од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција, како и снабдувачите, особено во однос на: 20.1. правата на потрошувачите да добијат податоци за сопствената потрошувачка, начин на пресметка на испорачаната енергија и	Потполно усогласен			

			Член 190 став (5)	елементи на сметката за испорачаната енергија. (5) Операторот на електроенергетскиот систем е должен без надоместок на крајниот потрошувач да му обезбеди пристап до податоците од став (2) на овој член или по негово барање да ги стави на располагање на трето лице.				
Член 59 став 1 (р)	(р) следење на спроведувањето на правилата во однос на улогите и одговорностите на операторите на системите за пренос, операторите на дистрибутивните системи, снабдувачите, купувачите и другите учесници на пазарот во согласност со Регулативата (ЕУ) 2019/943;	ПЗЕ	Член 55 став (2) точка 1	(2) Заради ефикасно остварување на надлежноста од став (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика особено ги следи: 1. исполнувањето на законски утврдените обврски на вршителите на регулирани енергетски дејности коишто се однесуваат на обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, гас и топлинска енергија,	Потполно усогласен			

